**Универзитет „Св. Кирил и Методиј”- Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

Тема:

**„Компаративна анализа на Северноатлантската алијанса и Договорната организација за колективна безбедност - конфликтни и неконфликтни интереси”**

**Ментор:**

Проф. д-р Рина Киркова

**Кандидат:**

Бојан Миклош

бр. на индекс 5118/18

**Скопје, април, 2020 година**

*Посветено на моето семејство*

*за поддршката, советите и мотивацијата!*

*Ви благодарам!*

## Апстракт

Во период кога военополитичките сојузи имаат значително влијание во креирањето на системот на меѓународни односи, исклучително тешко е да се разјаснат или да се прогнозираат политичките постапки на самите земји. На патот кон остварување и одржување на светскиот мир, воените сојузи и нивните најголеми држави-членки, често меѓусебно се обвинуваат за провлекување на сопствени агенди под префиксот на светскиот мир. НАТО како најсилна воена алијанса на денешницата и најгласен застапник на светскиот мир, од самото негово основање е присутен со своите активности во главните безбедносни жаришта во светот. Договорната организација за колективна безбедност[1] следејќи ги насоките од Русија ги задржува поранешните советски републики во блиска врска и се смета за одговорен гарант за безбедноста во регионот. Токму поради тоа, Централна Азија претставува исклучително трусно подрачје од аспект на безбедноста и е еден од регионите во кои се прекршуваат интересите на НАТО и на ДОКБ. Тоа не е само поради фактот што нејзината геостратешка положба се наоѓа помеѓу Средниот Исток, традиционално интересен по прашање на ресурси и радикален исламизам и помеѓу Далечниот Исток - регион кој безмалку го диктира патот на светската економија, туку и поради нејзиниот богат културален и етнички диверзитет и неизбежните врски на државите во регионот со Русија.

Согледувањето на интересите на двете организации и каде тие се разединуваат, како и нивниот однос со самите држави- членки во регионот даваат конкретна основа за прогнозирање на идните случувања и патот на креирање на системот на меѓународни односи.



**Клучни зборови:** Централна Азија, регионална безбедност, интереси, билатерални договори.


[1]ДОКБ– Договорната организација за колективна безбедност (CSTO – Collective Security Treaty Organization)

## Abstract

In a period when the military and political alliances have substinantial influence in the creation of the system of international relations, it is especially hard to clearen or to prognose the political moves of the countries themselves. On the road of attaining and keeping the world peace, the military alliances and their biggest member countries, often accuse eachother of trying to pass their own agendas under the prefix of the world peace. NATO as a strongest military alliance of today and the loudest advocate of the world peace, from it's very establishment, with it's activities is present in the main security hotspots in the world. The Collective Security Treaty Organization while following the directions from Russia is keeping the former soviet states in a close relationship, and it is considered as the main garant of the security in the region. This is why Central Asia represents extremly poised area from the aspect of the security, and it is one of the regions in which the interests of NATO and CSTO collide. This is not only because the fact that Central Asia's geostrategic position is between the Middle East tratidionaly interesting for iths resources and radical islamism; and between the Far East - region which almost dictates the path of the world economy; but also because for its rich cultural and ethnical diversity and the inevitable relations of the region countries with Russia.

Perceiving the interests of the two organizations and seeing where they part, as well as their relationship with the very states in the region give a concrete basis for prognosing the future happenings and the path of creation of the system of international affairs.

**Key words:** Central Asia, regional security, interests, bilateral agreements.

# Содржина


Вовед ....... 8

1 Настанувањето на организациите ....... 14

1.1 Историскиот контекст на создавањето на НАТО ....... 14

1.2 Историскиот контекст за создавањето на Организацијата на Договорот за колективна безбедност ....... 18

1.2.1 Договорната организација за колективна безбедност ....... 23

2 Анализа на основачките акти на НАТО и ДОКБ ....... 27

2.1 Анализа на Северноатлантскиот договор ....... 27

2.2 Анализа на Договорот за колективна безбедност ....... 32

3 Ангажманите на НАТО и ДОКБ во меѓународните односи ....... 41

3.1 Ангажманите на НАТО во меѓународните односи ....... 41

3.1.1 СССР во Авганистан ....... 42

3.1.2 Војните по падот на комунизмот ....... 45

3.1.3 Проширување на НАТО ....... 48

3.1.4 Нападот на Светскиот трговски центар ....... 50

3.1.5 ИСАФ во Авганистан ....... 50

3.2 Ангажманите на ДОКБ и ШОС во меѓународните односи ....... 53

3.2.1 Безбедносен контекст на Централна Азија ....... 54

3.2.2 Казахстан ....... 55

3.2.3 Узбекистан ....... 56

3.2.4 Киргистан ....... 56

3.2.5 Таџикистан ....... 57

3.2.6 Туркменистан ....... 58

3.2.7 ДОКБ и ШОС во Централна Азија ....... 60

4 Односите помеѓу НАТО и ДОКБ ....... 64

4.1 НАТО, ДОКБ и ШОС по однос на состојбата на Авганистан ........ 64
4.2 Отвореноста на Русија за соработка со НАТО ........ 65
4.3 НАТО и земјитечленки на ДОКБ ........ 68
4.3.1 Русија и НАТО ........ 68
4.3.2 Казахстан и НАТО ........ 72
4.3.3 Киргистан и НАТО ........ 75
4.3.4 Узбекистан и НАТО ........ 78
4.3.5 Таџикистан и НАТО ........ 81
4.3.6 Белорусија и НАТО ........ 83
4.3.7 Ерменија и НАТО ........ 85
4.4 Соработка помеѓу ДОКБ и ШОС ........ 87
4.4.1 Придобивки на земјите на Централна Азија од присуството на НАТО во регионот ........ 89
5 Комплексноста на меѓународните односи и релаци на централноазискиот простор 92
5.1 Функционирањето на ШОС ........ 93
5.2 Интересот на Кина во однос на ШОС ........ 94
5.3 Можност за соработка помеѓу НАТО и ДОКБ ........ 95
5.4 Проширувањето на НАТО и ДОКБ ........ 96
5.5 Ситуацијата со Авганистан ........ 98
5.6 Централноазиските земји и НАТО ........ 98
Заклучок ........ 101
Користена литература ........ 105

*„Посткомунистичка Русија се најде во границите во коишто никогаш во текот на историјата не била. Исто како и Европа, таа поголемиот дел од својата енергија ќе мора да ја посвети на редефинирањето на сопствениот идентитет. Дали ќе се труди повторно да го фати ритамот со кој се движела во текот на целата своја историја и да ја обнови изгубената империја? Дали тежиштето на својата гравитација ќе го насочи накај Исток и поактивно ќе се вклучи во азиската дипломатија? На основа на кои принципи и методи ќе реагира на бурните промени по должината на своите граници, посебно во променливите услови на Средниот Исток? Земајќи ги предвид неизбежните потреси кои тие прашања ги влечат со себе, Русија секогаш ќе претставува не само важен фактортуку и потенцијална опасност за светскиот поредок“*[2]

\- *Хенри Кисинџер*

[2]Kissinger, Henry. *Diplomacy*. Translated by Mira Gligorijevic and Vera Gligorijevic. Belgrade: ENERGIJA KNJIGE, 1999.

# Вовед

Историјата бележи бројни примери за склучување билатерални и мултилатерални договори за соработка, воени алијанси, сојузи и пактови помеѓу државите. Ваквите договори во голема мера се склучувани со цел договорните страни да остварат одредени заеднички придобивки кои ќе ја окарактеризираат умешноста и тежината на политиката која ја води одредена земја или сојуз. Еклатантен пример за создавање алијанси, односно сојузи, преку мултилатерални договори претставува периодот по завршувањето на Втората светска војна. Крајот на Втората светска војна освен што значеше почеток на реформите во економиите на европските, но и на воневропските земји, значеше и почеток на период во кој се поставија цврсти основи за зајакнување на врските помеѓу државите и оформувањето нови сојузи. Иако Западните сили на победничката страна евидентно утврдија дека Германија нема повеќе шанси да нападне, препознаа нов противник во тогашниот Сојуз на Советски Социјалистички Републики, па во самата мугра на „новата ера“ се роди и Северноатлантскиот Договор (НАТО), како воено- политички сојуз на силите на Западот. Негова цел беше: „одвраќање на советскиот експанзионизам, забрана на раѓањето на национален милитаризам во Европа низ силна северноамериканска присутност на континентот и охрабрување на европската политичка интеграција“[3]. Создавањето и постоењето на НАТО во овој период беше оправдано со постоењето на СССР и нивната агресивна надворешна политика, а подоцна и со создавањето на Варшавскиот пакт. Оттогаш, па сè до денес меѓународната сцена забележа значителни флуктуации во меѓународните односи кои во голема мера постигнаа висок интензитет поради судирот на интереси помеѓу едните или другите, или поконкретно поради различните пристапи и методи во решавањето на предизвиците кои ги носеше времето.

Азиските држави кои ја добија својата независност со распаѓањето на СССР од аспект на надворешна политика, немаа особено истакнати светски аспирации, туку фокусот им беше во решавањето на територијалните и внатрешнодржавните проблеми кои настанаа со самиот распад. Она што во голема мера беше поттикнато од одржувањето на „советскиот дух“, а воедно оформи и плодна почва за понатамошна соработка, беше склучувањето договори за соработка и безбедност, со кои ја гарантираа сопствената, меѓусебната и регионалната безбедност. Во оваа насока се истакнуваат две организации – Договорната организација за колективна безбедност (Collective Security

[3]Nato. “A Short History of NATO.” NATO, n.d. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_139339.htm.

Treaty Organization) и Шангајската организација за соработка (Shanghai Cooperation Organization). Името на оваа организација на руски јазик е „Организация Договора о коллективной безопасности“, а преводот на англиски јазик е „Collective Security Treaty Organization“, што на македонски би се превело како „Организација на договорот за колективна безбедност, но во понатамошниот текст ќе биде употребуван терминот „Договорна организација за колективна безбедност“ и неговата соодветна кратенка – ДОКБ.

Особено интересно во врска со ДОКБ е фактот што во периодот по основањето на Организацијата, по својата структура на земји значително многу наликува на поранешниот СССР, со исклучок на одредени земји кои, или се во заладени односи со Русија (Украина, Грузија) или видно ги изразија своите прозападни аспирации (Литванија, Латвија, Естонија). Денес во Договорната организација за колективна безбедност членуваат: „Република Ерменија, Република Белорусија, Република Казахстан, Киргиската Република, Руската Федерација и Република Таџикистан[4], со тоа што во периодот 2001 - 2012 година, Узбекистан ја довеpуваше својата лојалност наизменично кон САД и Русија, за во 2012 година Владата на Узбекистан да донесе одлука да се суспендира членството во ДОКБ[5].

По поминати без малку дваесет години од создавањето на оваа организација, текот на настаните, нејзината улога и функционирање во Азија и на меѓународната сцена, дава основа за истражување на бројни прашања кои произлегуваат од функционирањето на оваа организација. Настаните како што се рушењето на власта и самата инвазија на Ирак, Арапската пролет која поттикна бројни протести и востанија, појавата на терористички организации и нивно дејствување на азискиот континент, формирањето на Интернационалните сили за поддршка на Авганистан и нивното дејствување во земјата и многу други во кои, помалку или повеќе, несомнено беа вклучени Соединетите Американски Држави, а во одредени случаи и самото НАТО, се само најкарактеристичната одлика на периодот од почетокот на дваесет и првиот век на азискиот континент. Иако меѓународната заедница беше многу свесна и повеќе од заинтересирана за овие клучни настани, особено интересно е да се истражува до кој степен Договорната организација за колективна безбедност и Шангајската организација

[4]“From the Treaty to the Organization.” Collective Security Treaty Organisation, n.d. https://en.odkb-csto.org/25years/.
[5]UzDaily. “Uzbekistan Suspends Its CSTO Membership.” UzDaily.uz, n.d. https://www.uzdaily.uz/en/post/19113.

за соработка беа вклучени во проактивното изнаоѓање на дел од решенијата за овие предизвици.

Факт е дека ДОКБ и Шангајската организација за соработка, не само што го имаат истото јадро на земји-членки и исти интереси како што е безбедноста на регионот и зајакнувањето на мирот, туку сето ова е официјализирано во документ познат како „Меморандум за разбирање помеѓу Секретаријатот на Договорната организација за колективна безбедност и Секретаријатот на Шангајската организација за соработка“[6].

Она што се истражува се односите помеѓу овие две организации, нивното влијание во Централна Азија, како и аспирациите за проширување на своето членство, а воедно и на своето влијание. Кога на ова ќе се додаде и економската димензија која фигурира во односите и интересите на земјите-членки на овие организации преку функционирањето на Евроазиската Унија во која членуваат Русија, Ерменија, Казахстан и Киргистан, како и Кинеската банка за развој чија дејност е тесно поврзана со „стратегијата за национален развој и интересите на народот“[7] на Кина, може да се заклучи дека сите овие компоненти придонесуваат до појаснување на моменталната слика на меѓународните односи особено на азиското копно. Она што ова истражување се стреми да го проучи е пронаоѓање на: сличностите, разликите, интересите и можностите, соработка или конфликт помеѓу Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) и Договорна организација за колективна безбедност (ДОКБ), вклучително и Шангајската организација за соработка (ШОС).

Компаративна анализа на Организацијата на Северноатлантскиот договор- НАТО и Договорната организација за колективна безбедност- ДОКБ, овозможува согледување на сличностите и разликите на овие организации, како и анализирање на нивните конфликтни и неконфликтни интереси на полето на меѓународните односи. Двете организации претставуваат меѓународни организации чии членови се независни и суверени држави. Со цел да се направи појасна слика за какви меѓународни организации станува збор, најнапред е анализиран историскиот контекст во кои тие настануваат. Дополнително, анализирани и компарирани се нивните основачки документи, кои помагаат во посеопфатното разбирање на членството, структурата и организациската поставеност, суштината на целите и задачите на организациите.

[6] Memorandum of understanding between the Secretariat of the Collective Security Treaty Organization and the Secretariat of the Shanghai organization of cooperation, n.d. http://cis-legislation.com/document.fwx?rgn=46847.
[7] China Development Bank_Our Mission, n.d. http://www.cdb.com.cn/English/qywh/khsm/.

Понатаму, истражувањето е насочено кон квантитативно и суштинско компарирање на заедничките и поединечните капацитети на секоја од организациите. Оваа компарација е од особена важност со цел да се појасни сликата во врска со воените капацитети на земјите- членки, особено оние кои доминираат во двете организации.

Со оглед на фактот дека двете организации кои се предмет на анализа имаат неколку децениска историја, анализиран е интензитетот на нивната употреба за решавање прашања од светски размер.

Главна цел на ова истражување е разбирањето на начинот на влијаење и однесување на двете организации на меѓународната сцена. Со оглед на фактот дека најголемите држави членки (САД и Русија) и во едната и во другата организација имаат заедничка историја особено во периодот на Студената војна, во која, впрочем, беа „лути“ соперници, а развојот на настаните на светско ниво, потребата од светските ресурси и решавањето на проблеми и кризи кои се од интерес на меѓународната заедница и светскиот мир, оформуваат комплексна основа обрабена со услови под кои треба овие организации да дејствуваат, да го остваруваат своето влијание и да ги застапуваат своите интереси. Токму оваа рамка која го диктира и го ограничува начинот на којшто НАТО и ДОКБ ќе продолжат да дејствуваат во иднина ќе биде ставена во фокусот на овој труд и ќе послужи за подобро разбирање на нивниот удел во меѓународните односи.

Ангажманот на НАТО е значително забележан во широк обем во настаните во светот, а воедно и неговото зајакнување по прашање на земји-членки, капацитети и политики е активност која е одржана во континуитет. Самото ова доведува до заклучокот дека станува збор за особено сериозен и моќен актер на полето на светската политика. Од друга страна, ДОКБ како сојуз на држави која во голема мера соодветствува со поранешниот Сојуз на Советски Социјалистички Републики по земјите-членки, кој во суштина претставувал основен мотив за создавањето на НАТО, а кој има цврсти релации со Шангајската организација за соработка, остава простор за сеопфатна анализирање на голем број на прашања што се однесуваат на релациите, состојбата и аспирациите на овие организации.

Анализата на односите помеѓу НАТО и ДОКБ потребно е да се разгледува на две нивоа, **макрониво** – соработка и однос на организациите, како и на **микрониво** – воспоставување на билатерални и трилатерални договори за соработка и партнерство. Она што е константа во случувањата во Централна Азија е присуството на НАТО во Авганистан, што е актуелен безбедносен предизвик од 2001 година и е неизбежен дел од стратегиските агенди на НАТО, ДОКБ и ШОС.

Иако централноазиските земји ги поврзува слична историја, редовната и официјална употреба на рускиот јазик, традиционалната соработка во рамките на СССР, сепак овие држави не се етнички и национално хомогени, што е појдовна основа за избувнување на проблеми во оваа насока. Националните малцинства во овој регион, после распадот на Советскиот сојуз, почнуваа полека, но сигурно, да ги изразуваат своите незадоволства бурно и без нималку дилема за посегнување по оружје. Несомнено, како отворен проблем во сиот овој регион стои и развојот на исламистичкиот екстремизам и сепаратизам, чие јадро може да се каже дека е во самиот Авганистан. Оваа безбедносна закана е главниот дебалансирачки фактор на безбедносната ситуација, но и извор на предизвиците поврзани со него, како што е шверцот на дрога, тргувањето со оружје и активностите на криминалните групи. Во врска со ова, секоја централноазиска земја без разлика дали е непосреден сосед на Авганистан или не, презема мерки на свое ниво да ги заштити своите граници и прави реални напори да го спречи одливот на овие „проблеми“ во рамките на своите граници.

Ваквата состојба дава отворена можност за нејзино анализирање од различни аспекти, особено согледување на релациите помеѓу организациите  и нивниот однос кон предизвиците во регионот, но во исто време и прогнозирање на најверојатните случувања во иднината. Односот и интересот на Кина спрема функционирањето на Шангајската организација за соработка ја објаснуваат нераскинливата врска помеѓу земјите од Централна Азија и Пекинг, што треба да се земе предвид во анализата на политичките потези кои се очекуваат во иднина, особено оние кои се заеднички интерес за Русија и Кина. Можностите за соработка помеѓу НАТО и ДОКБ, значително зависат од односите на НАТО и Русија и САД и Русија, што по анектирањето на Крим во 2014 година особено се намалија, а дополнително се заостри ја со прекршувањето на одредбите од Договорот за нуклеарни сили со среден дострел (Intermediate-range Nuclear Forces Treaty) од страна на Русија што впрочем сè уште претставува актуелен предизвик.

Можностите за проширување на НАТО и ДОКБ се неопходни со оглед на тоа дека во иднина ќе бидат неизбежни и за двете организации. Северноатлантската алијанса не би ја пропуштила која било прилика за проширување, со оглед на фактот дека од нејзиното основање до денес има забележано силна тенденција за проширување на своето членство. Договорната организација за колективна безбедност многу веројатно би инсистирала на подигнување на статусот на одредени земји од земјанабљудувач во земјакандидат за членство, но основниот предуслов кој треба да го исполни пред да се фокусира на проширување е прво да се осигура во стабилноста на централноазискиот

регион, што неизбежно се поврзува со состојбата во Авганистан и безбедносните предизвици кои се дел од неа.

Дали и колку е ДОКБ военополитички моќна организација во споредба со НАТО и дали овие две организации можат да се гледаат како најголеми и клучни светски воени сојузи? Дополнително, дали постои можност овие две организации да соработуваат, на кое ниво и со кој интензитет би била таа соработка? Дали нивните конфликтни интереси го трасираат патот на дејствување на самите организации, а со самото тоа и на системот на меѓународни односи?

Трудот одговара на овие прашања кои се излезени од анализата на постоењето, ангажманот и влијанието на Северноатлантската алијанса (НАТО) и Договорната организација за колективна безбедност (ДОКБ) на светската сцена и креирањето на системот на меѓународните односи. Тој исто така обезбедува јасни заклучоци кои не само што ги појаснуваат погледите на оваа проблематика, туку и ја потврдуваат главната хипотеза на овој труд:

**Конфликтните и неконфликтните интереси меѓу спротивставени меѓународни воено-политички организации ја одредуваат судбината на организацијата, но и на системот на меѓународни односи.**

# 1 Настанувањето на организациите

## 1.1 Историскиот контекст на создавањето на НАТО

Пред да се даде одговор во врска со мотивите за создавањето на НАТО и да се разбере неговото функционирање, мора да се согледа историскиот контекст на случувањата во светот во кој се раѓа идејата и се создава Северноатлантската алијанса. Организацијата на Северноатлантскиот договор (North Atlantic Treaty Organization) официјално се создава набргу после завршувањето на Втората светска војна, односно на 4 април 1949 година со тоа што министрите за надворешни работи на 12 земји од Северна Америка и Западна Европа се состануваат во Вашингтон за да го потпишат Северноатлантскиот договор[8].

Капитулацијата на Германија пролетта 1945г неофицијално означи крај на Втората светска војна, која го доби приматот најголема војна во историјата, однесувајќи со себе од 40,000,000 до 50,000,000 жртви. Силите на Алијансата – Франција, Британија, САД и СССР извојуваа победа над силите на Оската – Нацистичка Германија, Фашистичка Италија и Империјална Јапонија и нивните сателитски држави, но тоа не значеше дека во светот практично завладеа мир. Активностите на сите земји- учесници во војната, особено на победничките сили во периодот поовој хаос кој го потресе светот, тежнееја кон заживување на мирот, репарирање на штетите и демилитаризација и намалување на воените капацитети. Сепак, настаните набргу по завршувањето на војната покажаа дека сите не го доживуваа мирот на ист начин и немаа исти замисли во врска со активностите штоследеа. СССР почна активно и отворено да покажува дека има свои планови во иднината.

Првиот настан, кој во суштина беше индикатор дека СССР нема намера да го продолжи сојузувањето со западните сили на победничката алијанса во војната, се пронаоѓа во деструктивноста и злоупотребата на ветото како дипломатска алатка за време на основањето на Обединетите нации во 1945 година[9]. Во периодот што следеше, она што за западните сили значеше можност за враќање на граѓанинот-војник во цивилство, за Советскиот Сојуз значеше можност за кратка реорганизација, по која следуваше мобилизација и зголемување на воените капацитети како во внатрешноста, така и во неговите сателитски земји. Така до 1947 година силите на западноевропските

---

[8]History.com Editors, "NATO," History.com (A&E Television Networks, April 14, 2010), https://www.history.com/topics/cold-war/formation-of-nato-and-warsaw-pact.
[9] NATO, *Know Your NATO: Shield of Freedom 1949-1959*, 2.

земји беа намалени од околу 5,000,000 на под 900,000 трупи, додека СССР од 4,000,000 ја зголеми бројноста на своите трупи до 5,000,000[10]. Не само што во овој период Советите ја отфрлија демилитаризацијата туку активно дејствуваа во зајакнувањето и одржувањето на континуитетот на својата домашна воена индустрија[11], помогнаа во вооружувањето на Бугарија, Унгарија и Романија[12], а во исто време не одолеаја на искушението да се вмешаат во граѓанските војни во Грција, Малезија и Индо-Кина[13] давајќи поддршка на герилските сили.

Овие и низа други факти сведочат за експанзионистичката политика која ја водеше СССР во периодот непосредно по завршувањето на Втората светска војна, при што патем ги прекрши претходно потпишаните договори во Јалта (февруари, 1945 год.) – во делот на непречено и ненаместено организирање на слободни избори во земјите на Источна Европа[14]; и во Потстдам (јули- август 1945 год.) – во делот на демилитаризација и деиндустријализација на земјите во Источна Европа – Бугарија, Унгарија и Романија кои веќе беа под комунистичка власт[15].

Во овој период западните земји на Европа беа заинтересирани за имплементирање на планот на Џорџ Маршал, тогашниот државен секретар на САД, кој претставуваше едно решение за возобновување на изветвените економии на европските земји. Сепак, СССР и во оваа пригода го покажа својот антагонизам. Иако подоцнежните анализи покажаа дека „во следните три години (почнувајќи од зимата 1946г) планот даде прилив од неочекувани 13,3 милијарди американски долари – повеќе од 100 милијарди во денешни американски долари – во 16 западноевропски економии“[16], СССР приоритетите ги покажа со зајакнување на своето влијание во земјите на источна Европа, со што под притисок ги принуди Полска и Чехословачка[17] да го отфрлат Маршаловиот план и продолжи со дејствата за остварување на контрола на владите во комунистичките земји во Европа. Ваквите активности на СССР ги оправдаа сомнежите на западните сили во врска со експанзионистичката политика на антагонистот на Истокот, така што сѐ

[10] Mégret, *NATO Means Peace*, 7.
[11] NATO, *Know Your NATO: Shield of Freedom 1949-1959*, 1.
[12] NATO, *Know Your NATO: Shield of Freedom 1949-1959*, 1.
[13] NATO, *Know Your NATO: Shield of Freedom 1949-1959*, 2.
[14] History.com Editors. “Yalta Conference.” History.com. A&E Television Networks, October 29, 2009. https://www.history.com/topics/world-war-ii/yalta-conference.
[15] The Editors of Encyclopaedia Britannica, “Potsdam Conference,” Encyclopædia Britannica (Encyclopædia Britannica, inc.), пристапено на 30 Септември 2019г, https://www.britannica.com/event/Potsdam-Conference.
[16] Blocker, Joel. “Europe: How The Marshall Plan Took Western Europe From Ruins To Union.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, April 9, 2008. https://www.rferl.org/a/1084818.html.
[17] Mégret, *NATO Means Peace*, 11.

повеќе почнаа да веруваат во зајакнувањето на врските и соработката помеѓу нив самите. Кулминацијата на ваквото однесување на СССР се покажа со блокадата на Берлин утрото на 24 јуни 1948година, а траеше до 12 мај 1949година. Имено, по конференцијата во Јалта една од одлуките беше Берлин да биде поделен и контролиран од сојузниците, со цел најефикасно да се обнови општествениот елемент и повторно да почне да функционира. Западните земји беа одлучни во организирањето и самостојното функционирање на западен Берлин, поради што Советите почнаа да го намалуваат протокот на западни трупи во источен Берлин, како опомена за намерите на западните земји. Западните земји останаа категорични во своите намери, така што СССР не најде соодветно одговор да се спротивстави, па одлучи да го прекине протокот на целиот земен сообраќај помеѓу источен и западен Берлин. Оваа мерка не значеше само спротивставување на западните сили по секоја цена, туку и прекин на сите неопходни добра кои доаѓаа од западот, што дополнително доведе до изгладнување на населението во источен Берлин. Одговорот на оваа постапка на западните сили беше масовно снабдување на населението по воздушен пат, така што „во следните 321 ден, западните воздухоплови направија 272,000 лета во источен Берлин, пренесувајќи илјадници тони резерви секој ден“[18].

Со ова Советите не само што покажаа дека немаат намери за посериозни соработки со Западот, туку и дека одлучно ќе се спротивставуваат на нивните идеи и намери. За западните сили пак Блокадата на Берлин значеше научена лекција од која изведоа неколку поуки: 1) Советите ќе продолжат со својата антагонистичка политика и своеглавост; 2) Затворањето на границата означи почеток на сериозни сомнежи, па и стравови во врска со намерите на СССР; 3) Забрзување на процесот обнова на Западна Германија, што во суштина беше контраефект на целта на Блокадата на Берлин; 4) Задолжително зајакнување на воено- политичките врски помеѓу државите на западот, што во суштина го „забрза процесот на создавање на Северноатлантската Алијанса“[19].

Заклучоците кои можеше да ги извлече Западот иницираа размислувања за формирање на воено-политички алијанси, прво од превентивни причини кои се наоѓаа и беа оправдани од постапките на СССР, а потоа и од суштински причини кои во перспектива значеа создавање на една стабилна воено- политичка организација која ќе

[18]History.com Editors. “Berlin Blockade.” History.com. A&E Television Networks, June 1, 2010. https://www.history.com/topics/cold-war/berlin-blockade.

[19] “Berlin Blockade.” PBS. Public Broadcasting Service. Accessed October 8, 2019. https://www.pbs.org/wgbh/americanexperience/features/bomb-blockade/.

биде најповикана за создавање и одржување на мирот во светот. Едно беше јасно, активностите во периодот што следеше требаше да бидат насочени кон две цели: Прво, создавање на силно европско и трансатлантско сојузништво со цел навремено, одлучно и организирано одговарање на можната ескалација на настаните и евентуалната агресија на СССР; и второ, непрекинато следење на состојбата во европските држави и превенирање на можниот милитаризам.

Во оваа насока беше создадена и Западната Унија или подоцна Западноевропската Унија, како продукт на Бриселскиот договор од 1948 годинапомеѓу земјите на Бенелукс, Франција и Обединетото Кралство, со цел „да се создаде колективна одбрана и да се олесни соработката во економска, социјална и културална димензија“[20]. Формирањето на Западната Унија може да се протолкува како официјален почеток на новото сојузување на Западот против СССР, како доказ дека западните земји во овој период се подготвени да ја подигнат меѓусебната соработка за едно ниво повеќе и да ја признаат Западна Германија како самостојна држава. Со оглед на имплементацијата на идејата за создавање  ваков сојуз, се заклучува дека Западната Унија важи за солидна основа за тоа што по краток временски период ќе биде наречено НАТО.

На 4-ти Април 1949 година во Вашингтон се потпиша договорот за формирање на Северноатлантската алијанса – НАТО, како организиран одговор на агресивноста и субверзивноста која беше главен епитет на дејствата на СССР во периодот по завршувањето на Втората светска војна. Земјите-потписнички на овој договор - Белгија, Канада, Данска, Франција, Исланд, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Португалија, Обединетото Кралство и САД –  се обврзаа дека вооружен напад на една или повеќе од нив, ќе биде протолкуван како напад на сите нив“[21].

Ако до овој период не беа јасни границите на она што се нарекува биполаризам, по создавањето на НАТО, многу јасно се вцрта линијата на „железната завеса“. Намерите беа јасни, страните заземени и противниците познати. Со самото организирање на овој сојуз, веќе немаше потреба западните сили да чекаат на потезите и дејствата на СССР, па да ги толкуваат и да заклучат дали се пријателски или агресивни. Од овој момент сите дејства на НАТО беа сосредоточени во насока на организирање и подготвување одговор на евентуалната агресија од страна на Советите.

[20]Britannica, The Editors of Encyclopaedia. “Western European Union.” Encyclopædia Britannica. Encyclopædia Britannica, inc. Accessed October 17, 2019. https://www.britannica.com/topic/Western-European-Union.
[21]Член 5

## 1.2 Историскиот контекст за создавањето на Договорната организација за колективна безбедност

Од аспект на односот помеѓу НАТО и земјитечленки на Варшавскиот пакт (поранешните земји на СССР), може да се забележи во една официјална публикација на НАТО од 1959 година дека без преседан се тврди: „не постои сомнеж дека СССР го препознава НАТО како ‘непријател бр.1’“[22].

Западните земји ја препознаа потребата од здружување на силите и формирање организација која ќе има поголемо военополитичко влијание, а во исто време ќе ги застапува пред сè нивните безбедносни интереси, што резултираше со формирањето на НАТО. По ова, веќе трката по распространување и зацврстување на влијанието во европските земји и од страна на СССР и од страна на НАТО стана потранспарентна, со оглед на фактот дека и двете страни препознаа противник помеѓусебе. Една од научените лекции од самата блокадата на Берлин за западните сили, беше дека доoформувањето и осамостојувањето на Западна Германија беше од клучен интерес за НАТО, со цел што побрзо да се приклучи оваа нова земја кон сојузот и да се обезбеди нејзината лојалност во целост. За таа цел, на 5 мај 1955 година официјално престана окупацијата на Западна Германија од страна на Британските, Француските и силите на САД[23], а на 9 мај 1955 година со одлуката на земјитечленки на НАТО ѝ се дозволи на Западна Германија да стане земјачленка на овој сојуз и да се ремилитаризира[24]. Несомнено, ваквата одлука за СССР беше силен индикатор дека треба на свое ниво и во рамките на своите одговорности да преземе дејства, со цел да одговори на оваа закана по својата безбедност. Решението беше евидентно - формирање на военополитички сојуз составен од социјалистички земји кои лесно ќе се покоруваат под диригентската палка на СССР. Сојуз формиран од држави на европско тло, кој ќе биде достоен да му парира на НАТО.

Набргу по влегувањето на Федеративна Република Германија (Западна Германија) во НАТО алијансата, СССР иницираше потпишување на „Договорот за пријателство, соработка и заедничка помош“ помеѓу сателитските држави во централна и источна Европа. Договорот беше потпишан на 14 мај 1955 година, во Варшава помеѓу

---

[22] NATO, *Know Your NATO: Shield of Freedom 1949-1959*, 13.
[23] “West Germany Joins NATO.” History.com. A&E Television Networks, November 13, 2009. https://www.history.com/this-day-in-history/west-germany-joins-nato.
[24] “The Warsaw Pact Is Formed.” History.com. A&E Television Networks, November 13, 2009. https://www.history.com/this-day-in-history/the-warsaw-pact-is-formed.

СССР и Албанија, Бугарија, Чехословачка, Германската Демократска Република (Источна Германија), Унгарија, Полска и Романија, па оттогаш го доби своето популарно име – Варшавски пакт. Тој беше потпишан славејќи го духот на социјализмот, а самиот беше деклариран по принципот на превентива имајќи го предвид членот 4 од самиот договор „дека, доколку една или повеќе земји на Пактот бидат нападнати, сите би требало да помогнат“[25]. Тоа во суштина значеше дека сите земји потписнички на Договорот од Варшава се повикани на здружување на воените сили под команда на советскиот маршал Иван Конев[26]. Овој момент го означуваше почетокот на т.н. блоковска поделба во светот– западниот блок кој го сочинуваа САД, НАТО и земјите што пројавуваа тенденции кон НАТО и источниот блок - СССР, Варшавскиот пакт и социјалистичките земји. Иако официјално постоеше околу 36 години, функционалноста на овој пакт е она што мора да биде продискутирано со доза на резерва. Два клучни момента од историјата на самиот пакт, укажуваат на диктатурата на СССР врз другите земјичленки. Тоа беа *Операцијата Дунав*, со која беше извршена инвазија на Чехословачка во 1968 година и инертноста покажана при немирите во Романија во 1989 година.

Инвазијата на Чехосовачка во 1968 година од страна на трупите на Варшавскиот пакт, претставуваше пример за она што би се случило со една земја која е потписник на каков било, особено военополитички договор со СССР, а нејзината политика не соодветствува со политиката на самиот СССР. Имено, комунистичката влада на Александар Дубчек со желба за либерализација на нацијата создаваше планови за имплементација на реформи, но не по „мера“ на политиката на СССР. Пробата за девијација од плановите на СССР резултира со 250, 000 трупи на Варшавскиот пакт на чехословачко тло, 108 убиени цивили, апсење на Дубчек и невооружени протести на незадоволни граѓани поради ваквиот однос[27]. Она што мора да биде земено предвид во овој настан е фактот што Источна Германија не испрати свои трупи за поддршка на оваа операција, но само затоа што власта на СССР така наредила и тоа од превентивни причини. Исто така, Романија и Албанија одбиваат да го поддржат овој потег на СССР,

---

[25] “Warsaw Pact Treaty,” May 14, 1955, History and Public Policy Program Digital Archive, American Foreign Policy, 1950-1955: Basic Documents Vol 1, Department of State Publication 6446, General Foreign Policy Series 117 (Washington, DC : Government Printing Office, 19). http://digitalarchive.wilsoncenter.org/document/123891.

[26] “The Warsaw Pact Is Formed.” History.com. A&E Television Networks, November 13, 2009. https://www.history.com/this-day-in-history/the-warsaw-pact-is-formed.

[27] Rosenberg, Matt. "The Warsaw Pact History and Members." ThoughtCo. https://www.thoughtco.com/warsaw-pact-countries-1435177 (accessed October 22, 2019).

при што Албанија набргу потоа излегува од самиот пакт истата година, додека Романија останува членка.

Едно од објаснувањата зошто во Романија во 1989 година не пристигна никаква помош од страна на силите на Варшавскиот пакт за време на вооружените немири е токму поради нејзината резервираност по прашање на земање учество во *Операцијата Дунав*.

Без понатамошно продлабочување на оваа материја, може да се заклучат неколку работи. Имено, иако „Договорот за пријатество, соработка и заедничка помош" значеше договор во кој сите земјипотписнички ќе бидат еднакви и полноправни, реално тоа беше застапено сѐ додека нивните намери и политики не излегуваа од рамката приложена од СССР. Тоа значи дека беа суверени само доколку СССР дозволеше. Од друга страна, принципот на заедничко решавање на заедничките проблеми беше во спротивност со постапките имплементирани на терен, односно ниту тоа што се случуваше во Чехословачка за време на владата на Дубчек беше проблем (уште помалку беше заеднички), ниту пак неговото решавање опфаќаше учество на сили од сите земји – Албанија, Источна Германија и Романија не учествуваа. Напуштањето на Албанија на Сојузот во 1968 година ги зголеми сомнежите за функционалноста, а инертноста кон решавањето на ситуацијата во Романија само ги потврди. Земајќи го предвид ова, може да се заклучи дека СССР иницираше и организираше формирање на Варшавскиот пакт со презентирање на неопходноста поради создавањето на НАТО, а сето тоа го искористи во своја полза за да ги оствари своите политички апетити во централна и источна Европа.

Случувањата што следуваа во Европа ќе го означат почетокот на крајот на СССР и на неговиот проект за контролирање на комунистичките држави во источна Европа преку Варшавскиот пакт. Ноќта на 9-10 ноември 1989 година. Берлинскиот ѕид беше срушен[28], а со тоа почна да бледнее и познатата теза на Черчил за „Железната завеса" и сѐ што гравитираше околу неа. Овој момент симболично го претставуваше почетокот на новата ера во која не се гледаше многу место за комунистичките влади во Европа. Крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите на XX век беа одлика на паѓањето на комунистичките режими во Европа: Полска (јуни 1989 година[29]), Унгарија (октомври

[28]Nato. "German Reunification." NATO. Accessed October 24, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_136311.htm.
[29]Porter-Szűcs, Brian, Nicolè M. Ford, Petr Pospíchal, and Carolin Heilig. "30 Years of Post-Communism in Poland: What Should Be Remembered?" The Globe Post, June 12, 2019. https://theglobepost.com/2019/06/12/poland-communism-1989/.

1989 година[30]), Бугарија (ноември 1989 година[31]) , Чехословачка (ноември 1989 година[32]), Источна Германија (октомври 1990 година[33]), Романија (декември 1990 година[34]), а со самото тоа и слабеењето на силата на Варшавскиот пакт, импликативно и слабеењето на влијанието на СССР во Европа. Водството на комунистичките влади во источноевропските земји беше заменето со некомунистички лидери, беа донесувани нови устави и беа организирани демократски избори, со што се воведе повеќепартиски систем на владеење и се стави крај на комунистичките режими. Евидентно беше дека со почетокот на деведесеттите години, во Европа немирите против комунистичките влади веќе беа во полна пареа, а до самите челници на комунистичките држави беше тоа како ќе се справат со нив. Едни, од типот на Чаушеску отфрлаа да препознаат (и да признаат) дека општеството е незадоволно и дека сака реформи, а други од типот на Горбачов воведуваа демократски реформи кои беа спротивни на сфаќањата на конзервативните комунисти. Ниедно решение понудено од комунистичките политички авторитети не вродуваше со плод затоа што не ги задоволуваше двата екстреми – побарувањата од граѓаните и потребите на партиите. Иако најпознатите реформи „Гласност“ за зголемување на слободата на говорот и „Перестроика“, за воведување на демократски вредности во општеството на Михаил Горбачов, во очите на Западот беа исклучително важен чекор напред во наследениот комунистички режим. Сепак, во очите на конзервативните комунисти во СССР, значеа еден вид предавство и огромна девијација од комунистичките вредности. Земајќи го ова предвид, може да се потврди дека ваквите демократски реформи беа причина повеќе за вооружените немири против Горбачов во 1991 година.

Веќе докажаната дисфунцкионалност на Варшавскиот пакт беше доволно силен мотив за новите влади на земјитечленки да размислуваат за раскинување на овој договор. Случувањето на неизбежното и очекуваното - напуштање и прекин на постоење на самиот сојуз се случи во два чекори. Во март 1991 година воената компонента на

[30]“Fall of Communism in Eastern Europe, 1989.” U.S. Department of State. U.S. Department of State. Accessed October 24, 2019. https://history.state.gov/milestones/1989-1992/fall-of-communism.
[31]Cheresheva, Mariya. “Bulgaria Marks 28 Years Since Fall of Communism.” Balkan Insight, May 18, 2018. https://balkaninsight.com/2017/11/10/bulgaria-marks-28-years-since-the-collapse-of-the-communist-regime-11-08-2017/.
[32]“Czech Republic Slovakia: Velvet Revolution at 25.” BBC News. BBC, November 17, 2014. https://www.bbc.com/news/world-europe-30059011.
[33]Nato. “German Reunification.” NATO. Accessed October 24, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_136311.htm.
[34]Chapple, Ammos. “Romania's Revolution, Then And Now.” Radio Free Europe / Radio Liberty, December 18, 2018. https://www.rferl.org/a/romania-revolution-then-and-now/29660285.html.

Сојузот беше распуштена, а во јули 1991 година беше одржан последниот состанок на Политичкото консултативно тело[35]. Разединувањето на Варшавскиот пакт не беше единствениот клучен настан на военополитичката сцена во светот на почетокот на деведесеттите.

Во исто време бранот на отфрлање на комунистичките режими во Европа не ги поштеди и земјитечленки на СССР, па дури и оние во Централна Азија, па така со почетокот на 1991 година почнуваат немирите во Латвија и Литванија кои набргу се насилно смирени со интервенција на советски трупи. Ова не ги сопре советските држави да ја прогласат својата независност од СССР. Сѐ почна и заврши во релативно краток период и сѐ беше готово на 25 декември 1991година кога над Кремлин се спушти „српот и чеканот" на СССР, а се развеа руската тробојка[36]. На овој датум, СССР официјално престана да постои, а независност прогласија не само европските држави кои беа во СССР, туку и оние кои се наоѓаа во Централна Азија и тоа:

1. Грузија (18 ноември 1989 година);
2. Молдавија (23 мај 1991 година);
3. Латвија (21 август 1991година);
4. Украина (24 август 1991 година);
5. Белорусија (25 август 1991 година);
6. Азербејџан (30 август 1991 година);
7. Киргизстан (31 август 1991 година);
8. Узбекистан (1 септември 1991 година);
9. Естонија (6 септември 1991 година);
10. Литванија (6 септември 1991 година);
11. Ерменија (21 септември 1991 година);
12. Туркменистан (27 октомври 1991 година);
13. Таџикистан (9ти декември 1991 година);
14. Казахстан (16 декември 1991 година).

Азиските држави што ја добија својата независност со распаѓањето на СССР од аспект на надворешна политика, немаа особено истакнати светски аспирации, туку фокусот им беше во решавањето на територијалните и внатрешнодржавните проблеми

[35]"The Warsaw Pact Is Formed." History.com. A&E Television Networks, November 13, 2009. https://www.history.com/this-day-in-history/the-warsaw-pact-is-formed.
[36]"The Collapse of the Soviet Union." U.S. Department of State. U.S. Department of State. Accessed October 24, 2019. https://history.state.gov/milestones/1989-1992/collapse-soviet-union.

кои настанаа со самиот распад. Она што во голема мера беше поттикнато од одржувањето на „советскиот дух“, а воедно оформи и плодна почва за понатамошно сојузување, беше склучувањето договори за соработка и безбедност, со кои ја гарантираа сопствената, меѓусебната и регионалната безбедност. Во оваа насока се истакнуваат две организации – Договорната организација за колективна безбедност (Collective Security Treaty Organization) и Шангајската организација за соработка (Shanghai Cooperation Organization).

### 1.2.1 Договорната организација за колективна безбедност

Договорната организација за колективна безбедност (ДОКБ) претставува меѓународна организација која потекнува од периодот по распаѓањето на Советскиот Сојуз, а иницијативата за создавање беше од страна на Русија. Зачетокот на Организацијата се пронаоѓа во потпишување на Договорот за колективна безбедност во Москва на 15 мај 1992 година, како договор за соработка на воен и политички план помеѓу земјите кои штотуку ја декларираа својата независност – Ерменија, Казахстан, Киргистан, Русија, Таџикистан и Узбекистан[37].

Целите врз основа на кои се креираше функционирањето на оваа организација беа: „зајакнувањето на мирот, интернационалната и регионалната безбедност и стабилност, заштитата на колективна основа на независноста, територијалниот интегритет и суверенитет на земјитечленки“[38]. И во новопотпишаниот договор, фигурира еден член во кој се гарантира заедничкото решавање на проблемот во случај на агресија на една или повеќе држави, каде што се тврди дека „ако една од земјите членки се подложува на агресија (вооружен напад на сигурноста, стабилноста, територијалниот интегритет и суверенитет), ќе биде сметано од страна на земјитечленки како агресија (вооружен напад на сигурноста, стабилноста, територијалниот интегритет и суверенитет) на сите земји- членки од овој договор“[39].

Особено интересно во врска со оваа организација е фактот што во периодот по основањето на Организацијата, по својата структура на земји особено многу наликува на поранешниот СССР, со исклучок на одредени земји кои, или се во заладени односи со Русија (Украина, Грузија) или видно ги изразија своите прозападни аспирации

---

[37]“From the Treaty to the Organization.” Collective Security Treaty Organisation, n.d. https://en.odkb-csto.org/25years/.
[38]“From the Treaty to the Organization.” Collective Security Treaty Organisation, n.d. https://en.odkb-csto.org/25years/.
[39]“Collective Security Treaty, Dated May 15, 1992.” Collective Security Treaty Organisation, n.d. https://en.odkb-csto.org/documents/documents/dogovor_o_kollektivnoy_bezopasnosti/.

(Литванија, Латвија, Естонија).Ова остава простор за дискусија на намерите на Русија во изборот на земјитечленки на Организацијата: прво, да ја задржи соработката со овие држави во иднина, а второ, да превенира евентуален развој на антагонизам кај независните држави кон неа. Официјалниот почеток на фигурирањето на ДОКБ во светски рамки е моментот кога нејзината повелба е призната од Генералното собрание на ОН, на 7 октомври 2002 година[40].

Денес во Договорната организација за колективна безбедност членуваат Република Ерменија, Република Белорусија, Република Казахстан, Киргиската Република, Руската Федерација и Република Таџикистан[41], со тоа што во периодот од 2001 до 2012 година, Узбекистан ја довеpуваше својата лојалност наизменично кон САД и Русија, за во 2012 година владата на Узбекистан да донесе одлука да се суспендира членството во ДОКБ[42]. Сепак, мора да се напомене дека и покрај оваа одлука Ташкент е отворен за соработка со Москва во врска со безбедноста во регионот, особено по смртта на Каримов и доаѓањето на Мирзивојев на власт.

Неминовниот распад на СССР и државите за кои се очекуваше дека ќе декларираат независност, беа индикатор за уште една комунистичка сила да се впушти во воспоставување на договори - НР Кина. Кина не ја пропушти оваа можност за соработка, воспоставување и проширување на своите пред сè економски афинитети, сето тоа организирано под закрилата на културниот и безбедносниот контекст во иницираниот Шангајски договор за соработка. Поттикнат од иницијативата за меѓусебна поддршка и соработка првенствено во областа на безбедноста и одбраната, во 1991 година[43], при самиот распад на Советскиот Сојуз, Кина го реализираше во форма на билатерални договори за утврдување на границите помеѓу државите од Централна Азија. Целната група на која ѝ е дадена ваква понуда за соработка се поранешните земји на Советскиот Сојуз од Централна Азија – Казахстан, Кина, Киргистан, Русија, Таџикистан и Узбекистан. Потребни беа десет години за оваа идеја да се материјализира, за во 2001 година официјално да се најави почетокот на нејзиното создавање. Повелбата за создавање на оваа организација стапува на сила на 19 септември 2003 година со потпишувањето на претседателите на овие држави на состанокот одржан во Санкт

---

[40]"From the Treaty to the Organization." Collective Security Treaty Organisation, n.d. https://en.odkb-csto.org/25years/.
[41]"From the Treaty to the Organization." Collective Security Treaty Organisation, n.d. https://en.odkb-csto.org/25years/.
[42]UzDaily. "Uzbekistan Suspends Its CSTO Membership." UzDaily.uz, n.d. https://www.uzdaily.uz/en/post/19113.
[43]Blank, "Making Sense of the Shanghai Cooperation Organization.", 39.

Петерсбург[44]. Од тој момент на централноазиското тло почнува да фигурира Шангајската организација за соработка, во која главниот збор го дава Кина, иако формалноправно претставува еднаков член со другите.

***

Периодот од завршувањето на Втората светска војна до крајот на дваесеттиот век е обележан со бројни, маркантни флуктуации на политичката сцена. Во овој период можат да се забележат: создавање на нови држави и нивно реструктуирање, покажување на експанзионистички и агресивни политики, формирање нови сојузи, контролирање на влади преку воспоставување договори, проби за отфрлање на режими и нивно урнисување, распаѓање на држави и повторно воспоставување договори и формирање организации. Сите овие настани се резултат на причинско- последичните врски на меѓународните односи.

Експанзионистичката политика и однесувањето на СССР, доведе до здружување на западните земји и формирање на НАТО. Најмаркантните настани кои доведоа до одлуката за создавање на НАТО беа Берлинската блокада и формирањето на Западна Германија и нејзиното стапување во НАТО. Причинскопоследичната врска на настаните, а воедно и заклучокот кој се изведува од овие односи е следниот: Ако Берлинската блокада значеше јасен почеток на посилните антагонистички односи помеѓу Истокот и Западот, тогаш приемот на Западна Германија во НАТО значеше почеток на зголемување на интензитетот на трката по вооружување и опремување на војските на двете спернички страни.

Во исто време не може, а да не се забележи дека на СССР во одредена мера им одговараше формирањето на НАТО. Самото формирање на овој сојуз на западни сили, СССР не пропушти да го протолкува како оправдување за реализација на своите политички планови, кои во иницијалните фази го имаа во фокусот формирањето на источен военополитички сојуз, Варшавскиот пакт, а потоа и одржувањето и контролирањето на комунистичките режими во самите членки на Пактот, а со тоа и остварување на своите политички апетити во Европа и во светот. Уште еден вид олеснување беше влегувањето на Западна Германија во Сојузот, со што оваа постапка веднаш беше етикетирана од страна на СССР како закана по безбедноста и неопходно решение беше членувањето на Источна Германија во СССР и вооружување на војските во сите земјичленки. Накратко, *НАТО го оправдуваше своето постоење поради*

[44]"The Shanghai Cooperation Organization." About SCO, n.d. http://eng.sectsco.org/about_sco/.

*агресивното и експанзионистичко однесување на СССР, а Варшавскиот пакт беше оправдано создаден поради постоењето на НАТО.*

Не требаше да помине долго време, за да се воочи и потврди нефункционалноста на источниот военополитички сојуз. Имено, може да се забележи дека Варшавскиот пакт се распадна откога неговите земји- членки ја воочија неговата нефункционалност, во период кога комунистичките режими во европските земји или доживеаја крах или имаа силна тенденција да го доживеат, кога се потврдија сомнежите дека и во самиот СССР се губи довербата, врз основа на фактот дека и државите од кои се состоеше СССР веќе декларираа независност, а со тоа неминовно и неговото распаѓање не е далеку.

Падот на комунистичките режими го обележи крајот на СССР, но го означи и почетокот на потпишувањето на новите безбедносни договори и формирањето на новите безбедносни, военополитички организации ДОКБ и ШОС. Формирани врз урнатините на поранешниот СССР, во исклучително нестабилни околности, а со цел заедничко залагање кон решавање на голем број безбедносните прашања кои во овој период беа во изобилство и секое од нив со сопствена доза на приоритет.

# 2 Анализа на основачките акти на НАТО и ДОКБ

Контекстот на создавање на двете организации помогна во разбирањето на потребата за нивното создавање и суштината на нивното постоење. Потребно е дополнително да се појасни делокругот на дејствувањето на НАТО и ДОКБ, преку нивните цели и внатрешната организација е анализата на нивните основачки документи.

## 2.1 Анализа на Северноатлантскиот договор

Генерално, Северноатлантскиот договор е еден од најкратките, а воедно суштински текстови кои ја поставуваат рамката за постоењето и фунцкионирањето на НАТО како организација. Во неговите четиринаесет членови Договорот јасно пропишува како би функционирала Организацијата, како би се интерпретирале одредени настани и кој би бил одговорот од земјитепотписнички.

Преамбулата на Договорот ја дава воведната нота поставувајќи ги предусловите на миротљубието, слободарството и меѓусебната толеранција на кои секоја земја-потписничка се согласува, како и почитувањето и имплементирање на Повелбата на Обединетите нации, односно:

„*Страните во Договорот ја потврдуваат својата верба во целите и во принципите на Повелбата на Обединетите нации и нивната желба да живеат во мир со сите народи и сите влади.*

*Тие се решени да ги чуваат слободата, заедничкото наследство и цивилизацијата на своите народи, засновани врз принципите на демократијата, индивидуалната слобода и владеењето на правото.*

*Тие работат на промовирањето на стабилноста и добросостојбата во северноатлантската област.*

*Тие се решени да ги обединат своите напори за колективна одбрана и за зачувување на мирот и безбедноста. Затоа, тие се согласија на следниов Северноатлантски договор:“*[45]

Може да се забележи дека првите четири члена на Северноатлантскиот договор укажуваат на пацифизам и на решавање на евентуалните спорови и конфликти по мирен пат, со тоа што членот 4 укажува на консултирање на земјитечленки во случај на евентуален напад или закана по одредено прашање за некоја од земјитечленки.

[45]Прирачник за НАТО, 423.

***Член 1***

*„Страните преземаат обврска ... да решат каков било меѓународен спор во кој би можеле да бидат инволвирани, со мирни средства и на начин на кој нема да бидат загрозени меѓународниот мир, ...*

***Член 2***

*„Страните ќе придонесуваат кон натамошниот развој на мирните пријателски меѓународни односи ... промовирање на услови за стабилност и добросостојба... да ги избегнат судирите и ќе ја поддржуваат економската соработка со некои од нив или со сите*

***Член 3***

*„Со цел што поефикасно да се постигнат целите од Договорот, страните - поединечно и заеднички - преку континуирана и ефикасна самопомош и заемна помош, ќе ги одржуваат и ќе ги развиваат своите индивидуални и колективни капацитети за спротивставување на вооружените нападите.*

***Член 4***

*Страните ќе се консултираат меѓу себе секогаш кога, според мислењето на која и да е од нив, постои закана по територијалниот интегритет, политичката независност или по безбедноста на која било од страните“*[46]

Најистакнатиот член од Северноатлантскиот договор, член 5, укажува на заедничка одбрана во случај на напад на една земја. Воедно се смета за еден од најважните членови врз кој се основа суштината на фунцкионирањето на НАТО.

***Член 5***

*„...оружениот напад против една или повеќе од нив во Европа или во Северна Америка ќе се смета за напад против сите и се договорија дека доколку се случи таков оружен напад, секоја од нив .... ќе и помогне на страната или на страните кои се нападнати, преземајќи ... акција што ќе одговара на потребите, вклучувајќи и употреба на оружени сили, заради возобновување и одржување на безбедноста во Северноатлантската област.*

*За секој оружен напад и мерките преземени како резултат на него, веднаш треба да биде известен Советот за безбедност. Таквите мерки ќе бидат сопрени кога Советот за безбедност ќе ги преземе мерките коишто се неопходни за возобновување и одржување на меѓународниот мир и безбедност“*

[46]Прирачник за НАТО 423

Членот 6 појаснува што се смета за вооружен напад на земјитепотписнички на овој договор, а тоа подразбира:

***Член 6***

*„... оружен напад на територијата на која било страна во Европа или во Северна Америка, врз претставништвата на Франција во Алжир, врз окупациските сили на секоја страна во Европа, на островите под јурисдикција на која и да е страна во Северноатлантската област северно од Повратникот на ракот[47] или на бродовите или авионите во оваа област ... “*

Во врска со овој член интересно е да се посочи дека за време на креирањето на самиот текст на Договорот, Франција има побарано да се адресира и прашањето за нејзините претставништва, односно на еден начин да влезе и Алжир под чадорот на НАТО. Ова барање е одобрено како што може да се проследи и во самиот текст на Договорот. Слично барање имала и Белгија, во врска со територијата на Конго, но ова барање е одбиено од страна на креаторите на Договорот[48].

Членот 7 од Северноатлантскиот договор укажува на задржувањето на правата и обврските на земјитечленки на ОН, како и на Советот за безбедност на ОН за одржување на меѓународниот мир и безбедност. Со ова потписничките на овој Договор потврдуваат дека самиот Договор на никој начин не ја става својата улога пред улогата на Советот за безбедност на ОН кога станува збор за одржувањето и зачувувањето на меѓународниот мир и безбедност.

***Член 7***

*„Договорот не влијае и нема да се толкува како да влијае на кој било начин врз правата и обврските што произлегуваат од Повелбата на Страните кои се членки на Обединетите нации или од првичната обврска на Советот за безбедност за одржување на меѓународниот мир и безбедност“.*

Осмиот член од Договорот условува разрешување на сите конфликти кои ги имаат членките кон одредбите на Договорот, како и разрешување на сите конфликти кои некоја трета страна ги има или евентуално би ги имала со Договорот, како предуслов за имплементација на самиот Договор. Со ова, слично и како со членот 7 потписничките на овој Договор се оградуваат од дополнителни конфликти и предизвици кои би се материјализирале во иднина поради одредена причина.

---

[47]Повратникот на Ракот (анг.Tropic Cancer) се наоѓа на 23°27′ СГШ, а Повратникот на Јарецот (анг. Tropic Capricorn) се наоѓа на 23°27′ ЈГШ.
[48] Nato. “Founding Treaty.” NATO, April 4, 1949. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_67656.htm.

**_Член 8_**

*„... ниту еден од меѓународните ангажмани што се во сила меѓу неа и која било од другите страни или некоја трета страна нема да биде во конфликт со одредбите од Договорот“...* ниту пак дека ќе склучи договор кој ќе има негативен импакт на Северноатлантскиот договор.

Членот 9 пропишува организирање Совет составен од одреден број пратеници од секоја земја, кој ќе има за задача разгледување и донесување на соодветни решенија и насоки во врска со прашањата и предизвиците што би настанале во иднина, а ќе се однесува на имплементацијата на членовите од Договорот. Оваа одредба го обврзува Советот за брзо и навремено состанување кога потребите укажуваат на тоа, посветувајќи особено внимание на предизвиците кои ќе бараат преземање мерки во врска со членовите 3 и 5.

**_Член 9_**

*„Страните организираат Совет, во кој секоја од нив ќе има свој пратеник, заради разгледување на прашањата во врска со имплементација на овој Договор... ќе воспостави одбранбен комитет кој веднаш ќе предложи мерки за имплементација на членовите 3 и 5*“

Членот 10 од Договорот го адресира прашањето на проширување на Алијансата, со тоа што условува со заедничка согласност од сите земји- членкиза проширување на членството со трета земја.

**_Член 10_**

*„Страните можат... да поканат која било европска земја да се приклучи кон овој ... и да придонесе кон безбедноста на Северноатлантската област. Секоја држава којашто е поканета на овој начин, може да стане страна на овој Договор, преку депонирање на својот инструмент на пристапување кај Владата на Соединетите Американски Држави. Владата на САД ќе ги информира сите страни за депонирањето на секој таков инструмент за пристапување“*

Стапувањето на сила на Договорот е пропишан да биде по неговото ратификување, од страна на инструментите за ратификација на земјите потписнички, што е пропишано во член 11.

**_Член 11_**

*„... колку што е можно побрзо, инструментите за ратификација ќе бидат депонирани кај Владата на Соединетите Американски Држави, која ќе ги информира сите други потписнички за секој депозит. Договорот меѓу земјите кои го ратификувале*

*истиот ќе стапи во сила веднаш штом ратификациите на поголемиот број потписнички ... ќе бидат депонирани, а во однос на другите држави ќе стапи во сила на денот на депонирањето на нивните ратификации"*

Во врска со овој член, може да се забележи мудриот потег од страна на креаторите на работната верзија на Договорот, со кој се обезбедува ставање во функција на Договорот, со простор за дополнително приклучување на земјитечленки по нивната ратификација.

Членот 12 пропишува можност за побарување и консултација за ревизија на Договорот, по изминати 10 години од неговото стапување на сила, земајќи ги притоа актуелните безбедносни предизвици и одредби од Повелбата на ОН. Иако оваа можност останува отворена и по седумдесет години од Договорот, не е искористена од страна на ниедна земја членка на НАТО.

***Член 12***

*„Откако Договорот ќе биде во сила 10 години ... по тоа, Страните ... ќе се консултираат заради разгледување на Договорот ... во согласност со Повелбата на Обединетите нации за одржување на меѓународниот мир и безбедност"*

Членот 13 ги дава насоките доколку некоја од земјитечленки изрази желба да го напушти Сојузот и да го раскине Договорот, при што пропишува дека:

***Член 13***

*„Откако Договорот ќе биде во сила дваесет години, секоја Страна од Договорот ќе може да пресане да биде страна, една година откако барањето за откажување ќе и биде доставено на Владата на САД, која ќе ги информира владите на другите страни за депонирањето на секое известување за откажување"*[49].

Последниот 14-тиот член од Договорот укажува на автентичноста на текстот од Договорот на англиски и на француски јазик, како и на копиите на самиот Договор кои се доставени до архивата на Владата на САД која е обврзана да ги достави до владите на другите потписнички.

***Член 14***

*„Овој Договор, кај кој и англискиот и францускиот текст се сметаат за подеднакво автентични, ќе биде депониран во архивите на Владата на Соединетите*

[49] Прирачник За НАТО. Brussels, Belgium: NATO Public Diplomacy Division. Accessed October 26, 2019. http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/Priracnik-za-NATO-2006.pdf.

*Американски Држави. Таа Влада ќе достави соодветно заверени копии до владите на другите земји- потписнички"*

Она што е интересно во Договорот, конкретно кога станува збор за проширување на членството на Договорот (член 10), негово напуштање (член 13), ратификување (член 11), како и архивирање (член 14) е дека Владата на САД се обврзува прва да ги прифати документите, а подоцна и да изврши дисеминација на информациите или актите до другите земји потписнички на Договорот. Ова остава простор да се забележи дека за особено клучните настани што би го засегнале Северноатлантскиот договор, први кои би поседувале информации би биле САД со тоа што самиот договор дозволува дополнително градење на интегритетот и важноста на САД во овој сојуз.

## 2.2 Анализа на Договорот за колективна безбедност

Основачкиот акт на Договорната организација за колективна безбедност е самиот Договор за колективна безбедност потпишан во Ташкент, Узбекистан на 15 мај 1992 година. Овој акт е значително краток по содржина, составен е од единаесет членови кои ја даваат функционалната рамка на која се обврзуваат земјите потписнички.

Во својата преамбула стои дека:

*„Земјитечленки кои се страни на овој Договор, отсега адресирани како „Земјитечленки;,*

*Водени од декларациите за converenost на независните држави;*

*Земајќи го предвид создавањето на вооружени сили на самите земјичленки;*

*Преземајќи координирани мерки во интерест на одредбите за колективна безбедност;*

*Препознавајќи ја потребата од строга имплементација на потпишаните договори кои ги опфаќаат намалувањето на вооружувањето, воените сили и зајакнувањето на довербата:*

*Се договорија за следното:"*

Во првиот член од Договорот, земјитечленки се обврзуваат дека меѓународните спорови кои ги тангираат самите нив, ќе ги решаваат преземајќи мирољубиви мерки, отфрлајќи ја потребата за употреба на воена сила за решавање на ваквите спорови. Дополнително, тие се обврзуваат да останат отворени за консултации доколку се даде иницијатива за создавање систем на колективна безбедност кој ќе дејствува на територијата на Европа и Азија.

***Член 1***

*„Земјитечленки ... ќе се воздржат од употреба на сила или закана со сила во меѓудржавните односи... ќе преземат мерки да ги решат сите несогласувања...со мирољубиви мерки.*

*Земјителенки нема да влезат во воени сојузи или да земат учество во групи на држави, како и во дејства против други земјичленки.*

*Во случај на креирање на систем за колективна безбедност во Европа и Азија... земјитечленки веднаш ќе почнат консултации помеѓусебе за создавање на потребни амандмани за овој Договор"*

Во вториот член од Договорот потписничките се обврзуваат да преземат мерки за консултација, со цел решавање на одреден проблем поврзан со меѓународната безбедност, како и безбедноста на една или повеќе потписнички на овој Договор. Она што дополнително ги обврзува земјите е елементот на унификација на ставот кој ќе го заземат членките по одредено безбедносно прашање. Оваа одредба ги изолира можностите за заземање индивидуален став на одредена земјапотписничка во врска со одредено прашање.

***Член 2***

*„Земјитечленки ќе се консултираат помеѓусебе за сите важни проблеми од меѓународната безбедност кои ги засегаат нивните интереси и ќе координираат ставови за овие проблеми.*

*Во случај на загрозување на безбедноста... на една или повеќе земјичленки или ... веднаш ќе активираат механизам на здружени консултации ... ќе развијат и ќе преземат мерки за помош на таквите земји- членки со цел елиминација на појавената закана"*

Членот 3 од Договорот за колективна безбедност пропишува формирање на едно од клучните тела на самата Договорна организација за колективна безбедност- Совет за колективна безбедност, кој ќе биде управуван од страна на претседателите на државите кои се потписнички на Договорот.

***Член 3***

*„Земјитечленки ќе формираат Совет за колективна безбедност составен од челниците на земјитечленки."*

Четвртиот член од Договорот за колективна безбедност би се протолкувал како еквивалентен на познатиот член 5 на НАТО. Имено, членот 4 го пропишува начинот на кој ќе биде протолкувана агресијата или загрозувањето на една или повеќе од земјитепотписнички на Договорот. Овој член го пропишува заедничкото решавање на безбедносните прашања кои вклучуваат директно загрозување на една или повеќе земјипотписнички и ги обврзува на доставување соодветна поддршка на земјата или земјите на кои им е тоа потребно.

***Член 4***

*„Ако една од земјите-членки стане подложна на агресија ... ќе биде сметано од земјите-членки како агресија ... над сите земји- членки на овој Договор.*

*... по барање на оваа земја-членка“* врз која е причинета агресија *„веднаш ќе достават мерки со потребна помош, вклучувајќи и воена... земјите-членки веднаш ќе го информираат Советот за безбедност на Обединетите нации за преземените мерки врз основа на овој член. При имплементирањето на овие мерки, земјите-членки ќе се придржуваат до релевантните одредби од Повелбата на ОН“*

Петтиот член, во суштина пропишува една од задачите на Советот за колективна безбедност на Организацијата, а тоа би било воспоставување и одржување координација на здружените активности на земјите-членки.

***Член 5***

*„Координацијата и осигурувањето на здружените активности на земјите-членки согласно со овој Договор ќе бидат овозможени од Советот за колективна безбедност на земјите-членки и телата креирани од Советот“*

Членот 6 од Договорот за колективна безбедност пропишува кој ја регулира и кој ја дозволува употребата на воената компонента на оваа организација. Ако членот 2 пропишува организирање на здружени консултации со цел решавање на безбедносни прашања, а членот 4 пропишува организирано и здружено решавање на безбедносните прашања кои директно ги засегаат државитечленки, тогаш членот 6 пропишува донесување согласност од претседателите на земјите-членки во врска со ангажирањето на воените сили на ДОКБ. Исто така, членот го ограничува дејствувањето на воените сили надвор од територијата на земјитепотписнички на Договорот, односно пропишува дека тие можат да бидат употребени доколку се работи за операции во согласност со Повелбата на ОН.

**_Член 6_**

*„Резолуцијата за употреба на сили и средства на системот за колективна безбедност во согласност со членовите 2 и 4 од овој Договор ќе бидат усвоени од челниците на земјите-членки... само во интерес на меѓународната безбедност во согласност со Повелбата на ОН и законите на земјите-членки кои се страни“*

Членот седум ја остава отворена можноста за дополнително креирање на специјални договори и прописи во врска со ставањето во функција одредени објекти од системот за колективна безбедност. Овој член става на знаење дека со потпишувањето на овој договор можноста за обликување на системот за колективна безбедност може да биде проширувана и обликувана во согласност со оваа одредба, но да не биде во спротивност со другите членови од Договорот.

**_Член 7_**

*„Поставувањето и функционирањето на објекти на системот за колективна безбедност на терторијата на земјите-членки ќе бидат регулирани со специјални договори“*

Членот 8 потврдува дека Договорот кој ќе го потпишат земјите нема да ги ограничува другите договори и меморандуми кои ги потпишале, а воедно и дека не е наменет против други земји. Исто така, потписничките на овој Договор според овој член се обврзуваат да не воспоставуваат други договори кои би биле спротивни со одредбите на овој Договор или би биле наменети против него.

**_Член 8_**

*„Овој Договор нема да влијае на правата и обврските под останати постоечки билатерални и мултилатерални договори и договри воспоставени од со други држави, и не е наменет против трети држави... се обврзуваат да не воспоставуваат меѓународни договори некомпатибилни со овој Договор“*

Членот 9 дава насоки во врска со толкувањето на членовите на Договорот помеѓу земјитечленки на Договорот. Во него е пропишано дека доколку се појави одреден предизвик во самото толкување на Договорот ќе бидат преземени здружени мерки за појаснување и правилна интерпретација. Она што е дополнително одредено, а повторно остава простор за обликување и дополнително појаснување на одредбите на Договорот, е тоа што овој член пропишува отворена можност за донесување на дополнителни амандмани на Договорот.

**Член 9**

*„Сите прашања кои можат да се покренат помеѓу а се однесуваат на интерпретацијата или апликацијата на кој било дел од овој Договор ќе бидат решени здружено, во духот на пријателството, заедничкото почитување и разбирање...“*

Членот 10 ја пропишува отвореноста за пристап на која било држава што е заинтересирана за потпишување на Договорот и приклучување кон ДОКБ.

**Член 10**

*„Овој договор ќе биде отворен за пристап на сите заинтересирани држави што ги делат истите цели и принципи“*

Последниот член од Договорот, членот 11, освен што ги дава завршните одредби, тој пропишува следно продолжување по пет години. Понатаму, овој член воспоставува временска рамка од шест месеци, доколку некоја од земјитечленки е со намера да се повлече од Договорот. Исто така, мошне важно за интерните регулативи на Договорот, неговиот последен член кој ја пропишува постапката за ратификација на Договорот по неговото потпишување, во исто време одредува и депозитар – Генералниот секретар на Советот за колективна безбедност, кој ја има обврската да ги архивира ратификациите.

**Член 11**

*„Овој Договор е склучен за пет години со следното продолжување.*

*Која било од Земјите Членки ќе има право да се повлече од овој Договор доколку ги информира другите членки за нејзината намера не подоцна од шест месеци пред повлекувањето и ги исполнува сите обврски кои следат со повлекувањето од овој Договор.*

*Овој Договор ќе биде приложен на ратификација од секоја земја ... Инструментите на ратификација ќе бидат доставени за чување до Генералниот секретар на Советот за колективна безбедност (на Организацијата на Договорот за колективна безбедност), со ова назначен за депозитар.*

*Овој Договор ќе стапи на сила веднаш по доставувањето на инструментите за ратификација до складот од страна на Земјите Членки кои веќе го потпишале“*

Анализата на двата основачки акти на НАТО и на ДОКБ резултира со бројни заклучоци во кои се забележуваат очигледни сличности (табела 1) и суштински разлики (табела 2) во текстовите на Договорите. Генералното и објективно видување е дека основачките акти на Организацијата на Северноатлантскиот договор и на Договорната организација за колективна безбедност, во голема мера наликуваат еден на друг.

Анализирајќи ги текстовите на двата Договори, најпрво може да се воочи елементот на мирољубивост на Договорите, со тоа што двата основачки акти ги обврзуваат потписниците, меѓусебните спорови и споровите што би произлегле во иднина со трети земји да ги решаваат по мирен пат. Следна очигледна сличност помеѓу договорите е тоа што и во двата Договора потписниците се обврзуваат на соработка и консултации помеѓу себе во врска со решавање на безбедносните предизвици помеѓу членките и на светско ниво.

Се забележува и сличност од аспект на толкување на вооружениот напад на некоја од земјитепотписнички на Договорите, со тоа што и во двата Договора вооружениот напад на една земја, ќе биде протолкуван како вооружен напад на сите потписници на Договорот. Во оваа насока може да се забележи и фактот што членот 4 на Договорната организација за колективна безбедност и членот 5 на Организацијата на Северноатлантскиот договор, безмалку сосема наликуваат еден на друг, што би се етикетирало како уште една суштинска сличност помеѓу овие основачки акти.

Уште еден елемент на сличност е тоа што и двата Договора се оградуваат од нивното грешно толкување, при што дополнително посочуваат дека не влијаат на обврските пропишани во Повелбата на ОН и Советот за безбедност на ОН.

Од аспект на формирање на управно координативно тело со стапувањето на сила на Договорите, повторно се забележува сличност, со тоа што и двата Договора пропишуваат формирање на Совет. Единствена разлика од овој аспект е тоа што Договорот за колективна безбедност е подетален и укажува на тоа кои ќе бидат членовите на Советот за колективна безбедност, додека Северноатлантскиот договор само пропишува формирање на Совет кој ќе треба да се состане во најкус можен рок, врз основа на укажаната потреба.

Проширувањето на членството на Договорите се вбројува како уште еден елемент во низата сличности на двата основачки акти. Двата Договора предвидуваат проширување на членството преку покана на трета земја која не е потписничка на Договорот, со единствена разлика што Северноатлантскиот договор ја обврзува Владата на САД за депозитар на пристапната нота од страна на поканетата земја. Исто така, Владата на САД е задолжена да ги информира останатите земји за овој настан.

Значителна разлика може да се забележи во процесот на ратификација на Договорите и тоа по две прашања: 1. Субјектот на депонирање на договорите и 2. Стапувањето на сила на Договорите. Пропишано и во двата Договора (член 11 кај НАТО и член 11 кај ДОКБ) Северноатлантскиот договор ја обврзува Владата на САД да биде

главен депозитар на ратификуваните договори, додека Договорот за колективна безбедност го задолжува Генералниот секретар на Советот за колективна безбедност за собирање на ратификуваните договори. Стапувањето на сила на Договорите е следната разлика која ја засега ратификацијата на Договорите. Северноатлантскиот договор одредува стапување на сила по ратификацијата на одредени земји, додека Договорот за колективна безбедност пропишува стапување на сила по доставувањето на ратификациите од сите земји потписнички на Договорот. Во врска со ова не може, а да не се забележи дека креаторите на работната верзија на Северноатлантскиот договор мудро ја искористиле оваа одредба за перспективно Договорот да може побрзо да стапи на сила.

Она што е одлика и на двата Договора е фактот што и двата пропишуваат ревизија на Договорот (кај НАТО член 12, кај ДОКБ член 11) со тоа што Северноатлантскиот договор отвора можност за ревизија по десет години од стапувањето на сила на Договорот, додека Договорот за колективна безбедност пропишува можност за продолжување и евентуална ревизија по пет години од стапувањето на сила.

Во врска со напуштањето на Договорите повторно се забележуваат разлики. Северноатлантскиот договор во својот член 13 пропишува дека напуштање на Догворот може да се случи по дваесет години откога Договорот стапил на сила и тоа една година откако страната која е субјект на раскинување на Договорот ги пријавила своите намери кај Владата на САД. Договорот за колективна безбедност пропишува поразлично повлекување од Договорот и тоа шест месеци откако страната која сака да го раскине Договорот ги известила другите членки и ги исполнила условите за напуштање на Договорот.

Во основачкиот акт на НАТО во четири негови членови (член 10, член 11, член 13 и член 14) фигурира најсилната земја на која и се делегираат повеќе обврски во споредба со другите полноправни потписнички на Северноатлантскиот договор, додека Договорот за колективна безбедност, овој елемент не е присутен.

Објективно анализирано, фактот што Договорот за колективна безбедност е потпишан скоро педесет години по Северноатлантскиот договор, а во исто време двата договора многу наликуваат еден на друг, може да се претпостави дека Северноатлантскиот договор послужил како пример или шаблон за изработка на Договорот за колективна безбедност.

***Табела 1: Сличности помеѓу основачките акти на НАТО и ДОКБ***

| **Сличности** |
| --- |
| ➢ Ги обврзуваат потписниците да изнаоѓаат мирољубиви решенија во врска со споровите;<br>➢ Меѓусебни консултации во врска со решавањето на безбедносните предизвици;<br>➢ Нападот на една од земјите членки го толкуваат како напад на сите земји-членки,потписнички на Договорот;<br>➢ Пропишуваат формирање на Совет;<br>➢ Оставаат отворена можност за проширување на членството;<br>➢ Се оградуваат од грешното толкување на Договорите;<br>➢ Се оградуваат од толкувањето за тенденциозното влијание на Повелбата на ОН и Советот за безбедност на ОН;<br>➢ Пропишуваат ревизија на Договорите. |

*Табела 2 : Разлики помеѓу основачките акти на НАТО и ДОКБ*

| Разлики | |
|---|---|
| **НАТО** | **ДОКБ** |
| - Депозитар на ратификуваните договори е Владата на САД;<br>- напуштање на Договорот може да се случи по дваесет години откога Договорот стапил на сила и тоа една година откако страната која е субјект на раскинување на Договорот ги пријавила своите намери кај Владата на САД;<br>- можност за ревизија по десет години од стапувањето на сила на Договорот;<br>- Пропишува формирање на совет кој ќе треба да се состане во најкус можен рок, врз основа на укажаната потреба;<br>- Владата на најсилната земјачленка на Договорот добива дополнителни обврски и фигурира во текстот на Договорот во четири негови членови. | - Депозитар на ратификуваните договори е Генералниот Секретар на Советот за колективна безбедност;<br>- Страната која сака да го раскине Договорот, може да го стори тоа по шест месеци откако ги известила другите членки и ги исполнила условите за напуштање на Договорот;<br>- можност за продолжување и евентуална ревизија по пет години од стапувањето на сила на Договорот;<br>- Посочува кои ќе бидат членовите на Советот за колективна безбедност;<br>- На владата на најсилната земја членка на Договорот не и се дадени дополнителни обврски и не фигурира во текстот на Договорот. |

# 3 Ангажманите на НАТО и ДОКБ во меѓународните односи

Со цел да се разбере политиката на функционирањето, делувањето и влијателноста на НАТО и на ДОКБ во меѓународните односи, како и нивната застапеност на светско ниво, потребно е да се разгледа нивниот ангажман од стапувањето на сила на нивните основачки акти и официјалниот почеток на нивното постоење.

## 3.1 Ангажманите на НАТО во меѓународните односи

Настаните на меѓународната сцена по завршувањето на Втората светска војна, ја покажа неопходноста да се формира военополитичка алијанса која ќе биде достојна да се спротивстави на политиката на СССР. Исто така е факт дека СССР во НАТО го препозна соперникот, па отворено почна да презема мерки за засилување на своето влијание во Европа и пошироко.

Од самото основање, НАТО се соочи со многу предизвици. Најпрво мораше да се искоординираат работите помеѓу земјитечленки на новоформираниот сојуз и да се преземат мерки за изнаоѓање соодветен одговор при агресија на СССР. Во овој поглед, НАТО немаше многу време на располагање. Станува збор за периодот во кој СССР веќе ги покажа своите афинитети кон развојот и употребата на оружје за масовно уништување, со тестирањето на атомската бомба во 1949 година[50]. Во исто време избувнуваа локални немирии и војни за менување на режимите во државите ширум светот, како Корејската војна. Земајќи го ова предвид НАТО го формираше SHAPE – Supreme Headquarters Allied Powers Europe, на чие чело застана генералот Двајт Ајзенхауер. Педесеттите беа одлика на почетокот и усложнувањето на ситуацијата настаната од Студената војна. Берлинската криза и сè поврзано со неа беше прва линија на раздвојување помеѓу Алијансата и главната причина поради која се создаде.

Еден од показателите дека Студената војна го постигна својот зенит е фактот што НАТО ја усвои доктрината на *Масовно одвраќање* – која во својата суштина одредуваше дека доколку Советскиот Сојуз се одлучи на вооружена агресија врз земјитечленки на НАТО, Алијансата ќе одговори со употреба на нуклеарно оружје[51]. Иако оваа доктрина обезбедуваше остварување на стратегиските цели со помал број ангажирани трупи на

[50]Nato. “A Short History of NATO.” NATO. Accessed December 1, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_139339.htm.
[51]Ibid.

теренот, а со тоа и намалување на другите одбранбени трошоци, не сите земји- членки беа подготвени да ги задоволат тие екстреми во одбраната[52]. Поради тоа, но и поради фактот што нуклеарните капацитети на НАТО се потпираа (или потполно соодветствуваа) на нуклеарните капацитети на САД, а СССР беше на добар пат на развој на својот нуклеарен арсенал, особено со производството на интерконтинентални нуклеарни боеви глави[53], авторитетите во Вашингтон почнаа да застапуваат нови политички погледи кои беа дијаметрално различни од претходните и строго ненуклеарни, што доведе до усвојување на нова доктрина на НАТО – Доктрина за *Флексибилен одговор*. Оваа доктрина застапуваше зајакнување на конвенционалните одбранбени капацитети на НАТО и ненуклеарен одговор на евентуален напад над земјите членки[54], што се толкува како еден аргумент повеќе во недостатокот на волја за разгорување на Кубанската ракетна криза која се случуваше токму во овој период, а чии најодговорни дипломатски трасери се американскиот претседател Џон Ф. Кенеди и советскиот премиер Никита Хрушчов.

Во ниеден момент, олеснувањето на нуклеарните тензии помеѓу двата блока, не би требало да се протолкува како разрешување и приведување кон крајот на самата Студена војна. Во овој поглед мора да се забележи дека сепак, кон крајот на шеесеттите се случува советската инвазија над Чехословачка и апсењето на Александар Дубчек, а во исто време САД веќе има трупи на тлото на Виетнам и презема видни мерки за спречување на комунизмот во тој дел од светот.

### 3.1.1 СССР во Авганистан

Повторно разгорување на тензиите помеѓу НАТО и СССР се забележува при инвазијата на СССР во Авганистан 1979 година[55]. Иако експанзионистичката политика на СССР беше главната причина за заострување на односите со НАТО и Западот, сепак СССР не успеа да одолее да обезбеди уште една земја сателит во Азија – Авганистан. Отфрлањето на власта на дотогашниот претседател Мохамад Дауд Кан во Април 1978 година од страна на левичарските сили доведе до поделбата на власта помеѓу времениот сојуз на двете најголеми левичарски партии Народната партија и Банер партијата. Новата власт во Авганистан која нескромно ги покажуваше своите просоветски

[52]Nato. “Strategic Concepts.” NATO, July 11, 2018. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_56626.htm.
[53]Nato. “Strategic Concepts.” NATO, July 11, 2018. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_56626.htm.
[54]Nato. “A Short History of NATO.” NATO. Accessed December 1, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_139339.htm.
[55]Nato. “1979: The Soviet Union Deploys Its SS20 Missiles and NATO Responds.” NATO, January 9, 2013. https://www.nato.int/cps/en/natohq/opinions_139274.htm?selectedLocale=en.

симпатии, успеа да ги зајакне врските со СССР, „спроведе немилосрдни чистки од сите домашни противници и почна големи аграрни и социјални реформи кои беа жестоко осудувани од побожното муслиманско и генерално антикомунистичко население“[56]. Ваквото однесување на новите владеачки авторитети во Авганистан сосема очекувано ги разгоре чувствата на народот, поради што почнаа масовни вооружени бунтови и негодувања од страна на муслиманското население. Стравувајќи од ослабување на просоветската власт во Авганистан поради новоформираните проблеми од страна на муџахедините и отворените бунтови против власта, Советскиот Сојуз не чекаше да го зајакне своето присуство на најкарактеристичен и очекуван начин – со директно влегување во границите на Авганистан, што се случи ноќта на 24 декември 1979 година со испраќање на околу 30,000 советски трупи[57]. За кратко време по влегувањето во границите на Авганистан, Советскиот Сојуз донесе скоро 100,000 советски трупи, кои ја преземаа контролата над поголемите градови и автопати[58] и се наоѓаше пред отворена војна против муџахединските герилски сили.

Иако постојат докази дека Брежњев бил советуван да не врши инвазија во Авганистан, сепак советскиот менталитет натежна во одлучувањето од едноставна причина што „Советскиот Сојуз и покрај тоа што е конзервативна сила, едноставно не можеше да седи со скрстени раце ако постоеше комунистички сојузник кој имаше потреба да биде заштитен некаде, затоа што да се дозволи комунизмот да падне беше дискредитација на целата идеологија“[59]. По принцип на автоматизам, инвазијата на Авганистан значеше императив за повлекување на одлуката на Џими Картер за намалување на буџетот за одбрана на САД и потреба да биде перцепирана како најголема закана по светската безбедност по Втората светска војна.

Во оваа насока, мора да се забележи безбедносниот контекст во кој се случува советската инвазија на Авганистан. Имено, крајот на седумдесеттите претставува период во кој веќе е заживеан принципот на „détente“-(француски збор што значи олеснување од тензија) име дадено на период на подобрени односи помеѓу САД и СССР кој почна

---

[56]The Editors of Encyclopaedia Britannica. “Soviet Invasion of Afghanistan.” Encyclopædia Britannica. Encyclopædia Britannica, inc., August 20, 2019. https://www.britannica.com/event/Soviet-invasion-of-Afghanistan.

[57]The Editors of Encyclopaedia Britannica. “Soviet Invasion of Afghanistan.” Encyclopædia Britannica. Encyclopædia Britannica, inc., August 20, 2019. https://www.britannica.com/event/Soviet-invasion-of-Afghanistan.

[58]Taylor, Alan. “The Soviet War in Afghanistan, 1979 - 1989.” The Atlantic. Atlantic Media Company, August 4, 2014. https://www.theatlantic.com/photo/2014/08/the-soviet-war-in-afghanistan-1979-1989/100786/.

[59]Nato. “1979: The Soviet Union Deploys Its SS20 Missiles and NATO Responds.” NATO, January 9, 2013. https://www.nato.int/cps/en/natohq/opinions_139274.htm?selectedLocale=en.

привремено во 1971 и зема одлучна форма кога претседателот Рицард Никсон го посети генералниот секретар на Советската комунистичка партија, Леонид Брежњев во Москва, мај 1972 година.[60]; кој се основаше на прифаќањето на status quo ситуацијата од страна на Крушчов и Кенеди. Џими Картер новиот претседател на САД кој ја презема должноста 2.11.1976 година[61], го прифати и го продолжи верувањето дека опасност од комунизмот веќе не постои. Во врска со ова професорот Џејми Шеј кажува: „Навистина во 70-тите ако и зборувате за безбедност на земјачленка на НАТО, тогаш многу веројатно ќе се фокусира на домашни проблеми. Грците беа фокусирани на Турците; Турците беа фокусирани на Грците. Најголемата главоболка за НАТО во средината на 70-тите дами и господа, не беше Варшавскиот пакт или *Операцијата Ф* на Советскиот Сојуз, тоа беше Грчкиот бунт на Кипар во 1974 година и Турската инвазија на северот која го подели островот на начин кој и денес е ист. Британија беше загрижена, првенствено за Северна Ирска и за човековите права, Католичкото движење за човековите права на Северот. Германија беше загрижена за Бадер- Мејнхоф групите кои убиваа германски банкари и политичари. Италија беше загрижена за Црвените бригади. Националната безбедност изгледа дека беше поважна“[62]. Според ова тврдење од предавањето на д-р Шеј, во врска со безбедносната ситуација во седумдесеттите може да се заклучи дека и најголемите земји- членки на НАТО беа зафатени со нивните домашни безбедносни предизвици и не беа фокусирани на следниот потег што може да го направи СССР.

Она што го врати фокусот на земјитечленки на НАТО повторно на активностите на СССР, беше ангажирањето на 200 парчиња на SS-20 ракети на територијата на Источна Германија. Германскиот канцелар Шмит укажа на потребата од НАТО одговор за овој безбедносен проблем, за што беше одлучено дека ќе бидат ангажирани 464 GLCM (Ground Launch Cruise Missiles) и 108 Pershing 2 системи[63]. Во овој момент повторно ќе се истакне лукавоста на дипломатите на НАТО, поради усвојувањето на *Двонасочната одлука* донесена во декември 1979, која укажува на тоа дека овие моќни ракетни системи ќе бидат ставени во употреба до 1983 година, што остава простор СССР да ја промени својата одлука и да ги повлече поставените нуклеарни ракетни системи. Од овој

[60]History.com Editors. “Détente.” History.com. A&E Television Networks, October 27, 2009. https://www.history.com/topics/cold-war/detente.
[61]“Jimmy Carter.” The Carter Center. Accessed December 1, 2019. https://www.cartercenter.org/about/experts/jimmy_carter.html.
[62]Nato. “1979: The Soviet Union Deploys Its SS20 Missiles and NATO Responds.” NATO, January 9, 2013. https://www.nato.int/cps/en/natohq/opinions_139274.htm?selectedLocale=en.
[63]Ibid.

дипломатски потег мора да се изведат две поенти: прво, согласно со укажаната ситуација – ангажирањето на советските ракетни системи, НАТО укажува на моќноста и бројноста на своите нуклеарни потенцијали, со што најавува нивна употреба во бројка двојно поголема од советските; второ, елементот на одложување на оваа одлука, односно рокот на извршување на ангажирањето е одреден на четири години од моментот на донесување на одлуката, што остава доволно време СССР да ги преиспита своите одлуки и да го прекине ангажирањето на ракетните системи SS-20. Голем удел во оваа одлука има американскиот претседател Роналд Реган.

Регановата способност за дипломатија во врска со случајот за повлекувањето на советските ракетни системи придонесе на светско ниво за смирување на тензиите околу ова прашање, објавувајќи го својот „нула- нула принцип“. Имено, станувaше збор за ветувањето кое го даде Реган дека САД нема да ги ангажира своите Першинг 2 ракетни система, доколку за возврат Советскиот Сојуз ги уништи своите ракетни системи. Иако оваа изјава на Реган беше дочекана со голема доза на скепса и неверување, сепак на еден од состаноците помеѓу Горбачев и Реган во 1986 година стана збор за елиминирање на сите нуклеарни потенцијали до 2000 година на двете страни, за во 1987 година конечно да се потпише INF (Intermediate Nuclear Forces)договорот помеѓу НАТО и СССР[64]. Овој договор значеше уште еден успех во меѓународните односи поттикнат од САД, а во корист на НАТО и на светската безбедност.

Кога се поставува прашањето зошто СССР одлучи да изврши инвазија над Авганистан и сепак да го наруши Договорот за релаксација на тензиите, тогаш еден од одговорите кој се покажува како релевантен е во тврдењето на Брежњев дека секогаш кога зборува за мирољубиво коегзистирање мисли на Европа, додека сфаќањето на Картер подразбираше мирољубиво коегзистирање во целиот свет.

Распадот на СССР кој следеше набргу во 1990 година, за НАТО значеше далеку поголем триумф во меѓународните односи, од оној постигнат со Договорот INF во 1987 година.

### 3.1.2 Војните по падот на комунизмот

Деведесеттите години на дваесеттиот век беа симбол на слабеењето на комунизмот во светот. Почнувајќи од падот на Берлинскиот ѕид ноќта на 9 и 10 ноември

[64]Ibid.

1989 година[65],смената на комунистичките режими во источноевропските држави со нови демократски власти, распадот на СССР и истакнувањето на прозападните аспирации на довчерашните советски држави, и низа други настани кои го отсликаа падот на комунизмот во Европа и во светот, дадоа јасна слика на нефункционалноста на комуниситчките општества во светот кон крајот на дваесеттиот век. За НАТО ова значеше своевиден триумф над својот противник и очекувано беше да се постави очигледното прашање за причината за понатамошно постоење на НАТО кога главниот мотив за неговото оформување веќе не постои.

Одговорот на ова прашање се материјализираше можеби и побрзо отколку што сите очекуваа и како рефрен се јавија останатите два иницирачки постулати поради кои НАТО беше создаден – спречување на појава и проширување на милитантниот национализам во Европа и да овозможи основа која ќе ја охрабри демократизацијата и политичката интеграција во Европа[66].Падот на комунизмот иако беше дочекан со триумф кај Западот, за НАТО тоа значеше соочување со нови проблеми со друга природа, но пред сè предвидени уште во 1949 година. Домино ефектот на падот на комунистичките режими во Европа и во светот отвори можности за осамостојување и создавање на независни држави на рушевините на советските послушнички општества ширум светот. Ова за некој претставуваше огромна можност за криминал, лобирање, сепаратизам, национализам и преземање на власта во државата. Ваквата атмосфера претставуваше трусно тло за избувнување на локални војни, кои особено беа застапени на Балканот.

Распадот на Југославија и почетокот на меѓунационалните и меѓуетничките превирања помеѓу народите создадоа солидна причина НАТО за прв пат да стави свои трупи на теренот. Иако Југославија уште во педесеттите ја отфрли послушноста кон Советскиот Сојуз и стави до знаење дека независно ќе ја креира својата политика, сепак го задржи социјалистичкото уредување. Домино ефектот на падот на комунистичките режими што ја зафати Европа на почетокот на деведесеттите години на дваесеттиот век, не ја поштеди ни Југославија. Граѓанската војна или серијата на вооружени судири во Босна, Хрватска и Косово кои се случија во периодот 1991-1999 година ја отвори можноста за ескалација и судир на меѓунационалните и етнички тензии во земјите.

[65]Nato. “German Reunification.” NATO. Accessed October 24, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_136311.htm.
[66]Nato. “A Short History of NATO.” NATO. Accessed December 1, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_139339.htm.

Во иницијалната фаза на немирите силите на НАТО и Западот воопшто, не покажуваа особена волја за учество, сметајќи дека случувањата во границите на Југославија е интерен проблем на самите држави и дека настаните се природен исход од падот на долговладејачката партија. Сепак набрзо се материјализираше причината за вмешување на НАТО во оваа војна. Поривот за национално одвојување на народите кои живееја во различни држави предизвика заострување на односите помеѓу православното (српското), католичкото (хрватското) и муслиманското (бошњачкото) население. Кулминација на овие односи беа појавите на масовни цивилни убиства на национална основа, а самите извршители на овие чинови имаа намера „да создадат хомогени области предизвикувајќи масовни миграции. Селектирани масакри на села придружени со пропаганда да се создаде масовен егзодус, се докажа дека е преферираниот метод на постигнувањето на таа цел“[67]. Ова во суштина претставуваше главна причина за „воениот конфликт да биде етикетиран како воена агресија и етничко чистење“[68], поради што ОН и НАТО воопшто не останаа рамнодушни. Во врска со ова НАТО ја одигра одлучувачката улога за завршување на конфликтот со деветдневната воздушна кампања во септември 1995 година, што резултираше со потпишување на Дејтонскиот мировен договор на 20 ноември 1995 година[69]. Во декември, истата година ОН ангажираше 60,000 војници, со цел имплементација на овој договор и спречување на евентуална ескалација на настаните во непосакувана насока.

Иако Дејтонскиот мировен договор во 1995 година, требаше да го означи крајот на војната во Југославија и да ги затвори националните и етничките прашања, сепак во 1998 година, албанскиот сепаратизам на Косово не дозволи мирот на Балканот да пушти корени. Конфликтот помеѓу косовските Албанци и српските воени и полициски сили, доведе до иселување на преку 300,000 косовски Албанци од своите родни места, а неуспехот на исцрпните напори на меѓународната заедница да го реши ова прашање, претставуваше причина повеќе НАТО да преземе свои мерки. Отпочнувајќи ја акцијата *Милосрден анѓел* започна воздушна кампања во траење од 78 дена над воени објекти во Србија, овозможувајќи простор на мултинационалните мировни сили да влезат на Косово. Бомбардирањето на Србија траеше до 4 јуни 1999 година, кога НАТО се осигура дека отпочна повлекувањето на српските вооружени сили од Косово, а скоро веднаш

[67]Baumann, R.F, Gawrych, G.W, Kretchik,W.E, *Armed Peacekeepers in Bosnia*, 27.
[68]Nato. “A Short History of NATO.” NATO. Accessed December 1, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_139339.htm.
[69] Baumann, R.F, Gawrych, G.W, Kretchik,W.E, Armed Peacekeepers in Bosnia, 31.

почна влегувањето на силите на КФОР во внатрешноста на Косово, кои во наредниот период ќе бидат најодговорни за сигурноста и безбедноста на косовското население.

### 3.1.3 Проширување на НАТО

Во периодот од основањето, па се до нападите на Светскиот трговски центар во Њујорк на 11.9.2001 година, може да се забележи дека НАТО не само што значително беше присутен на меѓународно ниво и балансираше со безбедносната и военополитичката ситуација во светот, туку и значително го зголеми бројот на своите земји- членки и партнери. Мора да се посочи фактот дека проширувањето на НАТО, не само во овој период туку и воопшто, е производ на соработката и дипломатијата на НАТО со другите земји, особено потенцијалните членки. Од самото негово основање и потпишување на Северноатлантскиот оговор на 4.4.1949 година во Вашингтон помеѓу дванаесетте земји: Белгија, Канада, Данска, Франција, Исланд, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Португалија, Обединетото Кралство и САД, сѐ до почетокот на 2000-тите НАТО го прошири своето членство и тоа:

- Грција (1952 година)
- Турција (1952 година)
- Германија (1955 година)[70]
- Шпанија (1982 година)
- Чешката Република (1999 година)
- Унгарија (1999 година)
- Полска (1999 година).

Она што е особено важно да се забележи е фактот што само до почетокот на 2000-тите во НАТО пристапија три источноевропски земји кои важеа за сателити на советската политика – Чешка, Унгарија и Полска. Пристапот на овие земји во Алијансата значеше логичен исход од распадот на СССР и дијаметрално различно и ново трасирање на политиките и политичките аспирации на некогашните советски земји кон западните агенди.

Почетокот на 90-тите иако означи крај на СССР во исто време го иницираше почетокот на партнерството на НАТО со поранешните земји- членки на Варшавскиот пакт со формирањето на Северноатлантскиот совет за соработка[71]. Ова тело

[70]Обединета Германија
[71]North Atlantic Cooperation Councile (NACC)

претставуваше главната дипломатска извршна гранка на политиката на НАТО по прашањето за соработката со поранешните советски земји и решавањето на безбедносните проблеми кои беа произлегле со распадот на СССР. Инициран на 20 декември 1990 година во облик на форум за дијалог и соработка, овој Совет помогна во истакнувањето на потенцијалните безбедносни предизвици– повлекувањето на Советските трупи од Балтикот, регионалните конфликти и локалните војни кои се појавуваа како резултат на распадот на СССР и Југославија, а НАТО и независните држави покажаа интерес за дијалог и нивно решавање по мирен пат[72]. Во исто време локалните војни кои се случуваа како исход од падот на комунистичките режими во Европа, претставуваа научена лекција за НАТО дека „вакуумот (што се создаде) по Студената војна беше извор на опасна нестабилност“[73]. Ова воедно претставуваше простор за подобрување и пополнување на стратегиските нишки по пат на креирање на нови врски со нови сојузници кои не беа дел од самата Алијанса. Од аспект на билатералните договори кои претставуваа соломонско решение на новосоздадените безбедносни предизвици, како реален производ на овие дијалози во 1994 година се формираше програмата Партнерство за мир (Partnership for Peace) во која учество земаа земјите кои имаа аспирации да станат полноправни членки на НАТО и оние на кои им одговараше да партнеруваат со НАТО. Особено интересен е фактот што оваа програма беше доволно интересна и за земјите од Централна Азија кои штотуку излегоа од Советскиот Сојуз, па така и тие ги потпишаа своите Индивидуални партнерски акциони планови или Партнерски планови за соработка :

- Казахстан (1995 година)[74]
- Таџикистан (2002 година)[75]
- Киргистан (1994 година)[76]
- Туркменистан (1994 година)[77]
- Узбекистан (1994 година).[78]

---

[72]Nato. “North Atlantic Cooperation Council (NACC) (Archived).” NATO, May 29, 1997. https://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_69344.htm.
[73]Nato. “A Short History of NATO.” NATO. Accessed December 1, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_139339.htm.
[74]McDermott,“Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.”, 87.
[75] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.” , 10.
[76]Nato. “Relations with the Kyrgiz Republic.” NATO, November 26, 2019.https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49607.htm?
[77]Nato. “Relations with Turkmenistan.” NATO, November 26, 2019.https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_50317.htm?
[78]Nato. “Relations with Uzbekistan.” NATO, April 5, 2017. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_22839.htm.

Од аспект на партнерството за здружување на напорите за одржување на мирот во светот, битно е да се посочи дека своевремено и Русија се вбројуваше како земја партнер на НАТО, но по интервенцијата во Украина и анектирањето на Крим во 2014 година, НАТО „ги прекина сите видови практични цивилни и воени соработки во април 2014 година, но ги задржа отворените канали за воено- политичка комуникација“[79].

### 3.1.4 Нападот на Светскиот трговски центар

Терористичкиот напад на Светскиот трговски центар на 11.09.2001 година во Њујорк, САД беше тежок удар, но за жал и драгоцена научена лекција за воените и политичките авторитети во НАТО и во светот. Фактот што ова се случи во период кога НАТО ги славеше новите партнерства со земјите кои штотуку беа излегле од СССР, што во суштина беше олицетворение на неговата победа над вечниот соперник, беше доволна причина да го затекне светот неподготвен за оваа ситуација. Не само што нападот се случи над најсилниот воено-политички сојуз кој некогаш постоел, туку и врз неговата најсилна земја членка – САД.

Неоспорив е фактот што овој директен удар на најсилниот кој одведе со себе близу 3000 жртви[80], во исто време го потресе целиот свет и меѓународната заедница, исто толку неоспорив е фактот дека тој момент важи за силен двигател на механизмите за преземање мерки и подобрување на домашната и светската безбедност. Тој предизвика, прв пат во историјата на НАТО, да стапи во сила членот 5 од Северноатлантскиот договор и да се објави отворена војна на тероризмот во светот. Поради ова, но исто така, и поради фактот што талибанските власти не прифатија да го предадат Осама Бин Ладен на американската Влада, кој го препознаа како главен виновник за нападот на Светскиот трговски центар, САД започна силни притисоци во телата на НАТО, но и на светската политичка сцена за отпочнување и нивна инвазија на Авганистан.

### 3.1.5 ИСАФ во Авганистан

Со резолуцијата 1386 на Советот за безбедност на Обединетите нации од 20 декември 2001 година[81], беше одобрено формирање на ISAF (International Security

---

[79]Nato. “Relations with Russia.” NATO, November 26, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_50090.htm#.

[80]Bergen, Peter L. “September 11 Attacks.” Encyclopædia Britannica. Encyclopædia Britannica, inc., November 26, 2019. https://www.britannica.com/event/September-11-attacks.

[81] Nato. “NATO and Afghanistan.” NATO, October 29, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_8189.htm.

Assistance Force) и нивно влегувањето на територијата на Авганистан од страна на НАТО и неговите партнерски земји. Ова го означи почетокот на војната против тероризмот во светот, па така во јануари 2002 година, првиот контингент на ИСАФ пристигнува во Авганистан, предводен од командата на Велика Британија, и трупи од 18 други земји[82]. Овој контингент, како прв во низата ја имаше најодговорната задача- да го подготви теренот и да ги воспостави механизмите на функционирање, формирајќи солидна основа за после нецела година НАТО да го преземе водството над мисијата.

На 31 октомври 2004 година, Осама Бин Ладен преку видеопорака[83], јавно презема одговорност за нападите на Светскиот трговски центар на 11. 9. 2001 година, при што станува најбараната личност за тероризам во светот. Во годините што следуваат (до 2010 година), а особено за време на мандатите на американскиот претседател Барак Обама, бројноста на трупите во Авганистан во неколку пригоди драстично се зголемува, освежувајќи ги редовите на ИСАФ, за во одреден период бројноста на силите да биде „со јачина од 130,000 со трупи од 50 НАТО и партнерски нации“[84]. Она што е особено важно да се потенцира е фактот што силите на НАТО кои беа стационирани во Авганистан, беа ангажирани на сите општествени полиња, но пред сè имајќи го фокусот на борбата против тероризмот и екстремизмот. Факт е дека за време на мисијата ИСАФ до 2014 година, силите на НАТО дадоа значаен придонес за обликување на општеството и заживување на демократијата, по Талибанскиот режим.

Важен момент на пресврт е ликвидацијата на Осама Бин Ладен во Пакистан изведена од Тимот 6 на Специјалните поморски сили „Фоки“ од војската на САД на 1 мај 2011 година[85]. Овој момент беше нов триумф за НАТО, кој како што ќе покаже идниот развој на настаните, ќе даде нов тек на мисијата на ИСАФ во Авганистан. Имено, веќе во јуни 2011 година претседателот Обама ги обелодени своите планови за повлекување на 10,000 трупи од Авганистан[86], а набргу потоа започнаа размислувањата за скромен, но сигурен почеток на фазата на транзиција која ќе опфати предавање на контролата на безбедносните механизми од страна на силите на НАТО, преземајќи ги Авганистанската ационална рмија.

---

[82] Ibid.

[83] AP Archive. "Recorded Message from Osama bin Laden", YouTube video,2:17, "AP Archive", 21 Jul 2015, https://www.youtube.com/watch?v=IHInbQcyg2Y

[84] Nato. “NATO and Afghanistan.” NATO, October 29, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_8189.htm.

[85] Wagtendonk, Anya van. “Obama and Trump Each Announced the Death of a Terrorist Leader. They Did so Very Differently.” Vox. Vox, October 27, 2019. https://www.vox.com/policy-and-politics/2019/10/27/20911036/trump-isis-leader-baghdadi-obama-bin-laden-announcement.

[86] Ibid.

Она што обезбеди потпора и сигурност за продолжувањето на соработката со Авганистан, по мисијата ИСАФ, беше одлуката на земјитеучеснички во ИСАФ на Самитот во Велс, дека се подготвени да ја поддржуваат ова азиска земја и по завршетокот на мисијата[87]. Така во декември 2014 година Советот за безбедност на ОН ја донесе одлуката 2189 за почеток на мисијата *Одлучна поддршка*[88].

Често се поставува прашањето дали почетокот на оваа мисија на НАТО значи почеток на крајот на инволвираноста на Западот во меѓународните односи на Истокот?- особено оние во Централна Азија. Загриженоста изразена на самите централноазиски земји во регионот поради постепеното повлекување на НАТО силите во регионот, а во исто време зголемувањето на нивната будност и готовност на секое поле, има особена важност и укажува на значителната улога која ја имал НАТО во овој дел од светот.

***

Со оглед на досега елаборираното во врска со развојот на НАТО и неговото учество во меѓународните односи, може да се изведат низа релевантни заклучоци.

Прво, НАТО непосредно по неговото основање искуси исклучително заладување на односите со СССР, поради што тензиите помеѓу двата блока беа исклучително високи. Ова доведе до демонстрирање на сила преку развој на нуклеарните капацитети и на двата блока, кои патем неретко беа тестирани и презентирани на јавноста во различни цели. Поради ова НАТО, а на иницијатива на САД беше приморан да усвојува низа доктрини со цел, одговор на евентуална ескалација.

Второ, НАТО подоцна ја подаде раката за примирување на нуклеарните тензии кои беа слика на Студената војна сама по себе, при што повторно како главен иницијатор на овие разговори се јавува САД. Иако тензиите во втората половина од дваесеттиот век неколкупати забележаа значителни флуктуации, сепак може да се заклучи дека САД како членка на НАТО има достигнато значителен придонес во меѓународните односи, односно во дипломатските успеси на самото НАТО како организација. Како директни учесници на иницирањето и самото потпишување на билатералните договори по прашањето на нуклеарниот арсенал, олабавувањето на нуклеарните тензии итн. се застапени самите американски претседатели, Никсон, Картер и Реган. Регановата

[87] Ibid.

[88]"Security Council, Adopting Resolution 2189 (2014), Welcomes NATO-Afghan Government Agreement to Establish Post-2014 Non-Combat Mission | Meetings Coverage and Press Releases." United Nations. United Nations, December 12, 2014. https://www.un.org/press/en/2014/sc11697.doc.htm.

дипломатска способност успеа да ги избалансира односите помеѓу СССР и НАТО, што резултираше со потпишување на Договорот INF.

Трето, по падот на комунизмот во светот, НАТО повторно се соочи со предизвици за кои немаше посебно искуство, но ги имаше во својата перцепција одамна. Неговото учество во воспоставувањето и чувањето на мирот во земјите во кои избувнаа војни по падот на комунистичките власти, беше клучно за воведување на повторен баланс на односите и превенција за ескалација на тензиите во вакуумот кој го создаде напливот на новите власти.

Четврто, проширувањето на членството на НАТО, како процес кој е континуален и непрекинат, забележа значителен успех со текот на времето, со што во НАТО успеа да го воспостави, да го зацврсти и да го одржи своето влијание во светот. Во овој процес, како исклучително важни се покажаа билатералните договори со државите партнери и аспиранти за членство, за кои често беше иницијатор САД.

Петто, нападот на Светскиот трговски центар, симболички го означи ударот врз најсилниот и ја покажа ранливоста на Алијансата во период на триумф. Вклученоста на САД во овој настан беше почеток и логична основа за нејзината понатамошна улога во борбата против тероризмот паралелно и вклучително со силите на НАТО.

Шесто, мисиите *ИСАФ* и *Одлучна поддршка* важат не само за борбени мисии против тероризмот и талибанскиот режим, туку и за унапредување и демократизација на авганистанското општество и поддршка на неговите структури. Силите на НАТО одговорни за имплементација и поддршка на авганистанските власти, исто така важат за гарант на безбедноста во овој дел од светот.

## 3.2 Ангажманите на ДОКБ и ШОС во меѓународните односи

Напоредно со случувањата на кои беше фокусиран НАТО во секој дел од светот, азиските сили Кина и Русија (покрај другите) многу добро сфатија дека треба да почнат да преземаат мерки за воспоставување на сојузи и ширење на своето влијание, и тоа веднаш по распаѓањето на СССР. Овие военополитички великани не останаа инертни во однос на настаните во меѓународните односи, особено на територијата на Централна Азија.

За да се сфати улогата на Шангајската организација за соработка, како релативно постара организација од Договорната организација за колективна безбедност и мерките

кои ги преземаше, мора најнапред да се сфати безбедносниот контекст на Централна Азија.

### 3.2.1 Безбедносен контекст на Централна Азија

Основниот проблем со кој се соочуваа земјите од Централна Азија (Казахстан, Узбекистан, Таџикистан, Киргистан, Туркменистан) по распадот на СССР беше точното утврдување на границите (делинеација) на овие земји. Поради фактот што границите на овие централноазиски земји се исцртувани околу 20-тите години на XX век, во Советскиот Сојуз и недостатокот од внимание за хомогена поделба од аспект на етникумите кои живеат на тие територии, како особено ризично подрачје чиешто прашање ни денес не е решено, се јавува Фергана долината[89] помеѓу Узбекистан, Таџикистан и Киргистан.

Притоа, иако централноазиските земји ги поврзува слична историја, редовната и официјална употреба на рускиот јазик, традиционалната соработка во рамките на СССР, сепак овие држави не се етнички и национално хомогени, што е појдовна основа за избувнување на проблеми во оваа насока. Во врска со ова, националните малцинства кои своите права до прогласувањето на независност на државите во Централна Азија, ги остваруваа под закрилата и духот на Советскиот Сојуз, како што времето ќе покаже, почнуваа полека, но сигурно, да ги изразуваат своите незадоволства бурно и без нималку дилема за посегнување по оружје. Понатаму, како отворен проблем во сиот овој регион стои и развојот на исламистичкиот екстремизам и сепаратизам, чие јадро може да се каже дека лежи во самиот Авганистан. Оваа безбедносна закана е главниот дебалансирачки фактор на безбедносната ситуација, но и извор на безбедносните предизвици поврзани со него, како шверцот на дрога, тргувањето со оружје и активностите на криминалните групи. Во врска со ова, секоја централноазиска земја без разлика дали е непосреден сосед на Авганистан или не, презема мерки на свое ниво да ги заштити своите граници и прави реални напори да го спречи одливот на овие „проблеми“ во рамките на своите граници. Она на коешто мораа да го насочат својот фокус политичките авторитети во Централна Азија, а се однесуваше на домашната и регионалната безбедност беше:

[89]“Central Asia: Border Disputes and Conflict Potential.” Crisis Group, October 10, 2016. https://www.crisisgroup.org/europe-central-asia/central-asia/tajikistan/central-asia-border-disputes-and-conflict-potential.

„безбедноста на границите фокусирана на Авганистан по ИСАФ и превенција на одлив на терористи, наркотици и оружје од Авганистан во регионот ... содржината на заканата од домашен и надворешно поддржувани религиски екстремисти; превенција на ескалација на интеррегионални тензии и потенцијална „конфликтна зона“ во долината Фергана (за Узбекистан, Таџикистан и Киргистан) и одговарање на домашниот, социјалниот и етничкиот немир предизвикан од зголемената невработеност и намалените животни услови“[90].

Од аспект на функционирање, соработка и развој на државите како и нивна застапеност во меѓународните односи, повторно мора треба да се посвети значително внимание за да се разберат постапките и политиката која ја водат земјите во Централна Азија (Казахстан, Узбекистан, Киргистан, Таџикистан и Туркменистан).

### 3.2.2 Казахстан

Казахстан е една од најголемите и најразвиените земји во регионот, дури и единствената која го заслужува епитетот централноазиска военополитичка сила. Иако последна ја декларираше својата независност од СССР во деведесеттите години, сепак воспостави најсилни западни партнерства, а не пропушти да ги негува и традиционалните врски со Русија. Членува во ДОКБ, како и во ШОС и ги исполнува своите обврски кон овие азиски организации, но исто така напоредно ги развива своите НАТО капацитети во рамките на програмата *Партнерство за мир* и ја одржува интероперабилноста со западните сили. Иако е непосреден сосед на Авганистан, авторитетите укажуваат на фактот дека во иднина не очекуваат дека случувањата во Авганистан по 2014 година, би имале особено влијание на Казахстан, туку дека треба да бидат фокусирани на внатрешните безбедносни предизвици[91]. Од досегашната работа и водењето на меѓународните односи, може да се каже дека Казахстан е единствената централноазиска земја која има воен и политички капацитет и може да си дозволи соработка и партнерство и со Истокот и со Западот. Во врска со ова, мора да се напомене дека Казахстан успева да соработува на едно многу повисоко ниво и со ДОКБ и со НАТО, што во најмала рака може да се забележи преку големината на декларираните единици кои ги има во двете организации, учеството во мисии и фасцилитацијата на вежби организирани од двете организации.

[90] Arifhanov, Shavkat . “Centralinaya Azia: Nastoiaeshee i Budushee” (Central Asia: Present and Future), 143.
[91] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.” , 2.

### 3.2.3 Узбекистан

Втора по големина централноазиска држава, поранешна членка на СССР и земја која има историја во воспоставувањето договори со западните сили. Иако поседува солидна бројност на вооружени сили, близината со Авганистан може да се земе како можност за соработка, а и самата нејзина големина дава сериозна нота во контемплациите во врска со неа, сепак Узбекистан ја нема ни приближната политичка стабилност и вештина која ја има Казахстан. Важи за земја во која од самото нејзино осамостојување од СССР, па сè до 2016 година на власт беше претседателот Ислам Каримов, кој се опишуваше како вечниот диктатор на Узбекистан. Проблемите кои ги имаше Узбекистан со Киргистан и узбечките националности кои живеат таму, а и фактот што во текот на помодерната нејзина историја често ја подаруваше својата доверба на Истокот и на Западот, може да се каже дека беа резултат на самата политика на Каримов, која е етикетирана како лабилна и параноична.

Узбекистан е одлучен остро да се спротивставува на исламскиот екстремизам и сепаратизам, но неговата постапка за затворање на Американската К2[92] (за што доби поддршка од ШОС на Самитот во Астана[93]) база близу Авганистан и неговото повлекување на членство во ДОКБ укажува на несигурноста и неодлучноста во изразувањето на своите афинитети – прозападни, традиционални руски или происточни-сојузување со Кина. Факт е дека оваа земја е една од првите кои се ставија на располагање во борбата против тероризмот по нападите од 11.9.2001 година и придонесе во развојот на т.н. „Руска рута“ како гранка од Северната дистрибуциска мрежа. Исто така, факт е дека негува длабока почит кон својот непосреден сосед Казахстан, поради неговата политичка и материјална „тежина“, но и поради неговите силни врски со Русија[94]. Политиката на претседателот Мирзивојев, следбеникот на Каримов, успеа да ги обнови врските со Москва и да го подобри статусот на Узбекистан во регионот.

### 3.2.4 Киргистан

Киргистан како генерално безбедносно нестабилна земја во регионот тежнее да ги негува цврстите врски со ДОКБ и Русија кои ги препознава како главен гарант за внатрешната и регионалната безбедност, што е поддржано од фактот дека во Бишкек се

[92] K2: Kharshi- Khanabad

[93] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 432.

[94] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 426.

наоѓа главниот штаб на Силите за брзо распоредување на ДОКБ[95]. Во врска со внатрешниот мир и безбедноста, не може да се посочи дека владее со состојбата, земајќи ги предвид меѓуетничката нетрпеливост помеѓу Киргистанците и Узбекистанците кои живеат во областа на Ош, што ескалираше во 2010 година, што беше етикетирано како етничко чистење на Узбекистанците во Киргистан.

Генерално, внатрешните безбедносни предизвици на Киргистан се опфатени во спектарот на меѓуетничките нестабилности и сепаратизмот, делинеацијата на границите, тензиите околку ресурсите на вода и енергија, потенцијалната опасност за дестабилизација во долината Фергана. Иако сами по себе овие предизвици укажуваат на сериозноста и за потребата за контрола и навремено нивно решавање, кога на ова ќе се додаде фактот дека Киргистан не располага со доволно обучена војска која ќе служи како гарант на безбедноста внатрешна и кон надвор, може да се заклучи дека со мало зголемување на интензитетот на кој било од овие предизвици, многу лесно може локалниот проблем да стане регионален и да предизвика незапирлив доминоефект во Централна Азија.

Заклучокот на Гелфгат во врска со војската на Киргистан укажува на нејзината реална објективна слика при што посочува „како една од најслабите вооружени сили во Централна Азија, киргиската војска несомнено ќе бара помош од Русија/ ДОКБ, со цел ефективно да се справи со терористички појави или да одговори на нестабилност од пошироки размери“[96].

### 3.2.5 Таџикистан

Како земја која важи за најсиромашна во Централна Азија, а воедно и земја која со распадот на СССР го понесе товарот на Граѓанска војна која се случи во периодот 1992-1997 година[97], „Таџикистан се мачеше една декада подолго отколку своите соседи во основањето на легална основа за воена контрола и планирање и формулирање на кохерентна воена стратегија“[98]. Поради ова, сосема очекувано е сите дејства на вооружените сили на Таџикистан и на владеачките структури се насочени кон сузбивање на организираните криминални групи, шверцот со дрога и сепаратизмот. Според ова

[95]Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.” , 6.
[96] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.”, 9.
[97]Pannier, Bruce. “Tajikistan's Civil War: A Nightmare The Government Won't Let Its People Forget.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, June 23, 2017. https://www.rferl.org/a/qishloq-ovozi-tajikistan-civil-war/28575338.html.
[98] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.”, 10.

може да се заклучи дека Таџикистан првенствено цели кон решавање на своите внатрешни работи, пред да почне да развива надворешни аспирации и да решава регионални безбедносни предизвици. Аналогно произлегува заклучокот дека членство на Таџикистан во ДОКБ и во ШОС се основа на природно припојување до сојуз кој е во голема мера сличен на СССР, кој во исто време го застапува аспектот на одржување на добрососедските односи, а исто така претставува најочигледното решение и потпора за одговор на безбедносните предизвици.

Таџикистан не е сериозна воена сила во регионот, со оглед на фактот дека вооружените сили особено тешко се справуваат со внатрешните бунтови разгорувани од сепаратизмот и милитантниот исламизам како што беа случаите во 2010 во Долината Рашт и 2012 година во Корог[99], но од друга страна мора да се потенцира дека важи за едно од најголемите упоришта на Руски сили надвор од Русија. Фактот што „руската 201. пешадиска дивизија (приближно 7,000 војници) е лоцирана во три бази во Таџикистан“[100], што не е случај во ниту една друга земја во Централна Азија, доволно зборува за лабилноста и несигурноста на Таџикистан како централно азиска воена сила.

### 3.2.6 Туркменистан

Туркменистан важи за земја која цврсто се држи до принципот на позитивна неутралност и изолационизам, во овој регион. Неговата инертност по прашањето за зголемување на капацитетите на своите вооружени сили, како и подигнувањето на нивното ниво на интероперабилност се појдовна основа за Туркменистан да биде гледан како земја без перспектива за соработка на полето на безбедноста, но не и целосно заборавена, земајќи го предвид фактот дека има излез на Каспиското Море. Таа не членува ни во ДОКБ, ни во ШОС, и не дозволува базирање на странски сили на своја територија[101], а со тоа не дава никаков придонес во градењето и чувањето на мирот во регионот, ни директно – со декларирање на сили во актуелните жаришта, ни индиректно – преку давање помош и волја за соработка. Во врска со второто, мора да се забележи дека географската положба на Туркменистан – неговиот излез на Каспиското Море, претставува одлична можност и причина повеќе за развој на Северната дистрибуциска

[99] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.”, 11.
[100]Rfe/rl. “Lavrov Calls Russian Military Base In Tajikistan 'Important Security Factor'.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, February 5, 2019. https://www.rferl.org/a/lavrov-calls-russian-military-base-in-tajikistan-important-security-factor-/29752743.html.
[101] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.”, 14.

мрежа, која значително би го олеснила логистичкото обезбедување на силите на ИСАФ во Авганистан, доколку Ашхабат ова го прифати.

Како важен момент на излегување од границите на изолационизмот е неговата соработка со ШОС во делот на воспоставување гасовод кој ќе почнува од Туркменистан. Согласноста на оваа позитивнонеутрална земја да се изгради „долг гасовод кој ќе пренесува природен гас од источен Туркменистан (кој не е дел од ШОС) до Кина преку Узбекистан и Казахстан“[102], освен што авторот заклучува дека значи „дипломатска победа на Пекинг“[103], мора да биде разгледувана од аспект на можност за почеток за развој на соработката со оваа организација. Особено значаен е фактот дека Туркменистан, иако ја изразува својата незаинтересираност во делот на развој на воени капацитети и одлучно го практикува принципот на позитивна неутралност, кога се укажува можност за економски напредок, што во овој случај претставува единствената логична причина за неговата согласност за испораката на природен гас, тогаш авторитетите на власта се подготвени да ги олабават спрегите на изолационизмот.

Според магазинот IHS Global Ltd. „вооружените сили на Туркменистан се проценети како најслаби во Централна Азија“[104]. Во врска со овој заклучок мора да се посочи дека е делумно точен и тоа поради фактот што проценката на силите на Туркменистан е направена гледајќи низ призмата со колку сили се способни да придонесат за одржување и воспоставување на мирот во регионот. Туркменистан одржувајќи ја својата политика на позитивна неутралност[105], ја презентира одлуката дека вооружените сили со кои располага ќе ги користи само во рамките на сопствените граници и тоа конкретно за одржување на територијалниот интегритет. Со оглед на ова, заклучокот дека силите на Туркменистан се едни од најслабите во регионот, паѓа во вода. Можеби од аспект на распоредливост во мировни мисии и нивна интероперабилност, навистина Туркменистан ниско котира за разлика од своите соседи, но од аспект на исполнување на своите клучни мисии: „одбрана на Каспискиот Брег и осигурување дека границите со Авганистан и Иран се што е можно поробустни“[106], може да се посочи дека оваа Централно Азиска држава располага со солидна персонална и материјална пополнетост во своите редови, согласно својата политика.

---

[102] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 425.
[103]Ibid.
[104] “Chapter Five: Russia and Eurasia”, 199-244; and Turkmenistan Defence Budget (London, UK: IHS Global Limited, 2012).
[105] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.” , 14.
[106]Ibid.

***

Генералниот заклучок во врска со односите на земјите од Централна Азија се движи во насока да го потврди фактот дека скоро сите земји- членки по распадот на СССР ја добија слободата и почнаа да кокетираат со Западот и НАТО и САД како негови најкарактеристични олицетворенија, но во исто време ги задржаа сентименталните традиционални врски со Русија како матица на поранешниот СССР. Уште еден факт во врска безбедносните предизвици кои владејат во централноазискиот регион е тоа што сите земји објективно се справуваат со идентични проблеми- милитантен исламизам и сепаратизам, меѓуетнички тензии со традиционални корени, шверц на дрога во регионот, а особено од Авганистан, нерешени прашања во врска со границите. Она што ја усложнува ситуацијата на сите централноазиски земји е тоа што, не сите од нив успеаја внатрешно да се организираат за да обезбедат соодветна контрола, внатрешен мир и безбедност, да почнат да се занимаваат со решавање на регионални безбедносни предизвици, кои, патем речено, ги има на претек. Овој проблем треба да се разгледува како еден од главните дебалансирачки фактори во регионот, со оглед на фактот дека недостатокот од вештина или средства за справување со внатрешен проблем во самата држава, може да предизвика покомплексен проблем кој ќе биде императив за решавање на регионално ниво.

### 3.2.7 ДОКБ и ШОС во Централна Азија

Во Азија фигурира и Шангајската организација за соработка во која главниот збор го има Кина, која, исто така е безбедносна организација по состав скоро идентична на ДОКБ. Иако и оваа организација ажурно одржува вежби на своите декларирани сили, сепак не може да се најде соодветен доказ дека фактички и прагматично решила некој безбедносен проблем, или пак активно се вклучила во решавањето на одредено прашање кое ја засега безбедноста на азискиот континент, или поточно централноазиското тло.

Иако предизвикот со делиминацијата и утврдувањето на границите помеѓу централноазиските држави е надминат, што, патем, беше една од главните безбедносни предизвици на ШОС по распадот на СССР и прогласувањето на независност на овие држави, со текот на времето Кина станувaше сè позагрижена за трите „-изми“ – сепаратизам, екстремизам, исламизам, кои беа приоритет за ШОС уште од 1998

година[107]. Овие безбедносни ризици стануваа сѐ посериозни и бараа преземање мерки за одговор на евентуална ескалација во границите на Организацијата. Како реален производ на оваа перцепција за безбедносната ситуација во Азија, Шангајската организација за соработка во 2004 година ја основаше Регионалната антитерористичка структура (РАТС) базирана во Ташкент- Узбекистан, со цел споделување на разузнавачки податоци за задграничните исламистички терористички активности,[108] што може да се смета за првиот поголем успех по официјалниот почеток на функционирање на оваа организација.

Замислата за постоењето на оваа безбедносна структура во рамките на ШОС во е оправдана, а кога на ова ќе се додаде и нејзината намена, тогаш дури може да се каже и дека е неопходна. Сепак, од друга страна, треба да се земат предвид историските недоразбирања помеѓу централноазиските земји што се главна причина за да се стави функционалноста на оваа организација во прашање. Кабестан тврди дека „Кина знае, исто како и нејзините партнери во ШОС дека мултилатерална разузнавачка соработка преку РАТС не може да биде оптимална поради длабоките сомнежи кои ги има секоја земја против своите непосредни соседи“[109], што го потврдува претходното тврдење, а во исто време ги поткопува значењето и реалната функционалност на Организацијата.

Аспектот на внатрешно решавање на немирите и управување со државата, како и менаџирање со ризиците или, патем речено, недостатокот од сето тоа, меѓународната јавност и Централна Азија имаа прилика да го посведочат во 2005 година кога тензиите ескалираа и се случи масакрот во источниот узбекистански град, Андижан.

ШОС не реагираше на побунувањето на Узбекистанците по осудувањето на 23 локални бизнисмени, обвинети за поврзаност со исламски екстремизам[110], што набргу потоа ги предизвика масакрите во Андижан[111]. Во мај 2005 година на Плоштадот Бабур во Андижан „десетици илјади Узбекистанци се собрааа да бараат леб, работа и подобро образование од режимот на претседателот Ислам Каримов“[112].Толкувајќи го овој собир

[107] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 424.
[108] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 424.
[109] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 431.
[110]“Uzbekistan: The Andijon Uprising.” Crisis Group, September 21, 2016. https://www.crisisgroup.org/europe-central-asia/central-asia/uzbekistan/uzbekistan-andijon-uprising.
[111] Blank, "Making Sense of the Shanghai Cooperation Organization.", 41.
[112]Abizaid, Dana. “Uzbekistan's Forgotten Uprising.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, March 23, 2011. https://www.rferl.org/a/commentary_uzbekistan_uprising/2346431.html.

како проба за одметнување на власта, Каримов издаде наредба за отворање оган кон толпата која протестираше пред градското собрание, при што беа убиени околу 700 лица, меѓу кои жени и деца[113].

Сличен ваков случај се материјализираше во 2010 година, кога ШОС повторно не успеа да ги активира своите политички или воени механизми и дозволи непречено да се случи погромот на узбекистанците во областа Ош во Киргистан[114], при што во вооружени престрелки помеѓу киргистанските и узбекистанските етнички групи беа убиени над 100, а ранети на 1100 лица[115]. Во своја одбрана ШОС укажа на легислативата во членот 5 од самата Декларација за Основање на Шангајската организација за соработка, кој тврди „Земјите членки на Шангајската организација за соработка цврсто се придржуваат до принципите на Повелбата на Обединетите Нации, принципите на заедничко почитување на независноста... не мешањето во внатрешните работи, не употребата на закана или употреба на воена сила ....“[116].Изјавата на кинескиот државен советник Жао во врска со односот на Кина по прашање на интерните немири на земјите членки на ШОС укажува дека „Пекинг не може да остане тотално инертен ако домашна криза во земја на ШОС (пр. Киргистан во 2010 година) ги загрозува самите граѓани на Кина или нејзините економски интереси. Кина ќе остане инертна на конфликти кои можат да ја згрозат безбедноста на своите граѓани или економијата“[117]. Оваа изјава иако контрадикторна сама по себе, а и во врска со Декларацијата за основање на Шангајската организација за соработка, значително ги разјаснува погледите и намерите во Кина од аспект на решавање и однос спрема внатрешните конфликти. Од категоричната изјава на Жао може да се заклучи дека Кина ќе остави самите држави членки на ШОС да ги решаваат своите внатрешни конфликти и немири, сè додека тие не почнат да влијаат и да ја загрозуваат безбедноста или пак економијата на Кина и кинескиот народ.

Економскиот аспект на влијанието на Кина во Централна Азија се гледа и преку реализираните планови и договори во регионот, особено на билатерално ниво. Во оваа насока Кина има помогнато во изградба на регионални железнички комуникации, како

---

[113]Mirovalev, Mansur. “Uzbekistan: 10 Years after the Andijan Massacre.” War & Conflict | Al Jazeera. Al Jazeera, May 12, 2015. https://www.aljazeera.com/indepth/features/2015/05/150511123115026.html.
[114] Blank, "Making Sense of the Shanghai Cooperation Organization.", 41.
[115]Harding, Luke. “Kyrgyzstan Erupts into Ethnic War.” The Guardian. Guardian News and Media, June 13, 2010. https://www.theguardian.com/world/2010/jun/13/kyrgyzstan-erupts-into-ethnic-war.
[116]Декларација за Основање на Шангајската организација за соработка, 2.
[117] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 431.

и гасовод за пренос на природен гас од Туркменистан до Кина, преку Узбекистан и Казахстан[118].

Досегашната елаборација води кон заклучокот дека кога се зборува за вклученоста на ШОС во решавањето на безбедносни предизвици во Централна Азија, значи недостатокот од вклученост или интерес за решавање на безбедносните прашања во регионот. Тоа не се случи ни во еден момент кога владееја немири во самите земји-членки на ШОС, а не се случи ни во периодот кога НАТО доби дозвола да навлезе во Авганистан за да се спротивстави на тероризмот. Иако самите земји- членки на ШОС беа во одредена мера вклучени во решавањето на посредни прашања со цел да помогнат на трупите на ИСАФ, сепак официјалните ставови на ШОС преку гласноговорниците на Кина беа дека „Кина останува спротивставена на каква било интервенција на ШОС во Авганистан и очигледно ШОС нема ни волја ни средства да изведе таква интервенција“[119].

Односите на државите во Централна Азија се базираат врз многу комплексен контекст кој го носи бремето на историјата и сè уште имаат многу нерешени прашања, што дополнително го отежнува донесувањето одлуки на ДОКБ и на ШОС. Она што го придонесе ШОС во врска со централноазиските држави е делумното активирање на неутралниот и заостанат Туркменистан од аспект на снабдувањето со природен гас, отвори простор за остварување трговски и комерцијални комуникации во Централна Азија и во значително ниво оформи рамка која ги ограничи и ги намали тензиите од традиционалните прашања што ги имаат земјите. Исто така, самиот факт што во ШОС членуваат и Русија и Кина, како два военополитички гиганти во Азија, а во исто време Русија е основоположник на ДОКБ, придонесува (сосема природно) да владее дисхармонија во самата ШОС, а двете најголеми земји да се стремат да ги остварат своите интереси, а во исто време да го ослабат или да го дестабилизираат влијанието на другиот во регионот. Поради ваквото ривалство, во ниеден момент не треба да се потцени комплексноста на односите и помеѓу организациите и помеѓу земјите во Централна Азија.

---

[118] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 425.

[119] Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 432.

# 4 Односите помеѓу НАТО и ДОКБ

Во анализата на односите помеѓу двете организации, треба да се земат предвид фактичките ситуации на две нивоа, ***макрониво*** – дејства на самите организации, преку кои ќе се воочи генералната слика за намерите и имплементацијата на одлуките на самите организации и евентуалните примери за нивна соработка; но и онаа на ***микрониво*** – а тоа се самите билатерални и трилатерални договори помеѓу државите кои се земји- членки на организациите. Второто ниво на анализа, дава подетален приказ и појасна слика во врска со односите помеѓу двете земји, но и помеѓу двете организации. Неретко се случува она што НАТО не може да го постигне на макро ниво по пат на военодипломатските елементи и структури на организацијата, успева да го оствари по пат на билатерални договори помеѓу своја земјачленка и земјачленка на ДОКБ. На тој начин НАТО успешно и итро го проширува своето влијание на тлото на Централна Азија, а притоа земјатапотписничка на билатералниот договор формалноправно се обврзува да ги испочитува договорените одредби.

## 4.1 НАТО, ДОКБ и ШОС по однос на состојбата на Авганистан

Врз основа на тоа што беше елаборирано во досегашната анализа, се дојде до заклучокот дека најголемите регионални безбедносни предизвици во Централна Азија, генерално потекнуваат од Авганистан. Имено, во јануари 2002 година, НАТО влезе со своите сили во Авганистан, во самото „предградие“ на Русија и на Кина, со цел да се бори против тероризмот во светот, чие седиште Талибанците го имаа токму во Авганистан. Во текот на годините и денес, не може да се забележи ниедна официјална иницијатива од ДОКБ или од ШОС за внесување на свои сили или соработка со НАТО по ова прашање. Инертноста или неможноста на ДОКБ за да се вклучи во напорите кои ги даде и ги дава НАТО во овој дел од светот, остава простор за подетално истражување и пронаоѓање на причината зошто е тоа така.

Можните одговори во врска со ова може да произлезат од различните аспекти на анализа на овој проблем. Почнувајќи од најочигледната причина зошто ДОКБ како организација не успеа да повлијае на случувањата во своето соседство, е тоа што во периодот кога се Советот за Безбедност на ОН одлучуваше дали да го одобри влезот на НАТО силите во Авганистан, ДОКБ не беше развиена на ниво на организација, туку уште важеше за Регионален безбедносен договор помеѓу земјитепотписнички. За потсетување, кон крајот на 2003 година на ДОКБ ѝ беше признаена Повелбата, за во

2004 година да добие набљудувач на Генералното собрание на ОН[120]. Напоредно, во овој период НАТО веќе успеа да ја прошири територијата на дејствување на силите на ИСАФ во деветте северни провинции[121].

## 4.2 Отвореноста на Русија за соработка со НАТО

Во октомври 2012 година претседателот на Русија, Владимир Путин изјави: „Ние сме подготвени да соработуваме со НАТО за Авганистан, не затоа што го сакаме НАТО, не, воопшто, туку затоа што кореспондира со нашите интереси. Ова е многу прагматичен пристап, ништо лично“[122]. Ова тврдење посочува на две работи: 1) Русија (а воедно и ДОКБ) е подготвена за соработка со НАТО затоа што случувањата во Авганистан се мошне комплексни и во нивен интерес е тоа да се стави под контрола; 2) Русија јасно го покажува антагонизмот кој го има спрема НАТО, но за постигнување на заедничката цел ја изразува својата подготвеност за соработка.

Во врска со соработката на ДОКБ со НАТО и рускиот шеф на Вториот оддел за Азија во Министерството за надворешни работи на Русија, Замир Кабулов, потврдува: „темата (за соработка со НАТО) може да биде сметана за затворена и тоа не по наша иницијатива. НАТО беше тој што одби да соработува со ДОКБ. Фактот е тоа што овој регион е дел од поголемиот евроазиски регион и дека ние разбираме дека ни Американците ни НАТО можат да ја завршат работата за нас“[123].

Постојат автори кои тврдат дури дека НАТО иницијално влезе во Авганистан за да се бори против тероризмот и Осама Бин Ладен како негово најсуштинско олицетворение и Талибанците кои го штитеа[124], но со тек на времето најде нова причина да се задржи на централноазиското тло и нема изгледи дека ќе се повлече од Авганистан во скоро време. Како главна причина се наведува гасоводот кој води од Туркменистан, Авганистан, Пакистан до Индија и контролата над него, а со тоа и да го добие аеродромот Мери во Туркменистан со цел, концентрација на сили за осигурување на

[120]“Collective Security Treaty Organisation- From treaty to Organisation” Collective Security Treaty Organisation. Accessed December 29, 2019. https://en.odkb-csto.org/25years/.

[121]Nato. “NATO and Afghanistan.” NATO, December 10, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_8189.htm#.

[122]Baczynska, Gabriela. “Russia Wants Answers on NATO Post-2014 Afghan Mission.” Reuters. Thomson Reuters, October 25, 2012. https://www.reuters.com/article/russia-afghanistan-nato/russia-wants-answers-on-nato-post-2014-afghan-mission-idINDEE89O0DR20121025.

[123]Baloch, Tayyab. “NATO Challenges SCO and CSTO in Afghanistan.” Katehon think tank. Geopolitics & Tradition, June 15, 2016. https://katehon.com/article/nato-challenges-sco-and-csto-afghanistan.

[124]Isachenkov, Vladimir. “AP Interview: Envoy Says Russia's Clout in Afghanistan Rises.” AP NEWS. Associated Press, February 14, 2019. https://apnews.com/dc6a8ad27d8d43cab018b1ad701ecd50.

гасоводот[125], но и за осигурување на уште едно упориште на сили на САД за понатамошно распоредување согласно со укажаните потреби. Со оглед на тоа дека Узбекистан ја затвори воздухопловната база Карши Канабад, а по одредено време и Киргистан по овој пример го направи истото со базата Манас, новинарската и експертска фела не одолеа да прогнозира дека аеродромот Мери во Туркменистан ќе биде следна цел во агендата на САД, што во суштина не беше точно.

Факт е дека, дефинитивно, работите ќе станеа многу покомплицирани доколку и НАТО, а подоцна и ДОКБ во својот најсуштински смисол беа влегле во Авганистан за да се справат со предизвиците. Основа на ова тврдење е различното функционирање и воспоставување конторла на двете Организации, односно нивните најголеми земји членки. Мора да се разбере дека, иако и НАТО и ДОКБ во нивните основачки акти се обврзуваат на безрезервна колективна одбрана во случај на напад на која било нивна земјачленка, сепак дијаметрално се разликуваат во начинот на воспоставување контрола, како и во насочувањето и изнаоѓањето решенија со владеачките структури на земјите во кои предводат операции. Авганистан како земја со исклучително комплексна историја и безбедносен концепт го оправдува ова тврдење.

„Политиката на Русија се базира на функционализам и колективизам“[126] – велат Евисков и Шафир. Москва не цели да го трансформира режимот на државата со која соработува, ниту да наметнува строго детерминирани правила на функционирање во самата држава. Напротив, Русија работи со тоа што го има, односно не се интересира за тоа како власта функционира и дали прави одредени исклучоци, туку многу повеќе е фокусирана на почитувањето на договорот кој го има со неа и на резултатите кои произлегуваат од него – кои несомнено ги остваруваат руските безбедносни агенди. САД, од друга страна, се гордее со фактот дека е олицетворение на демократијата и прави сè за да ги наметне, да ги воспостави и да ги исконтролира принципите на функционирање на демократијата во државите во кои традиционално политичката определба е детерминистичка – лидерот кој е одбран станува еквивалентен на политичкото функционирање на државата и не се препознава потребата тој да биде сменет и контролиран (до неговата смрт). Ова важи за секоја земја во Централна Азија,

[125]Baloch, Tayyab. “NATO Challenges SCO and CSTO in Afghanistan.” Katehon think tank. Geopolitics & Tradition, June 15, 2016. https://katehon.com/article/nato-challenges-sco-and-csto-afghanistan.
[126]Evsikov, Egor, and Shafir, Leonid, "Joint Security Cooperation or Regional Disintegration? Why the West Should Engage Russia in Central Asia.", 56.

особено за Авганистан. Поради ова, често е верувањето и гледиштето дека САД и НАТО се непријатели на авганистанскиот народ и традиција.

Варијантата која беше одобрена од Советот за безбедност на ОН – силите на НАТО да влезат на територијата на Авганистан и да ја почнат мисијата ИСАФ – од аспект на фунцкионалност се покажа како правилна. Поради ова, на земјите од кои подоцна ќе се формира ДОКБ, за која се воочи дека става акцент на својот одбранбено безбедносен аспект на функционирање, своевремено не им преостана ништо друго, туку да ги зголемуваат граничните патроли и да концентрираат сили по должина границите со Авганистан[127].

Иако ДОКБ подоцна имаше понудено можност за соработка со НАТО, сепак НАТО остана да инсистира со свои сили и средства да ги реши предизвиците во Авганистан. На почетокот на 2010 година поактивно почна да функционира и ИСИС на територијата на Азија, а тоа за Русија и централноазиските држави значеше нов проблем за безбедноста на кој мораше да се одговори веднаш. Ова повторно не беше доволно добра причина за НАТО да прифати соработка со ДОКБ, така што единствено што остана за ДОКБ беше „да бара алтернативни начини за стабилност во Авганистан со преземање мерки на претпазливост и да превенира пенетрација на трупи на ИСИС од Авганистан на териториите на земјитечленки на ДОКБ“[128].

Развојот на настаните не остави простор за да не се постави прашањето: „Зошто Кина и ШОС не направија напори да се вклучат и да го дадат својот придонес во напорот кој го правеше НАТО во Авганистан?“ Самиот одговор на ова прашање има неколку аспекти и тоа:најпрво, Кина со своите постапки јасно дава до знаење дека доколку не ескалира ситуацијата во границите на ШОС (или самите граници на Кина), а тоа директно не влијае на нејзините граѓани или на економијата, таа нема да дејствува; потоа, ќе продолжи да го бара економскиот интерес во ситуациите и да поттикнува проекти и да постапува за да дојде до економски бенефит од државите во Централна Азија; следно, како што тврди Кабестан, а како што беше докажано во претходните глави за безбедносниот контекст и за дисхармонијата која владее во соседството на Централна Азија, „Кина исто така е наполно свесна за тешкотиите на ШОС да постигне консензус, да донесува одлуки и да изведува здружени акции“[129]. На крај, ШОС ги нема ни волјата

[127]Ibid.
[128]Baloch, Tayyab. “NATO Challenges SCO and CSTO in Afghanistan.” Katehon think tank. Geopolitics & Tradition, June 15, 2016. https://katehon.com/article/nato-challenges-sco-and-csto-afghanistan.
[129] Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 431.

ни средствата да изведе таква интервенција, а Кина останува спротивставена на каква било интервенција на ШОС во Авганистан[130].

## 4.3 НАТО и земјитечленки на ДОКБ

Аспектот на соработката помеѓу НАТО и ДОКБ може да биде разгледуван и на микрониво, односно, да се анализира соработката на НАТО со земјитечленки на ДОКБ, затоа што директната кооперација на макрониво е многу малку или не е воопшто застапена. Притоа, она што треба да се потенцира е фактот дека, иако можат да се најдат бројни примери за соработка помеѓу НАТО и неговите азиски партнерски земји кои даваат реални резултати на теренот, сите земји за кои ќе стане збор во понатамошната елаборација имаат цврсти врски (традиционални, воени, политички, економски, културални...) со Русија. Објективно, соработката на сите земји- членки на ДОКБ со НАТО потекнува од распаѓањето на СССР и формирањето на Северноатлантскиот совет за соработка, па се развива во партнерство преку програмата Партнерство за мир (ПзМ), за зенитот да се постигне со посредната и непосредна поддршка при мисијата ИСАФ во Авганистан и со продолжувањето на соработката во наредниот период.

### 4.3.1 Русија и НАТО

Активностите кои ја карактеризираат соработката на Русија и НАТО по разединувањето на Советскиот Сојуз, варираат од организирање на курсеви по англиски јазик, преку цивилновоена соработка, па сè до поддршка на НАТО предводени операции и мисии. Периодот по распадот на СССР беше бурен не само за Западот, туку и за Русија, која во тоа време ја беше прогласила својата независност и требаше да ја задржи довербата на своите соседи и да ја продолжи соработката со нив. Во исто време не можеше да ги остави работите на случајноста, па ја презентираше својата отвореност за соработка, при што даде значајна поддршка на одделните намери на НАТО.

Нејзиниот пристап во Северноатлантскиот совет за соработка, а потоа и во Партнерството за мир ја формализираше основата за соработка со НАТО. Со тоа се трасираше патот за поддршка и потиснување на антагонизмот кој постоеше дотогаш. Резултатите беа евидентни и значајни, но во исто време не смее да се запостави фактот дека активностите на Русија беа унилатерални. Имено, за време на целата нејзина

[130] Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 432.

соработка со НАТО паралелно функционираше и дејствуваше на територијата на Централна Азија, членувајќи во Шангајската организација за соработка и во Договорната организација за колективна безбедност.

Со оглед на плодноста на соработката помеѓу овие два гиганта, а во исто време земајќи ја предвид сериозноста на нивната военополитичка моќ, набргу по отпочнувањето на мисијата ИСАФ во Авганистан, во 2002 година се основаше Советот НАТО- Русија (NATO – Russia Council), кој ја подигна соработката на повисоко ниво, а ја имаше „функцијата на консултативен форум за актуелните безбедносни проблеми и за насочување на практичната соработка во широк спектар на области“[131]. Работата на Советот НАТО – Русија беше евидентна и низ годините резултираше со бројни обуки за справување со шверц со дрога и оружје, противтерористички обуки, соработка во доменот на воздушното набљудување, размена на разузнавачки податоци во врска со тероризам и координирање на активности од доменот на безбедноста.

Авганистан претставуваше причина повеќе за соработка, не само затоа што Русија беше формалноправно обврзана да го поддржи НАТО, туку затоа што активностите во регионот претставуваа императив за таа да го насочи нејзиниот интерес и да преземе одредени мерки. Со оглед на тоа дека немаше право непосредно да придонесе во рамките на самата територија на Авганистан, тоа го направи преку посреден пат со тоа што овозможи транзит на стоки за силите на ИСАФ преку нејзината територија преку познатата „Руска рута“ (како дел од Северната дистрибуциска мрежа), така што во 2009 година беше испратена првата пратка на воена стока преку оваа рута[132].

Иако не беше влегла во Авганистан за време на присуството на НАТО, Русија сепак ја развиваше интероперабилноста со Алијансата преку учество во НАТО-операции како што се *Актвиен напор* (Active Endeavour) за зголемување на безбедноста на најпрометните рути на Медитеранот[133], операцијата *Океански штит* (Ocean Shield) за справување со пиратските напади во западниот дел на Индискиот Океан[134], како и операции за подводна потрага и спасување во периодот 2005-2011 година[135]. Поддршката од Русија на мировните мисии кои ги предводеше НАТО беше исто така

[131]Nato. “Relations with Russia.” NATO, November 26, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_50090.htm.
[132]McDermott, “Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.”, 92.
[133]“OPERATION ACTIVE ENDEAVOUR.” SHAPE. Accessed January 14, 2020. https://shape.nato.int/missionarchive/operation-active-endeavour.
[134]“Allied Maritime Command - Operation OCEAN SHIELD.” SHAPE. Accessed January 14, 2020. https://mc.nato.int/missions/operation-ocean-shield.
[135]Nato. “Relations with Russia.” NATO, November 26, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_50090.htm.

застапена, со тоа што руските трупи учествуваа како дел од КФОР во периодот 1999-2003 година за одржување на безбедносната состојба во Косово[136], како и во Босна[137] по распадот на Југославија. Цивилниот аспект на соработка помеѓу НАТО и Русија беше опфатен со напорите за градење на цивилни капацитети за справување со катастрофи, што веднаш вроди плод со основањето на Евроатлантскиот центар за одговор и координација при катастрофи во 1998 година, на иницијатива на Русија. Според ова би можело да се заклучи дека соработката на Русија со НАТО до 2014 година, како и поддршката што ја даде за време на мисијата ИСАФ во Авганистан може да се прифати како еден аспект на соработка на НАТО со ДОКБ и тоа само доколку за момент се занемари фактот дека Русија и ДОКБ во својата перцепција никако не ги гледаа ни НАТО ни САД во Авганистан.

Влегувањето на руските трупи на Крим и неговото припојување кон Русија во 2014 година претставуваше пресвртна точка во односите на НАТО и Русија, по која соработката тргна по надолна линија. Во тој момент на НАТО не му преостана ништо друго освен да ги прекине сите активности на соработка и да ги остави отворени само официјалните канали за комуникација – Советот НАТО- Русија, кој, иако важи за форум за дијалог за соработка, од овој момент почна да служи како форум за дијалог за решавање на ситуацијата преку мирен пат. Слично постапи и меѓународната заедница, па така во периодот март – јуни 2014 година, Русија доби санкции и од САД и од Европската Унија, но ова не ја спречи и не ја предомисли во нејзините намери[138].

По интервенцијата на Русија во Крим, освен што релациите НАТО- Русија се заладија (според некои и повеќе од она што беа во Студената војна), Москва почна отворено и безрезервно да ги критикува постапките на НАТО во Авганистан. Во периодот по 2012 година Москва континуирано ѝ ставаше до знаење на јавноста дека е во секое време отворена да соработува со САД и НАТО во врска со состојбата во Авганистан, но исто така не пропушташе да посочи дека се соочува со недостатокот на волја за соработка од страна на НАТО. Исто така појавата и проширувањето на ИСИС

[136]"NATO Update: Russian Troops Leave KFOR - 2 July 2003." NATO Index. Accessed January 14, 2020. https://www.nato.int/docu/update/2003/07-july/e0702a.htm.
[137]Nato. "Relations with Russia." NATO, November 26, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_50090.htm.
[138]Bershidsky, Leonid. "Five Years Later, Putin Is Paying for Crimea." Bloomberg.com. Bloomberg, March 16, 2019. https://www.bloomberg.com/opinion/articles/2019-03-16/russia-s-annexation-of-crimea-5-years-ago-has-cost-putin-dearly.

во регионот[139], беше искористена како аргумент повеќе за да се даде уште посериозна нота на потребата за соработка помеѓу НАТО и Русија.

Уште еден интересен факт кој воедно претставува и загрижувачки фактор е тоа што САД во февруари 2019 година објави дека ќе прекине да ги почитува обврските (која го потпиша Реган во 1987година) пропишани во INFдоговорот за повлекување на нуклеарни ракети со среден дострел (и слично вооружување), поради тоа што Русија во скоро време успеа „да развие, да продуцира, да тестира и да распореди 9M729 или SSC-8 ракети ... способни да пренесуваат нуклеарни боеви глави“[140]. Особено важно е да се посочи дека во овој момент најважниот договор, кој ја оформи рамката за развој на сериозно вооружување и ја ублажи Студената војна, а со тоа ги натера САД и Русија да се согласат на ова ограничување, се ризикува да биде прекршен. Без овој рамковен договор Русија и САД би можеле слободно да го јакнат својот нуклеарен арсенал. За НАТО од друга страна, особено е важно зачувувањето на овој договор и покрај тоа што Русија не придава значење на обвиненијата на САД и меѓународната заедница, тврдејќи дека со своите постапки не направила никаков престап на Договорот.

Во овој контекст, на последното заседание на НАТО- Русија Советот во јули 2019 година беа дискутирани три прашања: состојбата со Украина, INF- договорот и транспарентноста во работата. Во своето официјално обраќање на прес-конференцијата Генералниот секретар на НАТО, Столтенберг, ја изрази својата загриженост во врска со INF договорот со тоа што посочи дека „причината зошто овој договор е сега загрозен е руското непочитување. Не постојат нови американски ракети во Европа, но постајат многу нови руски ракети во Европа. И тоа е причината зошто Договорот сега е во опасност. Русја го прекршуваше Договорот во текот на многу години и нашата загриженост, загриженоста на САД и загриженоста на НАТО во врска со новите руски ракети ѝ беа нагласувани на Русија неколку години. Всушност тоа беше админстрацијата на Обама која прва ја изрази загриженоста во врска со руското непочитување и ние, исто така, јасно посочивме дека на долг рок не е можно контролата на оружјето да функционира и да не направи побезбедни ако е почитувано само од една страна“[141].

[139]“Moscow Seeks to Cooperate with Afghanistan in Security.” TASS. Accessed January 14, 2020. https://tass.com/politics/929372.
[140]“The INF Treaty – NATO’s Position.” *Factsheet*, June 2019. https://www.nato.int/nato_static_fl2014/assets/pdf/pdf_2019_06/20190617_190617-factsheet-INF-Treaty_en.pdf.
[141] NATO News."NATO Secretary General following the meeting of the NATO-Russia Council, 05 JUL 2019" YouTube video, 15:16. July 5,2019. https://www.youtube.com/watch?v=qmeML6_heCw&feature=emb_title.

#### 4.3.2 Казахстан и НАТО

Од аспект на пристапот и ангажираноста на земјите од Централна Азија и нивно вклучување во активностите во насока на задржување и зајакнување на мирот и безбедноста во Азија и во светот, може да се каже дека Казахстан е една од најангажираните централноазиски земји која дала значителен придонес и поддршка на напорите на НАТО силите во Авганистан.

Може да се забележи дека од осамостојувањето на Казахстан во 1991година, политичките авторитети не ја криеле својата волја за соработка со НАТО, при што во 1992 година Казахстан пристапува во Северноатлантскиот совет за соработка (NACC)[142]. Самиот Индивидуален партнерски акционен план[143] на Казахстан ги трасира насоките во кои ќе се развива партнерството помеѓу НАТО и оваа централноазиска држава, па со текот на времето врските помеѓу Алијансата и оваа земја се зацврстуваа и почнуваа да даваат резултати. Казахстан станува домаќин на вежбата *Степски орел* која се одржува годишно во Казахстан, а учество земаат членките на НАТО и неговите партнерски земји; НАТО организира обуки за декларираниот баталјон на Казахстан (КАЗБАТ), за кој се предвидува да земе учество во предводени мисии од НАТО на ниво на пешадиска чета, а воедно вежбата *Степски орел* (Steppe Eagle) служи како одлична можност за да се види прогресот во обуката и интероперабилноста на КАЗБАТ со НАТО земјите[144]. Во врска со ова, во септември 2008 година, сосема очекувано НАТО отпочна дискусии за Казахстан да земе учество во ИСАФ[145], при што на авторитетите во Астана им беше дадена можност да донесат одлука со огромна тежина, која со оглед на мултилатералната политика на Казахстан можеше да доведе до контраверзии. Треба да се напомене дека во овој период мислењето и поддршката на експертската фела на Казахстан потврди дека од блиската „военополитичка соработка на Казахстан со НАТО и САД, многу тешко ќе биде да произлезе каков било безбедносен ризик[146].

Политиката на балансирање на Астана во поглед на справување со дипломатскиот притисок од НАТО за учество во ИСАФ, резултираше со одлуката да ги испочитува побарувањата на НАТО со тоа што ќе учествува со персонал во ИСАФ, но

---

[142]Nato. “Relations with Kazakhstan.” NATO, January 16, 2017. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49598.htm.
[143]IPAP – Individual Partnership Action Plan
[144]McDermott, “Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.”, 99.
[145]McDermott, “Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.”, 104.
[146]Abdrakhmanov, Askar, and Shaymergenov, Timur. “NATO in the Contemporary World and Its Relations with Kazakhstan (According to an Expert Opinion Poll).” *Central Asia And The Caucasus Journal of Social and Political Studies*, 2008.

тој персонал нема фактички да бидат трупи на терен, туку неколку офицери како дел од медицинскиот персонал. Оваа одлука во исто време задоволува неколку аспекти на меѓународно ниво: прво, Казахстан зема учество во ИСАФ, со што позитивно одговори на побарувањата на НАТО; второ, природата на работата на персоналот од Казахстан не дозволува матичната држава да се етикетира дека зазема страна со оглед на фактот дека двајцата ангажирани офицери нема да се борат рамо до рамо со трупите на НАТО, туку ќе извршуваат задачи во доменот на медицината; трето, Казахстан ги задржува тренираните трупи на НАТО надвор од ИСАФ (јадрото на КАЗБАТ), а воедно останува подготвен за извршување задачи и ангажирање персонал за потребите на ДОКБ, доколку се укаже можност за тоа.

Многу важен аспект на соработка помеѓу Казахстан и Алијансата е согласноста на Казахстан да учествува во процесот на логистичко снабдување на НАТОтрупите во Авганистан. Земајќи ја предвид потребата за транспорт на стоки и воен материјал поради тековните операции на ИСАФ кои се случуваа во Авганистан, Владата на САД беше ангажирана во низа преговори и склучување на билатерални договори за да ја креира Северната дистрибуциска мрежа (Northern Distribution Network - NDN), која ќе обезбедни сигурно и непречно логистичко обезбедување. Повторно и во решавањето на овој проблем дипломатите на САД во азискиот регион успешно си ја завршија работата, со тоа што главното ветување беше дека „САД би купувале многу невоени стоки локално за да ги транспортираат до своите трупи во Авганистан“[147], на што сите држави на Централна Азија се согласија во текот на 2009 година.

Воедно, не смее да се испушти и придонесот на Русија во овој голем проект, со оглед на фактот дека една од гранките на оваа логистичка мрежа минува „од северна Германија и Балтичките држави, рутата позната како ‘Руска рута’ и пренесува товар јужно низ Русија, Казахстан, Узбекистан пред да стигне до Авганистан“[148]. Секако, не смее да се изостави фактот што плановите за развој на оваа логистичка мрежа, дипломатската фела на НАТО најнапред ги дискутираше со Русија во целост, а кога на ова би се додал фактот дека авторитетите во Астана ја изразија својата загриженост затоа што беа ставени на второ место[149] (по Русија) во врска со работа која го засегаше Казахстан исто толку колку што ја засегаше и Русија, може да се заклучи дека

[147]Nicol, Jim. “Central Asia’s Security: Issues and Implications for US Interests.” *Congressional Research Service*, March 11, 2010.
[148]McDermott, “Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.”, 92.
[149]McDermott, “Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.”, 98.

прифаќањето на учеството на Русија во оваа логистичка мрежа, не му остави друг избор на Казахстан- освен да прифати да учествува.

Кога би се поставило прашањето „Зошто НАТО го препознава Казахстан како партнер?" тогаш треба да се посочи дека одговорот на ова прашање е комплексен и мултилатерален. Како најмаркантни причини би биле: прво, Казахстан е една од најголемите и највлијателните централноазиски сили, која располага со значителен воен потенцијал кој според статистиката објавена во магазинот Воен баланс (Military Balance) укажува дека „Околу 20,000 служат во армијата, 12,000 во воздухопловството и 3,000 во морнарицата. Околу 4,000 специјални сили, 9,000 граничари, 20,000 трупи за внатрешно обезбедување (полиција) и 2,500 претседателско и владино обезбедување"[150]; Второ, НАТО ја препознава политичката умешност и способност на Казахстан за одржување баланс помеѓу барањата на НАТО, ДОКБ и ШОС, при што укажува на политичкиот потенцијал и можноста за влијание и соработка во централноазискиот регион; трето, со оглед на историјата на соработка помеѓу НАТО и Казахстан, изразена прво преку соработката за време на мисијата „Слобода за Ирак" во која Казахстан учествуваше со персонал обучен за деминирање од НАТО[151], преку вежбата „Степски рел", на која е домаќин Казахстан[152], соработката за време на мисијата ИСАФ во Авганистан, логистичките предности кои ги добија НАТО и САД за време на оваа мисија благодарение на Казахстан[153]и поддршката со персонал за време на оваа мисија[154], укажува на одлучноста на НАТО да ги продолжи и да ги развие своите врски со оваа централноазиска сила, без притоа да го занемари фактот дека во исто време членува, декларира сили и одговара на барањата во две други безбедносни организации кои фигурираат во Азија.

Се забележува дека аспектот на соработка на микрониво се пронаоѓа во фактот што Казахстан основа и развива билатерлни односи со земјитечленки на НАТО, со чија помош ја организира модернизацијата, така што „активно ја дехомогенизира пополнетоста со воени системи и затоа потпишува договори со Франција, Турција, Италија, Полска, Шпанија, Украина и Израел"[155].

---

[150] "Chapter Five: Russia and Eurasia," *The Military Balance* 113, no. 1 (February 2013): 199- 244.
[151]McDermott, "Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.", 104.
[152]Nato. "Relations with Kazakhstan." NATO, January 16, 2017. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49598.htm.
[153]Gordon, "Statement of US Senate."
[154]Казахстан учествуваше во ИСАФ со двајца штабни офицери и медицински одред. McDermott, "Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.", 105.
[155]Gelfgat, V. "Matching Military Means to Strategic Ends.", 5.

Иако Казахстан е партнер на НАТО и активно придонесува и дава поддршка на НАТОсилите во Централна Азија, сепак фактот што партнерствата со земјите кои биле дел од СССР се пречекуваат со одредена доза на скепса и резерва, има солидна и незанемарлива позадина. Факт е дека Казахстан ги задржа традиционалните врски со Русија, па набргу по декларирањето на својата независност како склучуваше партнерски односи со Западот, така и продолжи да ги негува претходните врски во духот на поранешното заедништво. Ова во суштина и беше главниот мотив и неизбежна можност за Москва да иницира формирање на военополитички сојуз од земјите кои членуваа во СССР. Казахстан денес претставува значаен соработник на ДОКБ и земја која придонесува со капацитети за јакнење на оваа безбедносна организација во Азија.

### 4.3.3 Киргистан и НАТО

Кога станува збор за Киргистан и неговата соработка со НАТО, треба да се земат предвид неколку работи, за да се сфати реалната ситуација и плодноста на фрекфенцијата на соработка со Алијансата. Киргистан е поранешна земја на СССР, која како помала држава во Централна Азија, се наоѓа во истото безбедносно опкружување како и другите централноазиски соседи. Фактот што географската положба не ја поштедила Фергана долината да се протега низ неа, за која впрочем се вели дека е клучен извор на меѓуетнички нетрпеливости на етникумите кои живеат таму, укажува на тоа дека Киргистан се соочува со особено сериозен проблем во своите граници. Близината со Авганистан како уште еден извор на закани по безбедноста ја усложнува состојбата со која треба да се соочат властите во оваа централноазиска земја. Кога на сето ова ќе се додаде фактот дека Киргистан располага со недоволно модернизирани вооружени сили, воен персонал со длабоко вкоренети емоции кон поранешниот сојуз, лабилна спрега на командување и контрола[156], се заклучува дека Киргистан има исклучително многу работи за решавање за доведување на своите вооружени сили на вистинскиот пат, а со тоа и самостојно справување со безбедносните предизвици. Овие факти ја оформуваат основата за објаснување на военополитичките и дипломатски постапки на Киргистан насочени кон соработка со светските сили. Токму поради ова Киргистан се потчинува на очигледното решение да мора да бара и да прифати помош од секој кој нуди, но самото тоа по принципот на повратна спрега се враќа со побарување на повратна услуга или подобност за оној кој ја понудил помошта. Поради тоа Киргистан се доведува до

[156] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.”, 7.

ситуација да мора да „балансира помеѓу барањата на САД, Русија и Кина“[157]. Во врска со ова авторите Евисков и Шафир посочуваат дека „препознавајќи ја ранливоста од исламистичкиот екстремизам и шверцот со дрога, Бишкек константно бараше помош од странските сили за преземање превентивни мерки потребни за справување со заканите по регионалната безбедност и стабилност. Киргистан ги отвори своите врати и за руските сили и за војската на САД, што го подигна профилот на нацијата во безбедноста на Централна Азија покрај надворешните и регионалните актери“[158].

Познавајќи ја оваа ситуација, уште во 1992 година, НАТО ја согледува можноста за соработка со Киргистан (како и со секоја, од скоро, независна земја) и понуди членство во Северноатлантскиот совет за соработка. Оваа соработка набргу се прошири и прераснува во партнерство во 1994 година со формирањето на програмата Партнерство за мир. Активностите во NACC продолжија и по прераснувањето на Северноатлантскиот совет за соработка (NACC) во Евроатлантски партнерски совет (EAPC) во 1997 година. Како земјапартнер на НАТО, од потпишувањето на Договорот за соработка, Киргистан правеше напори за исполнување на задачите и обврските согласно со Индивидуалната партнерска програма за соработка (IPCP), обновувајќи ја секои две години. Со текот на годините соработката на Алијансата со оваа мала и нестабилна земја од Централна Азија скромно се проширувашe со тоа што во даден момент Киргистан побара помош и за унапредување на воеtoто образование, а НАТО тоа го овозможи преку програмата DEEP и тоа во делот на „претставување на западните пристапи и стандарди особено на полето на методологиите на предавање и учење“[159]. Едукативниот аспект на соработката е поддржан и преку организација на курсеви по англиски јазик за активниот воен персонал на Киргистан, но и курсеви по англиски јазик, информатичка технологија и бизнисвештини, особено за пензионираните воени лица на киргиската војска, за нивна полесна интеграција во цивилството[160].

Особено важно да се посочи е дека одредено време на територијата на Киргистан функционрираше американската воздухопловна база Манас близу Бишкек, која беше клучна во транспортот на персонал и стока за силите на ИСАФ во Авганистан. Настаните во Андижан во 2005 во соседен Узбекистан кои беа проследени со

[157] Ibid.
[158]Evsikov, Egor, and Shafir, Leonid, "Joint Security Cooperation or Regional Disintegration? Why the West Should Engage Russia in Central Asia.", 51.
[159]Nato. “Relations with the Kyrgyz Republic.” NATO, January 16, 2017. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49607.htm.
[160]Nato. “Kyrgyz Officers Graduate from NATO-Supported Courses.” NATO, February 11, 2015. https://www.nato.int/cps/en/natohq/news_132113.htm?selectedLocale=en.

затворањето на воздухопловната база К2 во близината на градот Карши, во периодот кој следуваеше, само ја зголеми важноста на базата Манас во Киргистан. Тогаш на виделина излегоа силните традиционални врски кои ги има Киргистан со Русија. Се претпоставува дека затворањето на американската база во Узбекистан, беше употребено како пример и причина повеќе за зголемување на односите и врските со Русија, што набргу потоа резултираше со одлуката на киргиските власти во 2009 година да се затвори базата Манас за која буџетот на Киргистан добиваше прилив од 17,4 милиони американски долари на годишно ниво од страна на САД[161].

Ова претставуваше пример за надолна линија на соработка помеѓу НАТО и Киргистан и тоа во момент кога дејствата во Авганистан не дозволуваа намалување на интензитетот на логистичка поддршка. Сепак и покрај одлуката да се затвори воздухопловната база Манас, а со тоа и да се намали влијанието на НАТО во Централна Азија, новата доктрина за одбрана на Киргистан од 2013 година, отворено ја изразува загриженоста во врска со напуштањето на силите на ИСАФ од Авганистан по 2014 година. Со ова само се потврдува значењето и уделот на НАТО во регионалната безбедност до 2014 година.

Во 2015 година, Киргистан влезе во НАТОпрограмата за градење на интегритет (Building Integrity), која имаше цел да го зајакне интегритетот, транспарентноста и одговорноста во одбранбените поставувања. Исто така, преку Партнерството за мир, Киргистан обучува сили и ја подигнува интероперабилноста за евентуално учество во мировни мисии кои би биле предводени од ОН[162].

Она што може да се воочи е фактот дека соработката со НАТО во иднина би била со скромен интензитет, не повеќе од оној зафат кој го има и сега, а е претставен преку курсеви по англиски јазик, обуки против шверц на дрога и за гранична безбедност. Мора да се прифати фактот дека Киргистан има многу посилни врски со Русија и ДОКБ и со Кина и ШОС, што се докажува со нејзиното активно учество во сите вежби на ДОКБ - особено годишната вежба „Центар 2019“ на која беше и самата домаќин, која е една од низата Исток, Запад, Центар и Кавказ; како и на ШОС - вежбата „Мировна мисија 2016“

[161]KOCAMAZ, "The Rise of New Powers in World Politics: Russia, China and the Shanghai Cooperation Organization.", 131.
[162]Nato. “Relations with the Kyrgyz Republic.” NATO, January 16, 2017. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49607.htm.

која во 2016 година се одржа во Киргистан, во која земаа учество сите земји- членки на ШОС[163].

#### 4.3.4 Узбекистан и НАТО

Слично како и Казахстан и оваа централноазиска земја има со што да се истакне кога станува збор за соработката со НАТО. Почетокот на соработката со НАТО, како и поголемиот број земји кои беа членови на СССР, започна со иницијативата за Северноатлантскиот совет за соработка (NACC), кој подоцна прерасна во Евроатлантскиот партнерски совет. Со текот на годините и со развојот на настаните ги задржа своите врски со Русија и со Кина, но не се наоѓаше спречена како земја да ги изрази своите прозападни интереси.

Така, по стапувањето на Узбекистан во програмата Партнерство за мир веднаш по неговото основање во 1994 година, САД ја зголеми поддршката на Узбекистан преку организирање различни иницијативи и обуки во доменот на справувањето со тероризмот и пролиферацијата на наркотици. Оваа соработка кулминираше во 2002 година со отворањето на Карши Канабад (К2) базата во Узбекистан која важеше за важна точка за сместување на силите на САД кои ќе бидат ангажирани во ИСАФ.

Сепак, случувањата во Андижан 2005 година ги променија работите во однос на неговата соработка со НАТО и земјитечленки, но и погледите на меѓународната јавност на самата државна власт. Острите критики од страна на НАТО за недемократските постапки и прекршувањето на човековите права во Узбекистан за време на немирите во 2005 во Андижан се покажаа како главен мотив за претседателот Каримов да донесе одлука за затворањето на американската база К2 во Узбекистан. Оваа драстична мерка против критиките на Западот (иако со нестабилна основа), сепак, даде сериозна нота за смелоста и храброста на политичкото раководство на Узбекистан во тоа време.

Сепак, условите кои ги донесе текот на настаните во Авганистан доведоа до потребата, Каримов да дозволи во 2008 година транзит на американските стоки (за потребите на ИСАФ) низ територијата на Узбекистан како дел од Северната истрибуциска режа[164]. Оваа одлука се смета за уште еден столб врз кој се темелат довербата и соработката на НАТО со Узбекистан, по немилата флуктуација во односите помеѓу НАТО и Узбекистан поради случувањата во Андижан 2005 година.

[163]KOCAMAZ,"The Rise of New Powers in World Politics: Russia, China and the Shanghai Cooperation Organization.", 133.
[164] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.”, 15.

Битен елемент на соработката на оваа централноазиска земја со НАТО е тоа што Узбекистан го реафирмираше своето учество во програмата Партнерство за мир во 2010 година[165]. Во оваа насока треба да се напомене дека сите години по осамостојувањето важеше за член на ШОС и ДОКБ, а непрекинато соработуваше со НАТО. Овој баланс одржуван со смелите одлуки на политичките власти и покрај актуелните случувања, Узбекистан го ослободи со тоа што конечно во јуни 2012 година го прекина своето членство во ДОКБ, но го одржа членството во ШОС.

Постојат примери кои индицираат дека интензивирањето на соработката на Узбекистан со НАТО датира токму од 2012 година, со донесувањето на новата доктрина за одбрана на Узбекистан, при што властите се соочија со недостатоците на војската и тоа во неколку клучни полиња – развивање на воено-едукативни капацитети, модернизација и трансформација на војската и зголемување на нивото на интероперабилноста на војската по стандардите на НАТО. Земајќи ги предвид потребите за подобрување, тие бараа конкретна помош низ иницијативата на Програмата за зајакнување на одбранбената едукација (DEEP)[166]. Низ оваа иницијатива на Узбекистанските воени лица им беше овозможено да учат „како да градат, да развиваат и да реформираат едукативни институции во безбедносната, одбранбената и воената сфера“[167], како и да се запознаат со научените лекции на САД и НАТО од искуствата во Ирак и Авганистан[168].

Особено се истакнува фактот што по долгогодишното владеење на претседателот Ислам Каримов и преземањето на оваа функција од страна на Шавкат Мирзивојев во 2016 година[169], соработката помеѓу Узбекистан и НАТО (а воедно и САД), беше значително продлабочена. Зголемениот интерес во реформата на военото образование во Узбекистан значи еден огромен чекор напред кон модернизацијата и усвојувањето на западните одбранбени стандарди. Оваа постсоветска земја, која може да се пофали со најголемата воена сила во Централна Азија, ова запловување по западните струи во нејзината одбрана важи за особено голема одлука, чија имплементација може да се да се окарактеризира дури и како неприродна, земајќи ги предвид традиционалните и сентиментални врски со Русија. Сепак, олеснителна околност за Узбекистан која ги

[165] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.”, 15.
[166] Defense Education Enhancement Program.
[167]Nato. “Relations with Uzbekistan.” *NATO*, 5 Apr. 2017, https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_22839.htm.
[168]Omelicheva, Mariya. “The United States and Uzbekistan: Military-to-Military Relations in a New Era of Strategic Partnership.” *PonarsEuarasia - Policy Memos*, 7 Aug. 2019, http://www.ponarseurasia.org/memo/united-states-and-uzbekistan-military-to-military-relations.
[169]*Biography*, https://president.uz/en/lists/pages/biography.

оправдува прозападните погледи е фактот што Узбекистан отстапи од ДОКБ во 2012 година, токму во моментот кога ја отпочна својата посериозна соработка со САД и НАТО во своја корист.

Уште една нишка на соработка со Узбекистан се препознава во тоа што седиштето на Специјалниот претставник на НАТО за Централна Азија сѐ до 2017 година се наоѓаше во Ташкент - Узбекистан, а подоцна се укина поради финансиски причини[170].

Соработката на Узбекистан со САД, особено по доаѓањето на администрацијата на Трамп на власт, полека но сигурно, почна да ја пренасочува својата тежина од зголемувањето на воено-едукативните капацитети кон подобрување на следниот недостаток во одбраната на Узбекистан – модернизацијата на вооружувањето. Ова САД го гледа како особено значајна можност за проширување на својот пазар, со оглед на тоа што „администрацијата на Трамп направи продавањето на американски одбранбени добра на странските парнери да биде клучен приоритет на нивната одбранбена асистенција и се надева дека ќе ја засили продажбата на вооружување во Узбекистан“[171].

Сепак, не би требало да се занемари соработката што ја има Узбекистан со Русија, која е изразена преку потпишувањето на Договорот за воена – технолошка соработка во 2016 година, кој послужи како основа за започнување на преговорите за евентуален договор за набавка на руски Ми – 25 хеликоптери во 2017 година[172]. Исто така, во 2019 година Узбекистан зема учество во здружената вежба предводена од Москва „Центар 2019“ во која учествуваа Кина, Пакистан, Индија, Киргистан, Казахстан, Русија, Таџикистан[173]. Претседателот Мирзивојев во голема мера е заслужен за намалување на предрасудите кон Узбекистан што ги имаше јавноста поради долгогодишото владеење на Каримов. Изолационизмот кој го наметна претходникот на Мирзивојев и параноичното однесување во соседството, омекна со политиката на Мирзивојев и напорите на неговата администрација да ја вклучи земјата во што е можно повеќе вежби во регионот. Сосема очекувано, учеството во овие вежби, особено последната – „Центар

[170]Nato. “NATO Secretary General's Special Representative for the Caucasus and Central Asia.” NATO. Accessed January 2, 2020. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_50101.htm.
[171]Omelicheva, Mariya. “The United States and Uzbekistan: Military-to-Military Relations in a New Era of Strategic Partnership.” *PonarsEuarasia - Policy Memos*, 7 Aug. 2019, http://www.ponarseurasia.org/memo/united-states-and-uzbekistan-military-to-military-relations.
[172]Ibid.
[173]Cranny-Evans, Samuel, and Jane. “Russian Exercise 'Centre 2019' to Involve 128,000 Troops from Seven Nations.” Russian exercise 'Centre 2019' to involve 128,000 troops from seven nations | Jane's 360. Accessed January 3, 2020. https://www.janes.com/article/90593/russian-exercise-centre-2019-to-involve-128-000-troops-from-seven-nations.

2019“, поттикна размислувања дека во иднина Узбекистан би можел да се врати[174] на голема врата во ДОКБ која ја напушти во 2012 година.

### 4.3.5 Таџикистан и НАТО

И покрај напорите што ги дава Таџикистан за подигнување на способноста и капацитетите на својата војска, сепак важи за земја со една од најслабите војски кои ги има во Централна Азија. Нејзината соработка со НАТО води корени (како и секоја поранешна земја на СССР) од иницијативата Северноатлантски совет за соработка**,** што подоцна прерасна и во партнерување преку програмата Партнерство за мир, коешто ги даде насоките за достигнувањето на партнерските цели преку Индивидуалниот партнерски акционен лан и Индивидуалната програма за соработка.

Присуството на НАТО во Авганистан, беше очигледен императив за зголемување на врските, односите и капацитетите на земјите во непосредното соседство на Авганистан, меѓу другите и Таџикистан. За оваа цел, забележано е дека „во изминатите десет години, под закрилата на Програмата против наркотици, САД има пренесено голем број возила, радија и набавки за таџикистанските граничари“[175]. Несомнено овој чекор понапред до модернизацијата на вооружените сили на Таџикистан преземен од страна на САД, мора да се разгледува како уште една задача делегирана од НАТО, со цел зголемување на соработката во регионот.

Во врска со истата проблематика само од другата страна, се забележува дека и Русија не останува рамнодушна на случувањата во Авганистан и на состојбата со вооружените сили на Таџикистан. За оваа цел, факт е дека „Русија намени 200 милиони американски долари за модернизацијата на војската на Таџикистан“[176].

Министерството за одбрана на Таџикистан имаше намера да биде домаќин на главната вежба на програмата Партнерство за Мир на НАТО- *Планински Орел* (претходно позната како предводената од Казахстан „Степски Орел“) во Таџикистан во есента 2014 година, со што се рефлектираа напорите на Таџикистан да се подигне готовноста на неговите сили и да се прикаже желбата за понатамошно продлабочување на неговите односи со САД во безбедносната сфера[177]. Сепак таа вежба се одржа во Хохенфелс базата во Германија и покрај иницијативата на Таџикистан да биде домаќин.

---

[174]Garibov, Azad. “Central Asian Perspectives of the Tsentr 2019 Military Exercises.” Jamestown, October 15, 2019. https://jamestown.org/program/central-asian-perspectives-of-the-tsentr-2019-military-exercises/.
[175] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.” , 13.
[176] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.” , 12.
[177] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.” , 13.

Таџикистанските трупиземаа учество во оваа вежба, напоредно со претставници од САД, Велика Британија, Казахстан и Киргистан[178].

Во 2012 година Русија обезбеди престој во Таџикистан во наредните 40 години, за што Путин изјави дека „клучниот документ е договорот кој ги поправа условите на престојот на Руската воена база на територијата на Таџикистан дури до 30 години, да бидеме прецизни до 2042....со ова, ние ќе ги обезбедиме зачувувањето на нашите заеднички стратегиски интереси, зајакнувањето на безбедноста и стабилизацијата на ситуацијата во Централноазискиот регион како една целина“[179].

Рефренот дека присуството на руските трупи во Таџикистан, не може да донесе ништо, освен добро на државата и регионот, и дека тоа е чиста нужда, а не луксуз, во 2019 година го посочи и рускиот министер за надворешни работи Сергеи Лавров. Тој изјави дека „Москва е подготвена да му асистира на Таџикистан во модернизацијата на неговите вооружени сили и за ‘зајакнување на државната граница’, земајќи ги предвид, покрај другите работи, ‘постоечките закани кои продолжуваат да бидат предизвикувани од територијата на Авганистан“[180]. Со оваа изјава, Лавров не само што ја откри отвореноста за помош во делот на модернизацијата на војската на Таџикистан, туку во исто време посочи дека Москва особено е заинтересирана за обезбедувањето на границата со Авганистан.

Очигледно е дека и во Таџикистан, НАТО и САД, пробуваат да го зголемат влијанието како што тоа го прави Русија. Од аспект на соработката со НАТО во иднина, може да се заклучи дека тоа ќе се одвива во насока на остварувањето на целите пропишани во ИПАП-от или во ПАРП-от. Сепак, НАТО не очекува премногу од Таџикистан поради две причини: прво, војската на Таџикистан не може да се смета за особено силна и способна, а и доволно би било функционирањето на граничните единици да биде на високо ниво, со цел превенирање на шверцот со дрога, оружје и луѓе од Авганистан; второ, фактот што во Таџикистан долго време престојува 21-вата Пешадиска дивизија на Русија, за чијшто престој неодамна се потпиша договор за

[178]U.S. Mission Kazakhstan | 24 September, 2014 | Topics: News. “Opening of the International Peacekeeping Exercise ‘Steppe Eagle- 2014.’” U.S. Embassy & Consulate in Kazakhstan, January 29, 2016. https://kz.usembassy.gov/opening-of-the-international-peacekeeping-exercise-steppe-eagle-2014/.

[179]Rfe/rl. “Russia Extends Right To Tajik Base.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, October 5, 2012. https://www.rferl.org/a/russia-signs-deal-troop-presence-tajikistan-military-base/24730251.html.

[180]Rfe/rl. “Lavrov Calls Russian Military Base In Tajikistan 'Important Security Factor'.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, February 5, 2019. https://www.rferl.org/a/lavrov-calls-russian-military-base-in-tajikistan-important-security-factor-/29752743.html.

продолжување во следните 40 години, доволно кажува за влијанието на Русија во сиромашниот Таџикистан. Слабата економија на Таџикистан ја доведува државата да бара помош и да ја користи секоја можност за да ги зголеми стандардот на земјата, условите на граѓаните, подготвеноста на војската и безбедноста во регионот. За очекување е да ја продолжи соработката со НАТО до одредена граница, но во никој случај да не ги раскине соработката и врските со Русија, барем во наредните четириесет години.

### 4.3.6 Белорусија и НАТО

Иако досегашната елаборација беше фокусирана на централноазиското тло присуството на ДОКБ на европското тло не смее да се занемари во ниеден момент. Белорусија останува единствената земја во Европа (освен Србија која има статус на набљудувач) која активно членува во ДОКБ. Земајќи ја нејзината военополитичка положба во однос на НАТО и ДОКБ, може да се каже дека станува збор за исклучително комплексна и деликатна состојба. Всушност, Белорусија претставува тампонпростор помеѓу Истокот и Западот и тоа токму во Европа. Фактот што на запад се граничи со Полска која меѓу првите пристапи кон НАТО, веднаш по распадот на СССР, а и до денес важи за сериозна НАТОсила, а од исток со Русија- матицата на ДОКБ, може да се заклучи дека секоја нејзина воена или политичка одлука е ставена на кантар и протолкувана низ призмата на едните или на другите.

Комплексноста на ситуација која ја налага нејзината положба е слична како онаа на Казахстан по прашањето на балансирање помеѓу Истокот и Западот. Во врска со ова треба да се забележи дека Минск успеа да ги спушти или барем да ги одложи очекувањата од Русија во врска со отворање руска воздухопловна база на територијата на Белорусија, како и за распоредување на Искендер балистички ракети управувани од руски послуги[181].

Соработката на Белорусија со НАТО како и повеќето поранешни земји кои членувале во СССР започнува со Северноатлантскиот совет за соработка (NACC) од 1992 година. Таа подоцна се продлабочи и зема одреден тек стапувајќи во програмата Партнерство за ир во 1995 година[182].

[181]Bohdan, Siarhei. “Belarus's Balancing between NATO and Russia: Squaring the Circle?” BelarusDigest. Accessed January 8, 2020. https://belarusdigest.com/story/belaruss-balancing-between-nato-and-russia-squaring-the-circle/.
[182] Nato. “Relations with Belarus.” NATO, October 17, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49119.htm.

Во периодот по 2010 година Белорусија ја отпочна трансформацијата на своите вооружени сили, имајќи за цел да направи „помала, но во исто време помобилна сила за борба во конфликти со низок интензитет, бунтовништва и субверзивни активности“[183]. По ова прашање авторитетите во Минск беа зафатени со подигнување на стандардот и модернизацијата на војската, развивање и опремување на единиците за територијална одбрана, како и тревожење и проверка на готовноста на единиците и нивно оценување. Случувањата во Донбас беа причина повеќе за согледување на оправданоста за преземените мерки во белоруската војска.

Од 2016 година Белорусија повторно јавно стави на знаење дека и покрај тоа што членува во ДОКБ останува отворена за соработка и дијалог по прашањето на безбедноста со Кина, НАТО и ЕУ. За одлучноста и отвореноста на Минск за соработка со НАТО во иднина, говори и изјавата на Министерот за одбрана на Белорусија, Олег Белокнев на почетокот на 2020 година во која тврди: „Белорусија е подготвена за здружени вежби со НАТО. Разговорите се во врска со можните формати (видот на вежби). Но ние ќе се согласиме на ова доколку НАТО разбере дека Русија е наш стратешки сојузник“[184]. Самата изјава посочува на единствениот услов кој го дава Минск – соработка со предочување дека Русија е главниот стратешки партнер. Со ова Белорусија се оградува од какво било обврзување за стапување во какви било процеси на соработка кои би можеле да влијаат на нејзиниот однос со Русија.

Во исто време Белорусија активно учествува во PARP (Процес на планирање и ревизија) согласно со НАТОпрограмата Партнерство за ир, која има за цел „охрабрување на транспарентноста и помош на земјата во развој на способностите и интероперабилноста за меѓународни операции за поддршка на мирот“[185].

Доказ дека Русија редовно го одржува своето влијание во Европа е годишната воена вежба „Словенско братство“ во која учествуваат војските на Русија, Белорусија и Србија. Дополнително, Русија не пропушта можност да ја провери готовноста и да ја испроба интероперабилноста на силите на сојузниците низ целиот свет со одржување на годишни воени вежби во различни делови од светот. Така во 2019 година беше

[183] Bohdan, Siarhei. “Strengthening Territorial Defence, New Military Priorities, NATO Dialogue – Belarus Security Digest.” BelarusDigest. Accessed January 8, 2020. https://belarusdigest.com/story/strengthening-territorial-defence-new-military-priorities-nato-dialogue-belarus-security-digest/.
[184] LRT.lt. “Belarus and NATO in Talks on Joint Military Drills.” Lietuvos Nacionalinis Radijas ir Televizija. lrt.lt, January 6, 2020. https://www.lrt.lt/en/news-in-english/19/1130759/belarus-and-nato-in-talks-on-joint-military-drills.
[185] Nato. “Relations with Belarus.” NATO, October 17, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49119.htm.

организирана вежбата „Центар 2019" која беше фокусирана на земјите во централна Азија, во 2017 вежбата „Запад 2017" која се одржа на територијата на Белорусија[186], во 2018 година вежбата „Исток 2018" одржана на источниот дел на територијата на Русија[187].

### 4.3.7 Ерменија и НАТО

Уште една земја чијашто историја е тесно поврзана со поранешната СССР и која негува традиционални релации со Русија. Ерменија е земја која се наоѓа во кавкаското соседство, а важи за особено сериозен партнер на НАТО.

Карактеристично за Ерменија е тоа што таа претставува една од земјите чијашто соработка со НАТО е далеку поголема и пофрекфентна од соработките на другите земји во ДОКБ. Корените на соработката со НАТО традиционално датираат од создавањето на NACC во 1992 година каде што Ерменија зема активно учество веднаш по нејзиното осамостојување, по распадот на СССР. Малку подоцна со почетокот на програмата Партнерство за мир во 1994 година, авторитетите во Јереван не пропуштија Ерменија да биде една од првите земји кои ќе стане НАТО-партнер[188].

Од почетокот на нејзиното партнерување со НАТО, може да се каже дека соработката даде плодни резултати и тоа во три области: 1) вклученоста на цивилниот аспект во кризениот менаџмент – Ерменија е дел од Евроатлантскиот центар за координација на договор при катастрофи (EADRCC)[189] на НАТО и учествува со екипи во сите вежби од доменот на кризниот менаџмент. Во 2010 година беше домаќин на вежбата „Ерменија 2010" која се одржа близу главниот град и која важи за еден од најголемите настани на НАТО во областа на одговорот при катастрофи[190]; 2) воено-политичкиот домен – во овој аспект Ерменија активно соработува со НАТО и учествува во мисиите предводени од Алијансата, а воедно и ги развива дипломатските врски со Брисел; 3) научноистражувачката област – сеопфатноста во соработката се заокружува

[186]Johnson, Dave. "ZAPAD 2017 and Euro-Atlantic Security." NATO Review. Nato Review, December 14, 2017. https://www.nato.int/docu/review/articles/2017/12/14/zapad-2017-and-euro-atlantic-security/index.html.
[187]Johnson, Dave. "VOSTOK 2018: Ten Years of Russian Strategic Exercises and Warfare Preparation." NATO Review. Nato Review, December 20, 2018. https://www.nato.int/docu/review/articles/2018/12/20/vostok-2018-ten-years-of-russian-strategic-exercises-and-warfare-preparation/index.html.
[188]Nato. "Relations with Armenia." NATO, October 31, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_48893.htm.
[189]EADRCC - Euro-Atlantic Disaster Response Coordination Centre.
[190]"ARMENIA'S PARTNERSHIP RELATIONS WITH THE NORTH ATLANTIC TREATY ORGANISATION." Ministry of Foreign Affairs of the Republic of Armenia. Accessed January 8, 2020. https://www.mfa.am/en/international-organisations/3.

со здржувањето на напорите во продлабочувањето на знаењата и развојот на научноистражувачката дејност на академската фела на Ерменија по стандардите и потребите на НАТО. Преку програмата Наука за мир и безбедност (Science for Peace and Security- SPS), Ерменија има „добиено грантови за околу 38 проекти за соработка во науката и во областа на животната средина. Проектите кои се преземени вклучуваат превенирање, детекција и одговор на нуклеарни и радиолошки закани, проценка на ризик во природни катастрофи и безбедност на водата“[191]. Исто така, во 2008 година Ерменија ја воочи потребата од зајакнување на своето воено образование, па побара помош од НАТО, при што влезе во програмата DEEP која резултираше со „развој и корекција на Еремскиот воено-едукативен концепт, развој на неколку специјализирани курсеви и создавање на Националниот универзитет за истражување во одбраната во Јереван“[192].

Не смее да се изостави фактот дека Ерменија дава активна и сериозна поддршка и зема учество во сите мисии предводени од НАТО , почнувајќи од КФОР во Косово во која се вклучи во 2004 година[193] и активно придонесува до денес; потоа ИСАФ во Авганистан од 2010 година[194] сè до нејзиното завршување во 2014 година и транзиција во *Одлучна поддршка* од самиот нејзин почеток до денес. Товарот на целокупната соработка со НАТО на терен и учеството во мисиите во светот, паѓа комплетно на декларираните сили или Ерменскиот НАТОдеклариран баталјон, кој претставува столбот на интероперабилноста на ерменската војска со НАТО. Перспективно, НАТО ќе бара, а Ерменија е отворена за соработка, декларираниот баталјон да прерасне во декларирана бригада исто како што се очекува да се случи и со Казахстан (КАЗБАТ да се развие во КАЗБРИГ).

Уште еден успех на НАТО, кој е исклучително значаен за приближувањето на функцијата и улогата на НАТО до ерменското општество, е отворањето на Информативниот центар на НАТО во Јереван во 2007 година. Овој Центар не само што има задача да даде поддршка на активната власт во Ерменија, туку годишно организира „НАТОнедела“ преку која се слави и се охрабрува соработката и поддршката на НАТО

---

[191]“NATO-Armenia Relations.” Information centre on NATO in Armenia. Accessed January 8, 2020. http://www.natoinfo.am/en/armenia-nato-relations/.

[192]Nato. “Relations with Armenia.” NATO, October 31, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_48893.htm.

[193]“Armenian Change of Command.” KFOR - Armenian Change of Command. Accessed January 9, 2020. https://jfcnaples.nato.int/kfor/media-center/archive/news/2019/armenian-change-of-command.

[194]“ARMENIA'S PARTNERSHIP RELATIONS WITH THE NORTH ATLANTIC TREATY ORGANISATION.” Ministry of Foreign Affairs of the Republic of Armenia. Accessed January 8, 2020. https://www.mfa.am/en/international-organisations/3.

и Ерменија. Ова мора да се сфати како особен успех на НАТО во оваа постсоветска земја која сѐ уште е една од активните членови на ДОКБ.

Успешноста на соработката на Ерменија со НАТО објективно се одликува со: ерменските трупи на терен во мисиите предводени од НАТО, бројните проекти со грантови одобрени од НАТО, завршувањето на имплементацијата на петтиот Индивидуален партнерски акционен план[195] во 2019 година и стапувањето во исклучително сериозни процеси за креирање на НАТОперспективна иднина на Ерменија.

## 4.4 Соработка помеѓу ДОКБ и ШОС

Со цел анализата на соработката помеѓу НАТО и ДОКБ да биде посеопфатна, треба да се согледаат и релациите кои ги има ДОКБ со ШОС. Фактот што на територијата на Азија функционираат две различни организации со слични интереси и скоро исти земјичленки, а во исто време не даваат соодветни резултати на теренот, укажува на комплексноста на состојбата и на судирот на интереси на двете земји иницијатори на Организациите – Русија и Кина. Поради ова, вредно е проучување на прашањето која од Организациите е порелевантна за самите земји од Централна Азија. Иако одговорот во врска со ова може да биде и очигледен, поради вклученоста на земјите во СССР до деведесеттите, сепак, фактите ја даваат длабочината на овој проблем.

Жан Пјер Кабестан дава објаснување дека централноазиските држави попрво би ја избрале ДОКБ отколку ШОС поради тоа што „ДОКБ нуди 'безбедносен чадор' кој не може да го понуди ШОС", со што повторно се докажува на што ДОКБ го дава приматот во нејзиното функционирање, на што во исто време ШОС не посветува внимание. Понатаму, „Кина не е дел од неа. Ова ги задоволува не само Москва, туку и сите централноазиски земји кои се дел од ДОКБ и чии елити сѐ уште делат афинитети со Русија, многу повеќе отколку што аутсајдерите можат да замислат"[196]. Со ова авторот укажува на симпатиите, афинитетите и погледите што несомнено ги делат политичките авторитети во централноазиските земји со Русија, кои се особено силни.

Постојат и други индикатори кои укажуваат на фактот дека на земјите од Централна Азија повеќе им одговара членството во ДОКБ, отколку во ШОС и тоа токму поради поголемата посветеност на одбранбениот и безбедносен аспект на

[195]"ARMENIA'S PARTNERSHIP RELATIONS WITH THE NORTH ATLANTIC TREATY ORGANISATION." Ministry of Foreign Affairs of the Republic of Armenia. Accessed January 8, 2020. https://www.mfa.am/en/international-organisations/3.

[196]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 426.

Организацијата, за разлика од ШОС. Сето ова, гледано низ призмата на потребата за дејство во Авганистан по заминувањето на НАТОсилите, Кабестан го посочува во тврдењето: „Дури и ако инволвираноста на ДОКБ во Авганистан по (ангажирањето на) НАТО изгледа исклучена во моментот, тоа е единствената структура способна да превенира Авганистанскиот конфликт да се прелее преку јужните централноазиски граници. Со други зборови, ДОКБ е воена алијанса, додека ШОС, и покрај својата силна безбедносна димензија, не е“[197]. Во ова тврдење се гледа дека, дури и авторот ја исклучува можноста за дефинирање на самата Организација како воена алијанса или во најмала рака како организација основана на безбедносен аспект.

Реалните безбедносни предизвици или недостатоци на централноазиските држави прават практичните причини да натежнат на тасот на страната на ДОКБ, отколку на страната на ШОС. Сепак, наивно би било доколку се земе овој аспект предвид, а да не се предочи и традиционалниот историјат на земјите. Како уште една причина, која ги пополнува сите ниши и служи како одговор повеќе да се зголемат афинитетите кон Русија и ДОКБ, е самото членство на Казахстан, Узбекистан, Туркменистан, Таџикистан, Киргистан во СССР. Кога сѐ друго би се одземало и Кина би се посветила комплетно на добивањето на довербата на овие земји и решавањето на безбедносните прашања во регионот, оваа причина би останала последниот услов кој ќе ја одржува дилемата на централноазиските земји. Токму поради ова и Кабестан тврди дека „Кина сепак не може да оствари комплетна доминација во Централна Азија поради фактот што, иако индивидуалните интереси на владејачките елити во Централна Азија се поделени и засебни, сепак, тие се обединети под закрилата на употребата на рускиот јазик и од синдромот на „Кинеската закана“, кој датира уште пред распадот на СССР“[198].

Досегашната елаборација дава јасно објаснување за да се разбере зошто на централноазиските држави повеќе им одговара ДОКБ како военополитичка организација, отколку ШОС. Сепак, ова го отвора прашањето: „Кога се толку јасни и цврсти причините за продлабочување на довербата и соработката со ДОКБ, зошто овие држави сѐ уште членуваат во ШОС?“ За да се даде релевантен одговор на ова прашање, мора пред сѐ да се има предвид и да не се заборави дека Кина е економскиот гигант во Азија, кој има значително многу средства на располагање и капацитет за да ги обврзе

---

[197]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 428.
[198]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 429.

централноазиските држави на соработка, а притоа да оствари економски бенефит. Оттука, централноазиските држави не можат да си дозволат да ги намалат односите со Кина, кој е нивен главен трговски партнер. На ова се додава и фактот дека покрај регионалните безбедносни предизвици кои ги делат со Кина, државите од Централна Азија се обврзани преку „нејзините инвестиции, нејзиниот евтин извоз, но исто така за нејзините огромни енергетски потреби, нејзиниот атрактивен пазар и нејзиниот културален и едукативен активизам (преку Институтот Конфучиј и стипендиите)“[199]. Со други зборови, економската компонента е носечкиот столб на соработката и односите кои ги имаат и ќе ги имаат централноазиските држави со Кина. Тоа е обврзувачкиот фактор и причината за да останат во рамките на Шангајската организација за соработка.

### 4.4.1 Придобивки на земјите на Централна Азија од присуството на НАТО во регионот

Присуството на НАТО во Авганистан во форма на Интернационалните безбедносни сили за поддршка (ИСАФ), иако беше гледано како мешање на НАТО на територија во чија непосредна близина функционираат две безбедносни организации (ДОКБ и ШОС) кои ги имаат двете најсилни земји во Азија (Русија и Кина), несомнено придонесе во одржувањето на стабилноста и безбедноста на земјите во Централна Азија поради неколку причини. Прво, фактот што НАТО се грижеше за безбедноста и стабилизирањето на Авганистан до 2014година остави простор, непосредните и посредните соседи на Авганистан (во суштина цела Централна Азија) да се грижат за справување со внатрешните безбедносни проблеми, да ја јакнат и да ја одржуваат готовноста на своите вооружени сили, да вршат контрола на своите граници и да го одржуваат територијалниот интегритет на своите земји и да дадат помош на НАТО, најмалку во делот на логистиката, почитувајќи ги склучените билатерални договори. Второ, примарните, безбедносни предизвици кои доаѓаа од Авганистан и секундарните, кои евентуално ќе претставуваа ризик за другите со одлевање на проблемите надвор од границите на Авганистан, за кои НАТО претставуваше гаранција за контролирање и решавање, дозволија Русија и Кина да се посветат на решавањето на своите интереси, како и на интересите на ДОКБ и ШОС. Во исто време не смее да се занемари фактот дека еден од приоритетните интереси на ДОКБ и ШОС е НАТО да го напушти

[199]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 429.

централноазиското тло, односно Авганистан, но исто така не може да се демантира фактот дека НАТО овозможува одредени бенефиции во врска со безбедносната состојба во регионот.

Сето ова, се потврдува со фактот што бројни извори укажуваат на свесноста на воените и политичките авторитети во земјите од Централна Азија дека во моментот кога ИСАФ ќе почне да го напушта Авганистан, безбедносните ризици во регионот, во облик на шверц со оружје и дрога, сепаратизам и милитантен исламизам, ќе пораснат. Ова значеше дека централноазиските земји, а особено оние кои се непосредни соседи на Авганистан ќе мораат да ги предвидуваат евентуалните предизвици кои се заканувaа да ги поминат границите на Авганистан. Факт е дека повеќето од земјите не беа подготвени на овој чекор, како што е примерот со Таџикистан.

Ситуацијата во денешницата укажува на тоа дека НАТО, иако ја заврши својата мисија ИСАФ во Авганистан, од Советот за безбедност на ОН доби дозвола да го продолжи своето присуство во периодот на транзиција на авганистанското општество со мисијата „Одлучна поддршка“. ДОКБ и ШОС сè уште претендираат на сопствена контрола на регионот, што доколку се случи во иднина, судирот на интереси помеѓу Русија и Кина ќе дојде повеќе до израз.

****

Досегашната елаборација даде јасна слика на односите помеѓу земјитечленки на ДОКБ и НАТО. Ова помага да се воочи воената и дипломатска поврзаност на самите земји на ДОКБ со НАТО на микрониво, најмалку преку билатералните договори уште од почетокот на деведесеттите година на дваесеттиот век, па сè до практичните резултати и нивната реална материјализација на терен. Евидентно е дека со текот на годините НАТО направи напори и сè уште прави напори да ги одржи врските со овие земји и покрај тоа што тие отворено негуваат релации со Русија, така што неретко се и зависни од поранешната матица на СССР (како што е случајот на Таџикистан и Киргистан).

Од оваа анализа се воочи дека односот, одлучноста и прагматичноста во решавањето на безбедносните предизвици во централноазискиот регион во голема зависи од самата власт на државата, а тоа ги обезбедува предусловите за понатамошното креирање на политиките на самите држави во регионот. Пример за тоа претставуваат состојбите во Киргистан и Таџикистан. Овие централноазиски земји поради ниското ниво на ангажираност и недостатокот од способност за контрола на безбедносната ситуација во нивните граници, се ограничија на решавањето првенствено на овие

проблеми, што автоматски претставуваше хендикеп за изјавување на нивните регионални и светски амбиции, што, на пример, не претставуваше проблем за Казахстан. Понатаму, се воочи дека со влегувањето на силите на НАТО во Авганистан, па сѐ до денес, иако се воспостави контрола по одредени прашања, се намали шверцот на дрога и оружје во регионот, а авганистанската влада под менторство на НАТО и САД почна да го подига авганистанското општество од рушевините, односно преку разни проекти беа обновени политичкиот и економскиот систем, патната инфраструктурата и стопанството[200]. Исто така со текот на времето и развојот на безбедносната ситуација, отвори пред светот нови предизвици кои бараат посветување внимание, зајакнувањето на силите на ИСИС и милитантниот исламизам, дипломатскиот притисок од Русија за повлекување на силите на НАТО по 2014 година, како и за неефективноста на НАТО во регионот. Природно, станува збор за безбедносните предизвици кои се епитет на самиот регион. Покрај односите на НАТО со земјите на ДОКБ, во еден сегмент беше образложено кој е односот на ШОС со ДОКБ и тоа со цел да се разберат концептот, контекстот и постапките на организациите, како и нивната внатрешна состојба. Резултатот од оваа анализа ја изнесе на виделина врската што ја имаат земјите на ШОС (а воедно и на ДОКБ) со Кина, односно, нивната поврзаност и обврзаност со овој азиски гигант.

Сето што досега беше изложено како факт и анализирано согласно со основачките акти, билатералните договори и безбедносниот контекст во кој се повлекуваат дипломатските потези во меѓународните односи, дава солидна основа да се проектираат одредени очекувања, односно, да се прогнозираат идните случувања на меѓународната сцена и во овој регион.

[200]Deen, Zobir David, Charissa Deen, Aemal Karukhale, and Peter Kovacs, eds. *HUMAN ASPECTS IN AFGHANISTAN*. Oradea, Romania: NATO HUMINT CENTRE OF ECXELLENCE, 2013.

# 5 Комплексноста на меѓународните односи и релаци на централноазискиот простор

Факт е дека централноазиските земји гравитираат, генерално и првенствено, околу Русија. Се покажа, дека особено за Киргистан и Таџикистан, Русија претставува главен гарант за безбедноста и во нивните граници и во регионот. Инвестициите што ги прави Русија во овие земји во однос на опремување и модернизација на војските, школување на кадри од Централна Азија во воени универзитети во Русија, организирање и учество во вежби на регионално ниво, укажува на дополнителното зацврстување на зависноста на овие земји од „големиот брат“ во регионот.

Фактичката ситуација покажува дека Русија, во никој случај, нема намера долгорочно да ги прекине врските со централноазиските држави, уште помалку да го намали интензитетот на функционирање на ДОКБ или пак да го прекине Договорот. Првата причина, воедно е одговорот на секоја нејаснотија во врска со прашањето: „Зошто е важно гигант како Русија да одржува контакт и да го шири своето влијание во земјите на Централна Азија и покрај тоа што тие не важат за особено силни воени, политички или економски сили (со исклучок на Казахстан и евентуално Узбекистан)?“ Одговорот би бил затоа што подобро е да се решаваат регионалните безбедносни предизвици во соседството, отколку на своја територија. Русија многу умешно ги користи земјите на Централна Азија  како обрач или баферзона, околу нејзината територија и се штити од директната изложеност на проблемот поврзан со Авганистан. На ова посочува и Пејорс со своето тврдење дека „за Москва, безбедноста на јужните граници на Централна Азија се прашање на домашна безбедност“[201]. Врз основа на ова, за очекување е дека Русија ќе продолжи да ги организира редовните годишни вежби Исток, Запад, Центар, Кавказ и да проигрува различни сценарија и да ги проверува способноста, готовноста и операбилноста на членовите на ДОКБ во регионот. Ова во исто време укажува на важноста за соработка и потребата за јакнењето на силите во регионот и одржувањето на политичките врски.

Од друга страна, доколку Русија го прекине членството во ДОКБ по принципот на автоматизам, ќе го изгуби влијанието во Централна Азија, а со тоа ќе отвори повеќе можности Кина непречено да ги реализира своите планови и проекти во регионот. Односно, ако ДОКБ прекине да постои, ШОС ќе го добие приматот- гарант на

[201] “Central Asia's Military Shifts Strengthen Russian Ties,” The Oxford Analytica Daily Brief, 15 August 2013.

безбедноста во регионот со очекувана претпоставка дека научените лекции од функционирањето на ДОКБ ќе бидат аплицирани во ШОС, со што ќе се зајакне военополитичкиот елемент на оваа организација.

## 5.1 Функционирањето на ШОС

Обично, неприродно е ниската функционалност да се поврзува со гигант како Кина, но од друга страна пак, не може со сигурност да се потврди и, дека Кина во рамките на ШОС е особено функционална. Кина и Русија, двете најголеми членки на ШОС, имаат различни интереси и намери кои пробуваат да ги остварат преку ШОС. Намерите на Кина се повеќе од економски аспект, додека на Русија се од безбедносен. ШОС за овие две држави, повеќе или помалку, претставува мегдан за остварување на нивните интереси. Непостоењето на можноста за влегување во конфликт една со друга, ја доведува ШОС во инертна состојба т.н. ќорсокак и статус кво. ШОС може да продолжи оттука само да одржува конференции и панелдискусии по различни прашања, како и да воспоставува одредени проекти кои не се судираат (премногу) со политичките амбиции на едната или другата голема сила. Самиот факт што Русија, иако член на ШОС, иницираше и реализираше создавање на ДОКБ, за да ја акцентира повеќе безбедносната димензија на интервладините организации во Азија, а исто така ја создаде Царинската унија како дел од нејзиното поголемо Евроазиско економско општество (EURASEC)[202], доволно говори за спротивставените погледи на овие две Организации. Ако ова не го докажува недостатокот на кохезивност во ШОС доволно, тогаш на тоа би се додало тврдењето дека „Кина, исто така, е наполно свесна за тешкотиите на ШОС да постигне консензус, да донесува одлуки и да изведува здружени акции“[203], а сето ова поради недостатокот на иницијатива за усогласување на ставовите помеѓу Русија и Кина. Она за коешто може да се каже дека овие две азиски и светски сили се согласуваат е тоа што и двете, „барем официјално, тежнеат да го потценат нискиот квалитет на односите помеѓу државите во Централна Азија, исто така и степенот на ривалитет и омраза кои ги карактеризираат овие односи“[204]. Со ваквиот став спрема односот на државите во Централна Азија се гледа дека нема ни иницијатива односите да се поправат, туку само да се постигнат целите од агендата на Кина.

[202] Blank, "Making Sense of the Shanghai Cooperation Organization.", 41.
[203]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 431.
[204]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 434.

## 5.2 Интересот на Кина во однос на ШОС

Имајќи предвид дека Кина е една од највлијателните и најголемите економии во светот, сосема очекувано е таа да ги ползува економските бенефити од постоењето на една ваква организација, со оглед на фактот дека е втора по извоз на стоки во централноазиските држави по Русија[205]. Со цел да се разбере зошто во иднина Кина ќе гледа да ги диктира насоките за функционирање на ШОС, така што ќе го продолжи истиот однос кон државите од Централна Азија, ќе се повикаме на објаснување на професорот Бланк.

Тој наведува три суштински причини зошто на Кина и одговара оваа организација да постои. Се вели дека „ШОС еволуираше во организација чија примарна цел и е да обезбедни прифатлива регулаторна рамка за подигнување на моќта и статусот на Кина во Централна Азија“[206]. Тоа би значело дека со потпишувањето на Шангајскиот договор за соработка, Кина си обезбедува партнери преку кои ќе ги исполнува своите интереси и ќе го остварува своето влијание. Втора причина која ја наведува проф. Бланк е дека ШОС постои „да организира и да артикулира регионална поддршка против основањето на американски бази во Централна Азија, посебно базата во Манас, Киргистан и да превенира формирање на каква било безбедносна организација предводена од САД таму“[207], што ја објаснува превентивната улога на постоењето на оваа организација. Иако ШОС ги обврзува Кина и централноазиските држави, сепак НАТО го оствари своето влијание на Истокот, иако немаше интерес да создаде нова безбедносна организација. Третата наведена причина е ШОС „да обезбеди форум за изразување на виртуелното едногласно мислење на своите членови дека Вашингтон не би требало да се меша во нивните домашни работи“[208]. Клучниот термин е „виртуелното“, што го докажува фактот дека Кина ги оформува и управува со односите на ШОС кон меѓународната заедница, а земјитечленки се должни тоа да го почитуваат. Како и за Русија, така и за Кина конфликтниот интерес се пронаоѓа во присутноста на НАТО во Централна Азија, но, сепак, мора да се забележи дека и ШОС и ДОКБ забележаа одреден успех со тоа што две од нивните земјичленки затворија две воздухопловни бази во рок од неколку години - Узбекистан и базата К2 во 2005 година и Киргистан и базата Манас во 2009 година.

[205] Blank, "Making Sense of the Shanghai Cooperation Organization.", 45.
[206] Blank, "Making Sense of the Shanghai Cooperation Organization.", 41.
[207]Ibid.
[208] Ibid.

Очекувано е во иднина ШОС да продолжи да организира форуми и семинари со безбедносна тематика на кои ќе бидат согледувани безбедносните предизвици во регионот и ќе бидат споделувани мислењата со Русија, но во врска со преземање практични мерки на терен, сепак, позастапени би биле економските и културалните активности, отколку безбедносните. Не може да се потврди дека воопшто нема да бидат застапени активностите во доменот на безбедноста и антитероризмот, но, сепак, ДОКБ далеку повеќе би се занимавала со прагматичното решавање на овие проблеми. Недостатокот од ефективно решавање на безбедносните проблеми и отсуството на време во неколкуте клучни настани во рамките на нејзините земјичленки, како што беа случувањата во Андижан во 2005 година и Киргиската криза во 2010 година, ја покажаа нејзината инертност и нефункционалност. „Недостатокот од одговорност за време на Киргиската криза во 2010 година“, не само што ги потврди „очекувањата на Вашингтон во врска со ограничувањата на ШОС“[209], туку и формираше основа за прогнозирање на нејзиното однесување за во иднина. Ова и ладниот однос кон практичното решавање на безбедносните предизвици доведува до заклучокот дека „најголемиот успех што го има забележано оваа организација е фактот што успеала да постои повеќе од една деценија по нејзиното основање“[210].

## 5.3 Можност за соработка помеѓу НАТО и ДОКБ

Иницијално не, со оглед на официјалниот став на НАТО по прашање на соработка со Русија „соработката е суспендирана по 2014 година како одговор на руската воена интервенција во Украина, но политичките и воените канали за комуникација остануваат отворени“[211]. Ова би значело дека сè до моментот кога Русија пред меѓународната јавност демократски ќе одговори за постапката во 2014 година и нејзината интервенција на Украина и анексијата на Крим, официјалната соработка со НАТО не би била можна. Додека не се добие соодветна разврска и решение за украинското сценарио, очекување е дека соработката на НАТО и ДОКБ ќе се темели на адхок-билатерални договори воспоставени помеѓу НАТО и земјачленка на ДОКБ, а притоа, тоа да не биде Русија. Во оваа насока би се спомнале механизмите за соработка на НАТО во облик на различни

[209]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 433.
[210]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 435.
[211]Nato. "Relations with Russia." NATO, November 26, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_50090.htm.

програми, курсеви, обуки, учество на вежби и симулации, mil-to-mil соработка помеѓу земјитечленки на НАТО и ДОКБ, развој на воени и дипломатски претставништва.

Во оваа насока би се поставило и прашањето „дали ИСИС може да се смета за причина за соработка на НАТО и ДОКБ?“, а одговорот повторно би се движел во рамките на официјалните ставови на НАТО во врска со соработката со Русија. Иако во моментот милитантниот исламизам, практикуван од религиозните фанатици на ИСИС, претставува сериозен проблем и за Блискиот Исток и за Централна Азија, сепак и ДОКБ и НАТО би го решавале овој предизвик на свој начин и со свои средства. Во изминатиот период и овој момент беше исцрпно искористен за осудување на недостатокот на волја за соработка на НАТО од страна на Кабулов – поранешниот руски претставник за Авганистан, до таа мера да се обвинува присуството на НАТО во Азија како основна причина за зголемувањето на бројната состојба во редовите на ИСИС[212].

## 5.4 Проширувањето на НАТО и ДОКБ

Проширувањето на вакви големи сојузи претставува особено комплексно и опширно прашање. Кое било проширување нема да се случи, доколку бенефитот на земјата потенцијален член и на Сојузот, кој потенцијално треба да се прошири, нема да биде заеднички. Земајќи го ова предвид, проширувањето на НАТО мора да се стави во контекст на негов интерес. Проширувањето на ДОКБ во перспектива би било направено, не во Централна Азија, туку, или на Блискиот Исток или на Балканот и тоа подигнувањето на статусот на Србија од земјанабљудувач во земјакандидат за членство во ДОКБ или на статусот на Турција. Двете варијанти би направиле жестоки флуктуации на меѓународната сцена и би претставувале конфликтен интерес помеѓу двете Организации поради повеќе причини. Факт е дека Турција претставува една од посилните земји на НАТО по прашање на материјална и персонална опременост на вооружените сили, а нејзиното значење се гледа и во тоа што претставува значаен линк на евроатлантскиот Запад со Истокот. Доколку Турција излезе со ставот дека се повлекува од НАТО за да пристапи кон ДОКБ, тоа би предизвикало дипломатска лавина со цел преиспитување на одлуката на Турција. НАТО не би дозволил оваа значајна врска со Истокот да ја испушти.

---

212 Isachenkov, Vladimir. “AP Interview: Envoy Says Russia's Clout in Afghanistan Rises.” AP NEWS. Associated Press, February 14, 2019. https://apnews.com/dc6a8ad27d8d43cab018b1ad701ecd50.

Полноправното членство на Србија во ДОКБ е пореално сценарио кое би можело да се случи во иднина. Имено, оваа балканска земја е една од малкуте која цврсто стои на ставот дека нема да соработува со НАТО, по случувањата во 1999 година, а нејзините досегашни официјални потези го докажуваат тоа. Исто така, често се материјализираат аргументи кои го поткрепуваат фактот дека блискоста и соработката со Русија во моментот е цврста и дека таква ќе биде во иднина. Редовната годишна воена вежба *Словенско братство* која се одржува помеѓу Русија, Белорусија и Србија го потврдува ова. Сепак, треба да се напомене дека единственото нешто коешто ја дели Србија од полноправното членство во ДОКБ е нејзиниот политички став на воена неутралност. Од ова се заклучува дека доколку таа не го промени својот став, не може да се очекува полноправно членство во ДОКБ, туку ќе продолжи со отворените односи и партнерувањето со ДОКБ.

Што се однесува до проширувањето на ШОС, тоа, исто така, би претставувало проблем кој може да се гледа низ призмата на интересите на Кина или низ призмата на интересите на Русија. Што се однесува до самото тоа, Кабестан тврди дека на „Кина повеќе и одговара консолидација на ШОС во веќе постоечките граници, отколку негово проширување“[213]. Сепак, мора да се има предвид дека за да се сфати позадината на сите политички потези кои ги прави Кина, треба да се има предвид економскиот бенефит на Кина во дадената ситуација. Доколку Москва даде цврста иницијатива за проширување на ШОС особено кон Индија, тоа, меѓудругото, би било со цел ослабување на влијанието на Кина во Централна Азија[214].

Во врска со проширувањето на НАТО, историјата на Организацијата укажува на тоа дека тој процес е континуален и непрекинат. Политиката на НАТО укажува на тоа дека од особен бенефит е соработката со секоја земја која е отворена за тоа, особено во регионите во кои НАТО има интерес. Билатералните договори кои се склучуваат помеѓу одредена земја и НАТО, ја офомуваат основата за продлабочување на соработката сè до добивање на полноправно членство во Алијансата. Стапувањето на одредена земја како полноправна членка би било помалку интензивирано во иднина, но, од друга страна, од особена важност за Алијансата ќе биде продлабочувањето на билатералната соработка

[213]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 431.
[214]Cabestan, "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 426.

која веќе постои со земјите во светот. Ова во иднина ќе биде темел за проширување на влијанието на НАТО и придонесот во зачувувањето на регионалниот и светскиот мир.

## 5.5 Ситуацијата со Авганистан

Авганистан сè уште ја нема добиено стабилноста што ја проектираше НАТО од неговото влегување на територијата на Авганистан во 2002 година, па затоа и трае мисијата *Одлучна поддршка*. Присуството на НАТО во централноазискиот регион не е во агендата на Русија, особено со развиените врски кои ги има со државите на Централна Азија и самото по себе може да се квалификува како конфликтен интерес помеѓу Организациите. Досегашната елаборација ги потврди цврстите врски кои ги имаат овие држави со Русија, па би се очекувало дека во иднина не би се сменило ништо, особено значајно, и дека Русија лесно би ги реализирала своите агенди во Централна Азија.

Во случај НАТО да се повлече или да потфрли во неговата мисија во Авганистан, што подразбира создавање на нефункционални државни механизми во Авганистан, тоа ќе биде одлична шанса Талибаните да се вратат на власт и повторно да го разгорат, веќе интензивниот оган на исламизмот во Централна Азија, што нема да донесе ништо добро за регионот. Несомнено, прва земја која би ја преземала иницијативата за решавање на овој проблем би била Русија и ДОКБ. Дури и во моментов политичките авторитети и експертската фела стојат на ставот дека НАТО повеќе нема што да бара во Авганистан и дека најскорото негово повлекување би значело помалку „неред за средување“ во регионот[215].

## 5.6 Централноазиските земји и НАТО

Што се однесува до централноазиските земји и нивниот однос со НАТО, не може да се каже дека состојбата е идентична за сите. Казахстан е препознаен од НАТО како партнерска земја и нема изгледи дека тоа би се сменило во иднина. Поради ова се очекува НАТО да ги задржи и да ги зајакне своите врски и капацитети со Казахстан. Сепак, долгогодишната соработка, формира солидна основа за верба дека Казахстан е најсилниот партнер на НАТО во Централна Азија и дека НАТО премногу има вложено за толку лесно да се откаже од ова. Исто така, сосема логично е дека НАТО ќе се стреми

[215] Baczynska, Gabriela. “Russia Wants Answers on NATO Post-2014 Afghan Mission.” Reuters. Thomson Reuters, October 25, 2012. https://www.reuters.com/article/russia-afghanistan-nato/russia-wants-answers-on-nato-post-2014-afghan-mission-idINDEE89O0DR20121025.

да ја зајакне врската со Казахстан и да ги зголеми своите барања од аспект на декларирање на одбранбени капацитети од страна на војската на Казахстан, а за потребите на мисиите предводени од Алијансата. Конкретен пример ќе биде подигање на капацитетите и готовноста на единиците кои влегуваат во состав на КАЗБРИГ и ставање во употреба на оваа декларирана единица за потребите на НАТО. Од страна на Казахстан, се поставува прашањето колку овој централноазиски гигант ќе успее да продолжи да балансира помеѓу барањата на ДОКБ, НАТО и ШОС. Бројните билатерални договори кои ги воспоставува и со Евроатлантските сили и со азиските, можат да предизвикаат контраефект по политиката на Казахстан, па оваа земја да стане поле на која ќе се скршат копјата на безбедносните барања на Истокот и на Западот. Објаснување за ова тврдење и негово разјаснување до одреден степен нуди авторот Мек-Дермот кој елаборира дека „доколку плановите за асистирање на НАТО влезат во конфикт со безбедносните интереси на земјата во рамките на ДОКБ, неизбежно изборот ќе биде јасно предодреден- против Брисел“[216].

Соработката со Киргистан и Таџикистан во иднина би се сведувала на остварување на партнерските цели според потпишаните програми, а прашање е колкаво би било реалното влијание на состојбата во регионот, кога станува збор за овие две земји. Особено за состојбата на Киргистан, треба да се напомене дека НАТО и САД ја препознаваат макотрпната работа во стабилизирањето на состојбата на вооружените сили на Киргистан, во однос на обуката, нивна модернизација, опремување и интероперабилност со НАТО. Резултатот од таа проценка е дека преземањето на вакви мерки е неперспективно и неисплатливо, со тоа што автоматски се намалува интересот за проширување на нивното влијание во таа држава, освен во делот на исполнувањето на обврските кои ги има Киргистан дефинирани во својата „Индивидуална партнерска координативна програма со НАТО, која вклучува (активности за) безбедност и чување на мирот, противтероризам, гранична безбедност и кризен менаџмент“[217]. Сепак, станува збор за земја која безмалку зависи од Русија, така што Киргистан во иднина би се фокусирал на развојот на своите сили по руските насоки и рамки, а како што покажуваат активностите и политките на Таџикистан и оваа земја нема да биде подалеку од следењето на руската агенда.

[216]McDermott, “Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.”, 100.
[217] Gelfgat, Vitaly. “Matching Military Means to Strategic Ends.”, 9.

Во овој момент евидентно е дека ситуацијата со Русија е исклучително комплексна и особено важно е да се види како ќе се трасира патот на разврска во споровите помеѓу НАТО и Русија, односно излегувањето од ќорсокакот во кој се навлезени. Во фокусот на оваа разврска приоритет би имал INF договорот и тоа поради неколку причини: прво, поради фактот што Русија константно ги игнорира обвиненијата кои беа упатени за поседување и развој на нуклеарно оружје, а со тоа дека ги нарушува членовите од Договорот, иако призна дека поседувањето и развојот на ваков вид оружје е во спротивност со рамките на Договорот; второ, откога меѓународната јавност, особено земјитечленки на НАТО ја изразија поддршката кон САД за обезбедување на вакви информации, дипломатските механизми се раздвижија кон враќањето на Русија кон почитувањето на Договорот, иако не вродија со плод; трето, тензиите околу ова прашање поради инертноста на Русија и нејзиното константно демантирање на опасноста, се случија со објавата на САД дека ќе престане да го почитува овој договор, што се случи на 2 август 2019 година[218]. Овој договор кој го означи почетокот на крајот на Студената војна и кој во годините што следеа послужи како гарант на светската безбедност од доменот на оружје за масовно уништување помеѓу двата соперника САД и Русија, денес е во опасност да биде целосно поништен. Токму поради овие причини, еден од приоритетите ќе биде проактивно решавање на оваа ситуација со употреба на дипломатските механизми и по мирен пат.

Следно прашање кое несомнено ќе биде тема на разговор помеѓу НАТО и Русија е ситуацијата со Украина и Крим. Иако Москва смета дека ова е веќе завршена работа, сепак НАТО сè уште цврсто стои на ставот да се изнајде соодветно решение по мирен пат. Дијалози и конференции во врска со активностите и активните проблеми и жаришта би продолжиле да се одвиваат, но само во ограничена мера и со информативна природа.

[218]Nato. “NATO and the INF Treaty.” NATO. Accessed January 24, 2020. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_166100.htm.

# Заклучок

Текот на ова истражување не само што даде одговор на прашањата за кои станува збор во трудот туку и отвори нови димензии во погледите на ситуацијата во меѓународните односи во Централна Азија и во светот. Комплексноста на материјата што се истражува непрекинато отвора нови прашања. Заклучоци од оваа елаборација можат да се извлечат многу, но оние релевантни на главната хипотеза *„Конфликтните и неконфликтните интереси меѓу спротивставени меѓународни воено-политички организации ја одредуваат судбината на организацијата, но и на системот на меѓународни односи“*, се следните:

Анализата на состојбата на државите во Централна Азија и нивниот однос кон случувањата во регионот доведоа до заклучокот дека внатрешната контрола на безбедносната ситуација е прв предуслов за проширување на аспирациите и политичките визии. Во неколку случаи се докажа дека сè додека не се решат внатрешните (домашните) немири и конфликти, државите не можат да го насочат интересот и амбициите во решавањето на прашања од регионален интерес, односно за декларирање на сили за да придонесат во решавање на надворешни и регионални конфликти. Случаите на Киргистан и Таџикистан докажаа дека поради неуспехот во контролата на состојбата во внатрешноста на земјите, политичките авторитети наоѓаат прибежиште до најочигледното решение – помош и менторство од  Русија, односно ДОКБ.

Речиси сите земји на ДОКБ имале или сè уште имаат соработка со НАТО. Нормално, интензитетот на соработка на секоја земја не е еднаков, а и не може да биде од очигледни причини, но, сепак, се забележува дека НАТО успева да одржи одреден континуитет во воените и во дипломатски односи со земјите на ДОКБ.Соработката со Казахстан и неговото декларирање сили на ниво на баталјон, односно, бригада (КАЗБАТ и КАЗБРИГ) за потребите на НАТО, претставува пример за успешноста на односите на НАТО со оваа централноазиска земја. Исто така, висок е интензитетот на соработка со Ерменија, изразен во формирањето на Евроатлантскиот центар за координација на договор при катастрофи и неговото функционирање што опфаќа и организација на вежби за менаџирање со катастрофи, отворањето на Регионалниот инфоцентар на НАТО во Јереван, активната поддршка во НАТО предводените мисии со силите на декларираниот ермениски баталјон – во мисиите „ИСАФ“ и „Одлучна поддршка“ во Авганистан, како и во „КФОР“ во Косово. Од друга страна пак, мора да се забележи дека

врските со Русија на земјите од Централна Азија се исклучително цврсти, а кога би се земала предвид и историјата на државите, на ова би се додало дека врските со Русија се примарни и приоритетни.

Колку што е битна соработката на НАТО со земјите во Централна Азија, исто толку е битен и контекстот во кој се одвива таа соработка. Во оваа насока се актуелните безбедносни предизвици во Централна Азија - шверц со дрога и оружје, милитантен исламизам, сепаратизам, екстремизам и погранични воени конфликти,  тековното присуство на НАТО во Авганистан, но, исто така, и етничкиот диверзитет и нетрпеливостите на етникумите кои се дел од државите на Централна Азија. Сето ова ги претставува безбедносните променливи кои во иднина ќе послужат како извор на податоци за предвидување на можни ризици и закани по безбедноста, а воедно и за прогнозирање на политичките постапки на: Москва, Пекинг, Брисел или Вашингтон. Сите овие променливи ќе формираат различни призми низ кои ќе биде потребно да се анализираат и да се разберат меѓународните односи во Централна Азија и светот.

Уште еден аспект кој дополнително ја усложнува ситуацијата во Централна Азија е постоењето на Шангајската организација за соработка и обврските кои ги наметнува на нејзините членки. Во исто време оваа организација служи како основа за реализирање на економските агенди на Кина во Централна Азија и за подигнување и одржување на нејзиниот статус во Централна Азија. Досегашната елаборација го потврди ниското ниво на кохезивност во рамките на ШОС, како и недостатокот на волја за отпочнување на одредени иницијативи во рамките на безбедноста. Примерите на инертност за време на немирите во Андижан во 2005 и Киргиската криза во 2010, но и генералната интертност на Кина по ова прашање оставија простор за заклучокот дека Кина и самата ШОС нема активно да се вклучат во решавањето на какви било безбедносни предизвици, особено со оние со кои се соочуваат земјитечленки на Организацијата. На ова би се додало тврдењето на кинескиот државен советник Жао кој тврди дека „Пекинг не може да остане тотално инертен ако домашна криза во земја на ШОС ги загрозува граѓаните на Кина или нејзините економски интереси“[219]што дава дополнителна јасност во врска со намерите на Кина во рамките на ШОС. Не е исклучена можноста Кина да иницира и да организира безбедносни дијалози за состојбата во регионот, но повторно не може да се смета на нејзиното вклучување во нивното проактивно решавање. Во врска со ова, кога

[219]Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?", 431.

би се сублимирало сè, би можело да се каже дека во иднина она што ШОС нема (или не сака) да го направи во безбедносен смисол, ќе го надополни ДОКБ по агенда и насоки на Москва.

Тензичната ситуација настаната поради различните интереси на ШОС и ДОКБ, односно, поради амбициите на Русија и на Кина го ограничува просторот на дејствување и функционирање на едната или на другата организација. Русија имаше амбиции да почне да ги решава безбедносните проблеми во соседството, а воедно и да си обезбеди доволно голем простор што е можно подалеку од нејзините граници, што не можеше во целост да го реши во рамките на ШОС. Сепак, за Кина приоритетно беше одржувањето на културалната и економската компонента пред безбедносната. Патем речено, Русија фактички ја создаде ДОКБ знаејќи дека во ШОС секогаш прво ќе треба да ги дискутира амбициите со Кина, па после, доколку замислите ќе донесат бенефит за Кина, да почне да ги материјализира. Ова повторно докажа дека шаблонот на интересите на Организацијата го трасираше патот на меѓународните односи во регионот и на креирањето на самиот систем на меѓународни односи.

Тоа претставува и тековен предизвик во моментов, во врска со спорните дејности на Русија во однос на прекршување на одредбите на INF договорот. Од интерес на НАТО и светот е да се спуштат тензиите, да се најде соодветно решение и да се врати нивото на почит на Договорот од страна на Русија и од страна на САД. Сега тоа претставува ограничувачкиот фактор кој го трасира функционирањето на дипломатијата во системот на меѓународни односи и претставува едно од клучните прашања (покрај Украина) за решавање во иднина.

Текот на истражувањето во повеќе случаи докажа дека одржувањето на релациите, но многу често и решавањето на одредени дипломатски предизвици, се решава по пат на билатерални договори, склучени по соодветни дијалози. Билатералните договори како што покажува историјата често послужиле и како ограничувачки фактори и како сигурносни гаранти и како променливи кои го диктираат начинот на којшто ќе се води дипломатијата на одредена земја или сојуз по одредено прашање. Коренот на секоја соработка се наоѓа во билатералните договори – така Казахстан и Ерменија ги надградуваат односите со НАТО, поради билатералните договори Таџикистан ѝ дозволи на Русија да ја стационира 201.Пешадиска дивизија на негова територија. Поради билатералните договори со Кина и пристапниот договор на ШОС, најголемиот број централноазиски држави се обврзани да даваат отчет на Кина. Овие и бројни други примери наведуваат на заклучокот дека воспоставувањето и одржувањето на

билатералните договори и придобивките кои ги овозможуваат, се перспективата на самите меѓународни односи. Тие се реалниот обликувачки фактор во креирањето на системот на меѓународни односи, без разлика дали станува збор за соработка помеѓу две земји, одредување нивен заеднички став по одредено прашање, здружување на мислења или сили за решавање на одреден предизвик. За решавањето на проблемите со кои сега се соочуваат НАТО или ДОКБ и за одговорање на безбедносните закани со кои се соочува светот, како краен мирновремен инструмент на дипломатијата, ќе бидат употребени билатералните договори. На крајот, и самиот INF договор не е ништо повеќе од детален билатерален договор помеѓу Русија и САД.

# Користена литература

## Книги


- Baumann, R.F, George Walter Gawrych, and Walter Edward Kretchik. *Armed Peacekeepers in Bosnia*. Fort Leavenworth, KS: Combat Studies Institute Press, 2004.
- Deen, Zobir David, Charissa Deen, Aemal Karukhale, and Peter Kovacs, eds. *HUMAN ASPECTS IN AFGHANISTAN*. Oradea, Romania: NATO HUMINT CENTRE OF ECXELLENCE, 2013.
- Kissinger, Henry. *Diplomacy*. Translated by Mira Gligorijevic and Vera Gligorijevic. Belgrade: ENERGIJA KNJIGE, 1999.
- *Know Your NATO: Shield of Freedom* 1949-1959. Paris, France: Public Diplomacy Division, 1959.
- Mégret Frédéric, *NATO Means Peace* (France: North Atlantic Treaty Organization, 1957).


## Научни списанија


- "Chapter Five: Russia and Eurasia," The Military Balance 113, no. 1 (February 2013): 199-244.
- Abdrakhmanov, Askar, and Shaymergenov, Timur. "NATO in the Contemporary World and Its Relations with Kazakhstan (According to an Expert Opinion Poll)." *Central Asia And The Caucasus Journal of Social and Political Studies*, (2008): 43-54.
- Arifhanov, Shavkat . "Centralinaya Azia: Nastoiaeshee i Budushee" (Central Asia: Present andFuture) (Tashkent: Extremum Press, 2010).
- Blank, Stephen. "Making Sense of the Shanghai Cooperation Organization." Georgetown Journal of International Affairs 14, no. 2 (2013): 39-49. www.jstor.org/stable/43134410.
- Cabestan, Jean-Pierre. "The Shanghai Cooperation Organization, Central Asia, and the Great Powers, an Introduction: One Bed, Different Dreams?" Asian Survey 53, no. 3 (2013): 423-35. doi:10.1525/as.2013.53.3.423.
- Evsikov, Egor, and Leonid Shafir. "Joint Security Cooperation or Regional Disintegration? Why the West Should Engage Russia in Central Asia." Connections 10, no. 3 (2011): 37-58. Accessed January 10, 2020. www.jstor.org/stable/26326243.
- Gelfgat, Vitaly. "Matching Military Means to Strategic Ends." Connections, 2014.

- KOCAMAZ, Sinem ÜNALDILAR. "The Rise of New Powers in World Politics: Russia, China and the Shanghai Cooperation Organization." Uluslararası İlişkiler / International Relations 16, no. 61 (2019): 127-41. Accessed January 10, 2020. www.jstor.org/stable/26621220.
- McDermott, Roger N. “Vigilant Eagle: Kazakhstan's Assistance to ISAF in Afghanistan.” Connections, 2011,
- Nicol, Jim. “Central Asia’s Security: Issues and Implications for US Interests.” *Congressional Research Service*, March 11, 2010.

**Веб-страници**

- “Allied Maritime Command - Operation OCEAN SHIELD.” SHAPE. Accessed January 14, 2020. https://mc.nato.int/missions/operation-ocean-shield.
- “Armenian Change of Command.” KFOR - Armenian Change of Command. Accessed January 9, 2020. https://jfcnaples.nato.int/kfor/media-center/archive/news/2019/armenian-change-of-command.
- “ARMENIA'S PARTNERSHIP RELATIONS WITH THE NORTH ATLANTIC TREATY ORGANISATION.” Ministry of Foreign Affairs of the Republic of Armenia. Accessed January 8, 2020. https://www.mfa.am/en/international-organisations/3.
- “Berlin Blockade.” PBS. Public Broadcasting Service. Accessed October 8, 2019. https://www.pbs.org/wgbh/americanexperience/features/bomb-blockade/.
- “Czech Republic Slovakia: Velvet Revolution at 25.” BBC News. BBC, November 17, 2014. https://www.bbc.com/news/world-europe-30059011.
- “Fall of Communism in Eastern Europe, 1989.” U.S. Department of State. U.S. Department of State. Accessed October 24, 2019. https://history.state.gov/milestones/1989-1992/fall-of-communism.
- “Jimmy Carter.” The Carter Center. Accessed December 1, 2019. https://www.cartercenter.org/about/experts/jimmy_carter.html.
- “Moscow Seeks to Cooperate with Afghanistan in Security.” TASS. Accessed January 14, 2020. https://tass.com/politics/929372.
- “NATO Update: Russian Troops Leave KFOR - 2 July 2003.” NATO Index. Accessed January 14, 2020. https://www.nato.int/docu/update/2003/07-july/e0702a.htm.
- “NATO-Armenia Relations.” Information centre on NATO in Armenia. Accessed January 8, 2020. http://www.natoinfo.am/en/armenia-nato-relations/.

- “OPERATION ACTIVE ENDEAVOUR.” SHAPE. Accessed January 14, 2020. https://shape.nato.int/missionarchive/operation-active-endeavour.
- “Security Council, Adopting Resolution 2189 (2014), Welcomes NATO-Afghan Government Agreement to Establish Post-2014 Non-Combat Mission | Meetings Coverage and Press Releases.” United Nations. United Nations, December 12, 2014. https://www.un.org/press/en/2014/sc11697.doc.htm.
- “The Collapse of the Soviet Union.” U.S. Department of State. U.S. Department of State. Accessed October 24, 2019. https://history.state.gov/milestones/1989-1992/collapse-soviet-union.
- “The INF Treaty – NATO’s Position.” *Factsheet*, June 2019. https://www.nato.int/nato_static_fl2014/assets/pdf/pdf_2019_06/20190617_190617-factsheet-INF-Treaty_en.pdf.
- “Uzbekistan: The Andijon Uprising.” Crisis Group, September 21, 2016. https://www.crisisgroup.org/europe-central-asia/central-asia/uzbekistan/uzbekistan-andijon-uprising.
- “West Germany Joins NATO.” History.com. A&E Television Networks, November 13, 2009. https://www.history.com/this-day-in-history/west-germany-joins-nato.
- Abizaid, Dana. “Uzbekistan's Forgotten Uprising.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, March 23, 2011. https://www.rferl.org/a/commentary_uzbekistan_uprising/2346431.html.
- Baczynska, Gabriela. “Russia Wants Answers on NATO Post-2014 Afghan Mission.” Reuters. Thomson Reuters, October 25, 2012. https://www.reuters.com/article/russia-afghanistan-nato/russia-wants-answers-on-nato-post-2014-afghan-mission-idINDEE89O0DR20121025.
- Bergen, Peter L. “September 11 Attacks.” Encyclopædia Britannica. Encyclopædia Britannica, inc., November 26, 2019. https://www.britannica.com/event/September-11-attacks
- Blocker, Joel. “Europe: How The Marshall Plan Took Western Europe From Ruins To Union.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, April 9, 2008. https://www.rferl.org/a/1084818.html.
- Bohdan, Siarhei. “Belarus's Balancing between NATO and Russia: Squaring the Circle?” BelarusDigest. Accessed January 8, 2020.

https://belarusdigest.com/story/belaruss-balancing-between-nato-and-russia-squaring-the-circle/.

- Bohdan, Siarhei. “Strengthening Territorial Defence, New Military Priorities, NATO Dialogue – Belarus Security Digest.” BelarusDigest. Accessed January 8, 2020. https://belarusdigest.com/story/strengthening-territorial-defence-new-military-priorities-nato-dialogue-belarus-security-digest/.
- Britannica, The Editors of Encyclopaedia. “Western European Union.” Encyclopædia Britannica. Encyclopædia Britannica, inc. Accessed October 17, 2019. https://www.britannica.com/topic/Western-European-Union.
- Chapple, Ammos. “Romania's Revolution, Then And Now.” Radio Free Europe / Radio Liberty, December 18, 2018. https://www.rferl.org/a/romania-revolution-then-and-now/29660285.html.
- Cheresheva, Mariya. “Bulgaria Marks 28 Years Since Fall of Communism.” Balkan Insight, May 18, 2018. https://balkaninsight.com/2017/11/10/bulgaria-marks-28-years-since-the-collapse-of-the-communist-regime-11-08-2017/.
- Encyclopaedia Britannica, “Potsdam Conference.” Encyclopædia Britannica. Encyclopædia Britannica, inc. Accessed September 30, 2019. https://www.britannica.com/event/Potsdam-Conference.
- Harding, Luke. “Kyrgyzstan Erupts into Ethnic War.” The Guardian. Guardian News and Media, June 13, 2010. https://www.theguardian.com/world/2010/jun/13/kyrgyzstan-erupts-into-ethnic-war.
- History.com Editors, “NATO,” History.com (A&E Television Networks, April 14, 2010), https://www.history.com/topics/cold-war/formation-of-nato-and-warsaw-pact.
- History.com Editors. “Berlin Blockade.” History.com. A&E Television Networks, June 1, 2010. https://www.history.com/topics/cold-war/berlin-blockade.
- History.com Editors. “Détente.” History.com. A&E Television Networks, October 27, 2009. https://www.history.com/topics/cold-war/detente.
- History.com Editors. “Yalta Conference.” History.com. A&E Television Networks, October 29, 2009. https://www.history.com/topics/world-war-ii/yalta-conference.
- Isachenkov, Vladimir. “AP Interview: Envoy Says Russia's Clout in Afghanistan Rises.” AP NEWS. Associated Press, February 14, 2019. https://apnews.com/dc6a8ad27d8d43cab018b1ad701ecd50.

- Johnson, Dave. “VOSTOK 2018: Ten Years of Russian Strategic Exercises and Warfare Preparation.” NATO Review. Nato Review, December 20, 2018. https://www.nato.int/docu/review/articles/2018/12/20/vostok-2018-ten-years-of-russian-strategic-exercises-and-warfare-preparation/index.html.
- Johnson, Dave. “ZAPAD 2017 and Euro-Atlantic Security.” NATO Review. Nato Review, December 14, 2017. https://www.nato.int/docu/review/articles/2017/12/14/zapad-2017-and-euro-atlantic-security/index.html.
- LRT.lt. “Belarus and NATO in Talks on Joint Military Drills.” Lietuvos Nacionalinis Radijas ir Televizija. lrt.lt, January 6, 2020. https://www.lrt.lt/en/news-in-english/19/1130759/belarus-and-nato-in-talks-on-joint-military-drills.
- Mirovalev, Mansur. “Uzbekistan: 10 Years after the Andijan Massacre.” War & Conflict | Al Jazeera. Al Jazeera, May 12, 2015. https://www.aljazeera.com/indepth/features/2015/05/150511123115026.html.
- Nato. “1979: The Soviet Union Deploys Its SS20 Missiles and NATO Responds.” NATO, January 9, 2013. https://www.nato.int/cps/en/natohq/opinions_139274.htm?selectedLocale=en.
- Nato. “A Short History of NATO.” NATO. Accessed December 1, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_139339.htm.
- Nato. “German Reunification.” NATO. Accessed October 24, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_136311.htm.
- Nato. “German Reunification.” NATO. Accessed October 24, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/declassified_136311.htm.
- Nato. “Kyrgyz Officers Graduate from NATO-Supported Courses.” NATO, February 11, 2015. https://www.nato.int/cps/en/natohq/news_132113.htm?selectedLocale=en.
- Nato. “NATO and Afghanistan.” NATO, October 29, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_8189.htm.
- Nato. “NATO and the INF Treaty.” NATO. Accessed January 24, 2020. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_166100.htm.
- Nato. “North Atlantic Cooperation Council (NACC) (Archived).” NATO, May 29, 1997.https://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_69344.htm.
- Nato. “Relations with Armenia.” NATO, October 31, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_48893.htm.

- Nato. “Relations with Belarus.” NATO, October 17, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49119.htm.
- Nato. “Relations with Kazakhstan.” NATO, January 16, 2017. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49598.htm.
- Nato. “Relations with Russia.” NATO, November 26, 2019. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_50090.htm.
- Nato. “Relations with the Kyrgyz Republic.” NATO, January 16, 2017. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_49607.htm.
- Nato. “Strategic Concepts.” NATO, July 11, 2018. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_56626.htm.
- Omelicheva, Mariya. “The United States and Uzbekistan: Military-to-Military Relations in a New Era of Strategic Partnership.” PonarsEuarasia - Policy Memos, 7 Aug. 2019, http://www.ponarseurasia.org/memo/united-states-and-uzbekistan-military-to-military-relations.
- Porter-Szűcs, Brian, Nicolè M. Ford, Petr Pospíchal, and Carolin Heilig. “30 Years of Post-Communism in Poland: What Should Be Remembered?” The Globe Post, June 12, 2019. https://theglobepost.com/2019/06/12/poland-communism-1989/.
- Rfe/rl. “Russia Extends Right To Tajik Base.” RadioFreeEurope/RadioLiberty. Radio Free Europe / Radio Liberty, October 5, 2012. https://www.rferl.org/a/russia-signs-deal-troop-presence-tajikistan-military-base/24730251.html.
- The Editors of Encyclopaedia Britannica, “Potsdam Conference,” Encyclopædia Britannica (Encyclopædia Britannica, inc.), accessed September 30, 2019, https://www.britannica.com/event/Potsdam-Conference.
- The Editors of Encyclopaedia Britannica. “Soviet Invasion of Afghanistan.” Encyclopædia Britannica. Encyclopædia Britannica, inc., August 20, 2019. https://www.britannica.com/event/Soviet-invasion-of-Afghanistan.
- U.S. Mission Kazakhstan | 24 September, 2014 | Topics: News. “Opening of the International Peacekeeping Exercise ‘Steppe Eagle- 2014.’” U.S. Embassy &Consulate in Kazakhstan, January 29, 2016. https://kz.usembassy.gov/opening-of-the-international-peacekeeping-exercise-steppe-eagle-2014/.


**Видеа**


- AP Archive. "Recorded Message from Osama bin Laden", YouTube video,2:17, "AP Archive", 21 Jul 2015, https://www.youtube.com/watch?v=IHInbQcyg2Y

- NATO News."NATO Secretary General following the meeting of the NATO-Russia Council, 05 JUL 2019" YouTube video, 15:16. July 5,2019. https://www.youtube.com/watch?v=qmeML6_heCw&feature=emb_title